# СЛУЖБЕ Н  Г Л А С Н И К

## НА

## ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА


| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Крива Паланка**<br>**Издавач : Општина Крива Паланка**<br>**Излегува по потреба** | **Број 14**<br><br>**09.12.2022** | **Гласникот е бесплатен** |

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ " бр. 5 / 2002 ) , а во врска со член 33 од Законот за Буџетите ( ,,Сл.весник на РМ" бр . 64 / 05 ; 04 / 08 ; 103 / 08 ; 156 / 09 ; 95 / 10 ; 180 / 11 ; 171 / 12 ;192/15 и 167/16 и ( „ Службен весник на РСМ“ бр.151/21) и член 14 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Крива Паланка ( „Службен гласник на Општина Крива Паланка “ бр. 08 / 10 ; 08 / 14 , 02 / 18 ; 03/19 и 08/21) , Советот на Општина Крива Паланка на 17 - **та седница , одржана на ден 07.12.2022 година , донесе :**

# О Д Л У К А

## за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина КРИВА ПАЛАНКА за 2022 година

### Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина КРИВА ПАЛАНКА за 2022 година на следниот начин :

| Потпрограма<br>Потставка | **БУЏЕТ** | **САМОФИН.** | **ДОТАЦИИ** | **ДОНАЦИИ** | **КРЕДИТИ** |
|---|---|---|---|---|---|
| **W00 ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА** | | | | | |
| 401130 – Основни плати – други вработени | 0 | 0 | - 15.000 | 0 | 0 |
| 401310 – Персонален данок на доход од плата | 0 | 0 | - 20.000 | 0 | 0 |
| 402110 – Основни продонеси за ПИО | 0 | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 402120 – Придонес за бенифициран стаж | 0 | 0 | 3.000 | 0 | 0 |
| 402210 – Основни придонеси за здравство | 0 | 0 | 12.000 | 0 | 0 |
| **N10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 401130 – Основни плати – други вработени | 0 | 0 | 70.000 | 0 | 0 |
| 402220 – Основни придонеси за професионално заболување | 0 | 0 | - 70.000 | 0 | 0 |
| **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | |

### Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето ,а истата ќе се објави во „ Службен гласник на Општина Крива Паланка “ и станува составен дел на Буџетот за 2022 година .

**Бр. 09 – 4665/3**
**07 .12.2022 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Крива Паланка**

1.Се објавува Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Крива Паланка ,што Советот ја донесе на 17-та седница, одржана на ден 07.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –4665 /4**
**09.12.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка (15) од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 14 став 1 точка (40) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/10,08/2014,02/18, 03/19 и 08/21), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 07.12.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**За субвенционирање на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности „Калин Камен“ Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Крива Паланка одобрува субвенционирање на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности „Калин Камен“ Општина Крива Паланка, согласно усвоената програма за работа на ЈП „Калин Камен“ за 2022 година.

**Член 2**

Средствата за оваа намена се обезбедени во Буџетот на Општина Крива Паланка за 2022 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-4665/5**
**07.12.2022 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за објавување Одлука за субвенционирање на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности ,,Калин Камин,, Општина Крива Паланка**

1.Се објавува Одлука за субвенционирање на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности ,,Калин Камин,,Општина Крива Паланка ,што Советот ја донесе на 17-та седница, одржана на ден 07.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –4665 /6**
**09.12.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 14, став 1, точка 27 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 8/10,08/14 02/18 ,03/19 и 08/2021 ), Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 07.12.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За усвојување на Програма за работа на ЛУ „Градски музеј „ Крива Паланка за 2023 година**

**Член1**

Со оваа Одлука се усвојува Програма за работа на ЛУ „Градски музеј „ Крива Паланка за 2023 година**.**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09– 4665/7**
**07.12.2022 год.**
**Крива Палнака**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за работа на ЛУ „Градски музеј „ Крива Паланка за 2023 година**

1.Се објавува Програма за работа на ЛУ „Градски музеј „ Крива Паланка за 2023година,што Советот ја донесе на 17-та седница, одржана на ден 07.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –4665 /8**
**09.12.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 14, став 1, точка 11 од Статутот на Општина Крива Паланка , (Службен гласник на Општина Крива Палнка бр.8/2010, 8/2014 02/2018, 03/2019, 08/2021), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден година донесе

# ПРОГРАМА

## За активности на Општина Крива Паланка во областа на образование за 2023 година

Образованието е еден од клучните елементи од кои зависат квалитетот на социјалниот и економскиот живот во општеството.Образованието претставува дејност од јавен интерес кое фокусирано на индивидуално ниво дава можност за стекнување знаења, вештини, пристап за критичко размислување како и правење избор во насока на подобрување на квалитетот на животот на луѓето од било која возраст и пол (деца, млади и возрасни). На општествено ниво пак, дава можност за севкупен развој на заедницата.

Од тука смислата на децентрализацијата во образованието е да се подобри непосредниот пристап и да се унапреди квалитетот на стандардите во спроведување на образованието, со што се овозможува зголемено учество во процесот на донесување на одлуки и во процесот на управување со училиштата како и ефикасна контрола врз воспитно-образовниот процес и квалитетот на наставата, а се разбира и преземање одговорност за негово финансирање.

## ЦЕЛИ

Основни цели на оваа програма се:

-Обезбедување активен однос на Советот на Општина Крива Паланка кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните (мажите и жените, момчињата и девојчињата) од областа на образованието,

-Изнаоѓање форми за ефикасно и економично одвивање на образовниот процес,

-Планирање на развојот на образованието,

-Подобрување на условите за обавување на образовниот процес,

-Стимулирање на учениците и ученичките за унапредување на нивните знаења

АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Крива Паланка во областа на образованието во 2023 година ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

- Подигање на образовното ниво на младите и возрасните кои се надвор од образовниот систем и зајакнување на нивните стручни и социјални компетенции.

-Елиминирање на можноста од создавање на нови генерации на лица кои се исклучени од образовниот процес.

-Овозможување на едукација, стручно усовршување и мотивација на наставниот кадар.

-Вклучување на родителите и учениците во подготовка на план за управување и активизам во образованието.

-Зголемување на делот на општинскиот буџет наменет за развојни активности во образованието.

-Создавање услови за поефикасно и поекономично одвивање на економскиот процес со реализирање на наредните фази на образование.

-Создавање на услови и креирање на постапки и процедури за субвенционирање на различни категории на семејства со единствена цел помош и поддршка за еднаков пристап и можности на сите ученички и ученици до образовниот процес.

-Создавање услови и креирање на постапки и процедури за стимулирање и субвенционирање на талентирани ученички и ученици со цел нивно натамошно унапредување и усовршување во образовниот процес.

ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на образованието утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средства во Буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година, Министерство за образование и наука, сопствени приходи на училиштата и од донации.

При реализирање на Програмата, Советот на Општина Крива Паланка ќе ги поддржи институциите и здруженијата на граѓани кои ќе реализираат проекти од областа на образованието финансирани од други инвеститори-заинтересирани партнери, фондации, бизнис сектор и др.

**АКЦИСКИ ПЛАН**

**Оперативна, родово сензитивна буџетска програма за ОБРАЗОВАНИЕ за 2023 година**

**на Општина Крива Паланка**

| **Буџетска програма и конто** | **1** | **ЦЕЛ:**<br>-Стимулирање на учениците и ученичките за унапредување на нивните знаења | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати / индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет мкд** |
| **464120 АО** | 1.1 Стипендии за талентирани ученици/чки и студенти/тки | Донесување на Одлука за стипендирање<br>Донесување на Правилник за стипендирање<br>Објавување на Конкурс за стипендирање<br>Склучување на договори | септември | Стимулирање на талентирани ученици/чки, студенти/тки<br>Унапредување и усовршување на знаењата на учениците/чките, студентите/тките | Општина Крива Паланка | **495.000** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Број на доделени стипендии разделени според пол. | | |
| **464410** | 1.2 Поддршка на талентирани ученици/чки за учество на државни и меѓународни натпревари | Обезбедување на подршка на ученици/чки за учество на натпревари | По потреба | Стимулирање на талентирани ученици/чки,<br><br>Број на ученички и ученици кои учествувале на државни и меѓународни натпревари за 2023г. | Општина Крива Паланка | **30.000** |
| | **2** | **ЦЕЛ:**<br><br>-Создавање на услови и креирање на постапки и процедури за субвенционирање на различни категории на семејства со единствена цел помош и подршка за еднаков пристап и можности на сите ученици/чки, студенти/тки во образовниот процес | | | | |
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати / индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет мкд** |
| **421440**<br><br>**Г1** | Субвенциониран превоз на студенти /тки | Донесување Одлука за субвенционирање<br><br>Донесување на Правилник за субвенционирање<br><br>Објавување на Конкурс за субвенционирање | **октомври** | Помош и подршка за студентите/тките<br><br>- Број на субвенционирани ученици за превоз разделен по пол | Општина Крива Паланка | **70.000** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **471250 ЕО** | Еднократна парична помош на семејства со прваче | Донесување на Одлука за парична помош<br>Поднесување барање<br>Донесување на решение | **септември** | Помош и поддршка на сите семејства на деца со првачиња<br>- Број на поднесени барање за помош на прваче разделен по пол<br>- Број на донесени решенија за еднократна парична помош за прваче разделен по пол на ученикот/ученичката | Општина Крива Паланка | **450.000** |
| **464990 Г1** | Еднократна парична помош за матуранти/тки запишани во СОУ Ѓорче Петров Крива Паланка | Донесување на Одлука за парична помош<br>Поднесување барање<br>Донесување на решение | **мај** | Помош и поддршка за сите матуранти<br>- Број на поднесени барање за помош за матуранти разделен по пол<br>- Број на донесени решенија за еднократна парична помош за матуранти разделен по пол на ученикот/чката | Општина Крива Паланка | **396.000** |
| | **3** | **ЦЕЛ:** | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | -Овозможување на едукација, стручно усовршување и мотивација на наставниот кадар | | | | |
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати / индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет мкд** |
| | Избор на најуспешен просветен работник/чка | Донесување Одлука<br>Донесување Правилник<br>Објавување на Конкурс | **мај** | Мотив на наставниот кадар<br>Пол на избраниот кандидат/ка за најуспешен просветен работник/чка за 2023г. | Општина Крива Паланка | **30.000** |
| | **4** | **ЦЕЛ:**<br>-Зголемување на делот на општинскиот буџет наменет за развојни активности во образованието | | | | |
| **464990 Г1** | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати / индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет мкд** |
| | Учество на општината во партнерски проекти | Развојни активности во образованието | **тековно** | Подобри услови за едукација размена на искуства, стручно усовршување, мотивација, креирање на процедури, еднаков пристап и еднакви можности за сите | | **50.000** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Број на партнерски проекти кои имаат родова компонента во кои учествува општината за 2023г. | | |
| | **5** | **ЦЕЛ:** -Социјален дијалог и образование фокусирано на севкупен развој на заедницата | | | | |
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати /индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет мкд** |
| **426990** | Манифестации организирани од основните и средните училишта по разни поводи | Вклучување на родители и ученици/чки во разни манифестации | **тековно** | Број на вклучени ученици/чки во манифестации разделени по пол | | **10.000** |
| **421440 Г1** | Организирана посета на културно-историски настани во градот | Вклучување на родители и ученици/чки во разни манифестации | **тековно** | Број на вклучени ученици/чки во настани поврзани со културата и историјата на градот разделени по пол | | **10.000** |
| | **6** | **ЦЕЛ:** | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | -Создавање услови за поефикасно и поекономично одвивање на економскиот процес со реализирање на наредните фази на образование. | | | | | |
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати /индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет мкд** |
| **425250 Г1** | Осигурување за одговорност од предизвикана штета на училишни објекти | Обезбедување, стручна, техничка и друг вид поддршка | тековно | Обезбедено осигурување за одговорност од предизвикана штета на училишни објекти со што се зголемува безбедноста на учениците и ученичките во улиштата (број на ученички/ученици запишани во обезбедените училишта) | Општина Крива Паланка | **60.000** |
| | Обезбедување на училишни објекти | Обезбедување, стручна, техничка и друг вид поддршка | јануари | Обезбедени училишни објекти со што се зголемува безбедноста на учениците и ученичките во улиштата (број на ученички/ученици запишани во обезбедените училишта) | Општина Крива Паланка | **600.000** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Блок дотација за основно образование | Одлука за распределба на средства за основните училишта | Тековно<br><br>2023 година | Број на ученици разделен по пол во основните училишта на општина Крива Паланка | Министерство за образование и наука | **146 242 000** |
| | Блок дотација за средно образование | Одлука за распределба на средства за средното училиште | Тековно 2023 година | Број на ученици разделен по пол во средните училишта на општина Крива Паланка | Министерство за образование и нука | **55 000 000** |
| | **Непредвидени трошоци** | | Тековно 2023 година | | **Општина Крива Паланка** | **10.000** |

ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности со кои ќе се помага образованието се:

-обезбедување стручна, техничка и друг вид поддршка со кадри и опрема со која располага општината,

-создавање услови за воведување нови образовни профили во образовниот процес,

-зголемување на можностите за професионална ориентација,

-истражувања поврзани со пороците на денешнината (дрога, алкохол и сл) и застапеноста меѓу учениците/-чките

-анализа на податоците на ученици/-чките кои завршиле основно образование за задолжителноста за упис во средно образование.

Програмата стапува на сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во Службен гласник на Општина Крива Паланка, а ќе се применува од 01.01.2023 година

**Бр.09-4665/9**
**07.12.2022 г.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за активности на Општина Крива Паланка во областа на образование за 2023 година**

1.Се објавува Програма за активности на Општина Крива Паланка во областа на образование за 2023 година,што Советот ја донесе на 17-та седница, одржана на ден 07.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –4665 /10**
**09.12.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) ,член 374 став 3 од Закон за безбедност на собраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија” бр. 169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 302/20 и 122/21) и член14, став1,т.40 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/2010, 08/14, 02/18 , 03/2019 и 08/21 ), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 07.12.2022 година, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**

**За усвојување на Програмата за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2023 година**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Крива Паланка ја усвојува Програмата за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2023 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09- 4665/11** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**07.12.2022 год.** **Претседател,**

**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за усвојување на Програмата за работа на Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2023 година**

1.Се објавува Одлука за усвојување на Програмата за работа на Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2023 година,што Советот ја донесе на 17-та седница, одржана на ден 07.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –4665 /12**
**09.12.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02), член 26, став (4) од Закон за основно образование (Службен весник на РСМ бр. 161/19 и 229/20), и член 14 став (1) точка (40) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка” бр. 08/2010, 8/2014, 2/2018, 3/2019 и 8/2021), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 07.12.2022 година, донесе

**Позитивно мислење на Статутарната одлука и Одлуката за усвојување на статутарната одлука на ООУ „ЈОАКИМ КРЧОВСКИ“ - Крива Паланка**

Се дава Позитивно мислење на Статутарната одлука за изменување на статутот на ООУ „ЈОАКИМ КРЧОВСКИ“ - Крива Паланка со бр.02-664/6 од 21.11.2022 година и Одлуката за усвојување на статутарна одлука за изменување на статутот на ООУ „ЈОАКИМ КРЧОВСКИ“ - Крива Паланка со бр.02-664/7 од 21.11.2022 година, донесени од Училишниот одбор на ООУ „ЈОАКИМ КРЧОВСКИ“ - Крива Паланка.

**Број 09- 4665/13**
**07.12.2022 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с,р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Позитивно мислење на Статутарната одлука и Одлуката за усвојување на статутарната одлука на ООУ „ЈОАКИМ КРЧОВСКИ“ - Крива Паланка**

1.Се објавува Позитивно мислење на Статутарната одлука и Одлуката за усвојување на статутарната одлука на ООУ „ЈОАКИМ КРЧОВСКИ“ - Крива Паланка ,што Советот ја донесе на 17-та седница, одржана на ден 07.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –4665 /14**
**09.12.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“бр.5/02) и член 14, став1, точка 11 од Статутот на Општина Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Кр.Паланка бр.08/2010, 08/14, 02/18 , 03/2019 и 08/21 ), Советот на Општина Крива Паланка на седница одржана на 07.12. 2022 година, донесе

## Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на развојот на информатичко- комуникациската технологија за 2023 година

### I. Развојни приоритети и цели

Програмата за развој на ИКТ е креирана во согласност со националните ИКТ стратегии,Стратегијата за локален развој на Општина Крива Паланка 2015-2020иРодово одговорна стратегија за одржлив развој на Општина Крива Паланка 2022-2027 и претставува продолжување на политиката на Општината во делот на ИКТ од претходните години, односно надградба и усовршување на досегашните постигнувања во насока на ефикасна, лесно достапна и транспарентна општина со висок квалитет на услуги за граѓаните, граѓанките и бизнисите.

Целта на програмата е да се овозможи ефикасно и транспарентно работењето на администрацијата, да се подобри квалитетот и достапноста на услугите, а вооедно да се намалат трошоците со оптимално користење на информатичките и комуникациските технологии.

### II. Проектни активности

Проектните активности се во согласност со законските норми и прописи, националните ИКТ стратегии и Стратегијата за локален развој на Општина Крива Паланка 2015-2020.

#### 1. Географски информативен систем (ГИС)

Општина Крива Паланкасогласно стратешката определба имплементита решение за Географски информациски систем (ГИС), кој е матица на сите информации што ги поседува општината, кои во себе содржат географска компонента.Тековно е планирано апликацијата да се унапреди со дополнителни модули согласно потребите на Општината и граѓанитеи граѓанките, како и согласно потребите на ЈП Комуналец, ТППЕ Крива Паланка, ЛУ Градски музеј и останатите локални субјекти во насока на дигитализација, достапност, анализа и соодветно планирање.

#### 2. Подобрувањенаинформатичко –комуникацискатаинфраструктура

Општина Крива Паланка ги следи сите новини и измени во делот на примената на ИКТ во работењето на општинската администрација. Во наредниот период се планира набавка на нов хардверсогласно потребите на Општината и замена на

постојниот кој е стар и дотраен. Согласно потребите ќе се изврши надоградба и набавка на нови апликативни решенија за непречено одвивање на административните процеси во Општинатаи испорака на квалитетни услуги за граѓаните.

**3. Одржување на апликации и хостирање**

Општина Крива Паланка во работењето користи апликации од трети лица како и услуги за хостирање за чии непречено функционирање е предвидено тековно одржување во 2023 година.

4. **Тековно одржување и надградба на хардвер, софтвер и мрежнаинфраструктура**

Општина Крива Паланка располага со сервери, десктоп компјутери, преносни компјутери, мултифункциски уреди, принтери и мрежна инфраструктура за кои е предвидено тековно одржување за овозможување на непречено функционирање на службите чие работење е поврзано со користење на ИКТ.

# АКЦИСКИ ПЛАН

| 1 | Географски онформативен систем (ГИС) – Програма ЕО | | | |
|---|---|---|---|---|
| **АКТИВНОСТИ** | **ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД** | **РЕЗУЛТАТИ** | **НОСИТЕЛ НА АКТИВНОСТА** | **БУЏЕТ МКД** |
| 1.1 Изнајмување на ГИС инфраструктура и интегрирање во работните процеси | Континуирано 2023 | -Дигитализација во работата и услугите<br>- Дигитални податоци разделени по пол секаде каде е возможно | Одделение за јавни дејности, економски развој и ит | 1.500.000 |
| 2 | **Подобрување на информатичко-комуникациската инфраструктура** | | | |
| **АКТИВНОСТИ** | **ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД** | **РЕЗУЛТАТИ** | **НОСИТЕЛ НА АКТИВНОСТА** | **БУЏЕТ МКД** |
| 2.1 Нбавка/изнајмување на хардвер, софтвер и лиценци | Континуирано 2023 | -Модернизирање на хардверската и софтверската инфраструктура<br>-Испорака на квалитетни услуги за граѓаните и граѓанките | Одделение за јавни дејности, економски развој и ит | 1.000.000 |
| 3 | **Одржување на апликации и хостирање** | | | |
| **АКТИВНОСТИ** | **ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД** | **РЕЗУЛТАТИ** | **НОСИТЕЛ НА АКТИВНОСТА** | **БУЏЕТ МКД** |
| 3.1 Одржување на апликации од трети лица, хостирање, домен (marnet / edusoft / aspect / mbs…) | Континуирано 2023 | -Непречено одвивање на административните процеси во Општината | Одделение за јавни дејности, економски развој и ит | 750.000 |

| 4 | **Тековно одржување и надградба на хардвер и софтвер и мрежна инфраструктура** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **АКТИВНОСТИ** | **ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД** | **РЕЗУЛТАТИ** | **НОСИТЕЛ НА АКТИВНОСТА** | **БУЏЕТ МКД** |
| 4.1 Тековно одржување и надградба на хардвер, софтвер и мрежна инфраструктура | Континуирано 2023 | -Непречено функционирање на службите чие работење е поврзано со користење на ИКТ | Одделение за јавни дејности, економски развој и ит | 800.000 |
| | | | **ВКУПЕН БУЏЕТ** | **4.050.000** |

Програмата стапува на сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во Службен гласник на Општина Крива Паланка, а ќе се применува од 01.01.2023 година

**Бр.09-4665/15** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**07.12.2022 г.** **Петседател**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за активности на Општина Крива Паланка во областа на развојот на информатичка технологија за 2023 година**

1.Се објавува Програма за активности на Општина Крива Паланка во областа на развојот на информатичка технологија за 2023 година,што Советот ја донесе на 17-та седница, одржана на ден 07.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –4665 /16**
**09.12.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 14 став 1 точка 11 и 40 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 8/14, 2/18, 3/19 и 8/21), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 07.12.2022 година донесе

# ПРАВИЛНИК

## ЗА УСЛОВИТЕ, КРИТЕРИУМИТЕ И ПРАВИЛАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИИ ЗА УЧЕНИЦИ-СПОРТИСТИ ВО ИНДИВИДУАЛНИ СПОРТОВИ И УЧЕНИЦИ-СПОРТИСТИ ВО ЕКИПНИ СПОРТОВИ КОИ УЧАТ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ОД РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се одредуваат условите, критериумите и правилата за доделување на стипендии за ученици-спортисти во индивидуални спортови и ученици-спортисти во екипни спортови кои учат во основните училишта на подрачјето на Општина Крива Паланкаи средните училишта од Република Северна Македонија, како и правата и обврските на примателите на стипендии (стипендистите).

Со правилникот за условите, критериумите и правилата за доделување на стипендии за спортисти (во понатамошниот текст: Правилник) се уредуваат видот и бројот на стипендии што ги доделува Општина Крива Паланка, начинот на објавувањето на јавниот конкурс за доделување стипендии, начинот на пријавување на кандидатите за стипендии, условите за добивање на стипендии и други прашања поврзани со доделувањето на стипендии.

### Член 2

За доделување на сите видови стипендии за ученици-спортисти одлучува Комисија за спроведување на постапката за доделување на стипендии формирана со Решение донесено од страна на Градоначалникот на Општина Крива Паланка (во понатамошниот текст: Комисија).

Стипендиите за ученици-спортисти во индивидуални спортови и ученици-спортисти во екипни спортови кои учат во основните училишта на подрачјето на Општина Крива Паланкаи средните училишта од Република Северна Македонија се доделуваат за поединечна учебна година, а врз основа на објавен јавен конкурс.

Доделувањето на сите видови на стипендии за ученици-спортисти е исклучиво право на Општината, кое зависи од финансиските можности на Општината.

Стипендиите можат да бидат само целосни.

**ВИДОВИ И БРОЈ НА СТИПЕНДИИ**

**Член 3**

Општина Крива Паланка доделува два вида на стипендии за ученици-спортистии една посебна награда и тоа:

- четири стипендии на талентирани ученици-спортисти во индивидуални спортови кои учат во основните училишта на подрачјето на Општина Крива Паланкаи средните училишта од Република Северна Македонија;
- четири стипендии на талентирани ученици-спортисти во екипни спортови кои учат во основните училишта на подрачјето на Општина Крива Паланкаи средните училишта од Република Северна Македонија;
- една посебна нагарада за спортисти во поединечна или екипна конкуренција, кои имаат освоени медали на светски првенства, а кои учат во основните училишта на подрачјето на Општина Крива Паланка и средните училишта од Република Северна Македонија.

**УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИИ**

**Член 4**

Право на доделување на стипендија имаат државјани на Република Северна Македонија, жители на Општина Крива Паланка, кои имаат статус на редовен ученикво основните училишта на подрачјето на Општина Крива Паланка или редовен ученик во средните училишта во Република Северна Македонија, а кои треба да ги исполнуваат следните услови:

1. Да се жители на Општина Крива Паланка;

2. Да имаат статус на редовни ученици во основните училиште на подрачјето на Општина Крива Паланка или статус на ученици во средните училишта во Република Северна Македонија;

3. Да се активни спортистки и спортисти, членови на спортски или училишни клубови регистрирани на подрачјето на Општина Крива Паланка и да се регистрирани во националните спортски федерации во Република Северна Македонија;

4. Да имаат спортски постигнувања во претходната или во тековната учебна година, се до завршувањето на јавниот конкурс.

5. Да имаат соодветен успех во образованието и тоа:

а) одличен успех (со 5,00)..........................................**20 бодови**

б) одличен успех (со 4,51 до 4,99)............................**15 бодови**

б) многу добар успех (со 3.51 до 4,50)......................**10 бодови**

в) добар успех (до 3,50)............................................**5 бодови**

Остварените резултати на учениците-спортисти се класифицирани во следниве категории:

**А.1** Репрезентативки и репрезентативци на РСМ, спортистки и спортисти во индивидуални спортови кои имаат освоени медали на европски и балкански првенства и тоа:

- Освоено прво место на европски и балкански првенства или поставен државен рекорд на други официјални натпревари.................................................................................**80 бодови**;

- Освоено второ место на европски и балкански првенства........................**75 бодови**;

- Освоено трето место на европски и балкански првенства.........................**70 бодови**.

**А.2** Репрезентативки и репрезентативци на РСМ, спортистки и спортисти во екипни спортови кои имаат освоени медали на европски и балкански првенства и тоа:

- Освоено прво место на европски и балкански првенства или поставен државен рекорд на други официјални натпревари.................................................................................**80 бодови**;

- Освоено второ место на европски и балкански првенства........................**75 бодови**;

- Освоено трето место на европски и балкански првенства.........................**70 бодови**.

**Б.1** Спортистки и спортисти во индивидуални спортови кои со својот клуб го освоиле домашното првенство или купот на Република Севрна Македонија со пласман до 3-то место на истите и тоа:

- Освоено прво место во домашното првенство или купот.........................**60 бодови**;

- Освоено второ место во домашното првенство или купот........................**55 бодови**;

- Освоено трето место во домашното првенство или купот.........................**50 бодови**.

**Б.2** Спортистки и спортисти во екипни спортови кои со својот клуб го освоиле домашното првенство или купот на Република Северна Македонија со пласман до 3-то место на истите и тоа:

- Освоено прво место во домашното првенство или купот.........................**60 бодови**;

- Освоено второ место во домашното првенство или купот........................**55 бодови**;

- Освоено трето место во домашното првенство или купот.........................**50 бодови**.

- Доколку кандидатите се членови на Репрезентацијата на РСМ во соодветната возрасна категорија, добиваат дополнителни **10 бодови**.

**В.1** Ученици-спортистки и спортисти – учеснички и учесници во Училишни и спортски игри во организација на Општина Крива Паланка и Организацијата на училишни спортови кои во индивидуални и екипни спортови постигнале резултати и тоа:

- Освоено прво место на училишни и спортски игри во организација на Општина Крива Паланка и Организацијата на училишни спортови.......................................**40 бодови**;

- Освоено второ место на училишни и спортски игри во организација на Општина Крива Паланка и Организацијата на училишни спортови.......................................**35 бодови**;

- Освоено трето место на училишни и спортски игри во организација на Општина Крива Паланка и Организацијата на училишни спортови.......................................**30 бодови**;

- Доколку кандидатите се членови на Репрезентацијата на РСМ во соодветната возрасна категорија, добиваат дополнителни **10 бодови**.

**Г.1** Репрезентативки и репрезентативци на РСМ, спортистки и спортисти во индивидуални и екипни спортови кои не го освоиле домашното првенство или купот на Република Северна Македонија, но постигнале истакнати лични индивидуални резултати..............................................................................................**30 бодови**.

Општина Крива Паланка ќе додели посебна награда за:

- Репрезентативки и репрезентативци на РСМ, спортистки и спортисти во индивидуални спортови кои имаат освоени медали на светски првенства каде што учествувале најмалку 24 земји;

- Репрезентативки и репрезентативци на РСМ, спортистки и спортисти во екипни спортови кои имаат освоени медали на светски првенства каде што учествувале најмалку 24 земји.

**5**. Со пријавата за стипендирање, апликантите се должни да ги приложат следните документи:

- копија од лична карта на родител/старател;

- копија од извод од матична книга на родени на апликантот;

- потврда од основното/средното училишта дека е редовен ученик во училиштето во соодветната учебна година;

- копија од свидетелството за соодветната учебна година;

- кратка биографија на апликантот;

- потврда од клубот дека е член на истиот;

- потврда од матичната национална федерација дека е член репрезентативец во својата генерација;

- потврда од матичната национална федерација за постигнатите спортски резултати од претходната или во тековната учебна година, се до завршување на јавниот конкурс;

- изјава од кандидатот за согласност за обработка на лични податоци;

- изјава од кандидатот дека кандидатот не е корисник на друга стипендија;

**6**. Доколку има повеке кандидати со ист број бодови, Комисијата го задржува правото да побара и дополнителна потребна документација.

Во случај на ист број на бодови и по извршената евалуација на дополнителната побарана и доставена документација, предност ќе има апликантот кој има освоено повеке бодови за успехот во образованието (просек на оцените во свидетелството за соодветната учебна година).

Доколку се пријават помал број на апликанти во индивидуални односно екипни спортови комисијата го задржува правото да додели повеќе стипендии за ученици-спортисти во

индивидуални спортови, односно ученици спортисти во екипни спортови, но не повеќе од вкупниот број предвидени стипендии (8 (осум) стипендии).

**7**. По доделувањето на стипендијата давателот и корисникот на стипендија склучуваат договор за стипендирање, со што се утврдуваат правата и обврските на давателот и на корисникот на стипендијата.

**8**. Право на стипендија можат да остваратнамногудо2 стипендисти од ист спорт.

**9**. Во постапката за распоредување на буџетските средства за стипендирање на ученици-спортисти во соодветната учебна година, ќе влезат во изборот само оние апликанти кои врз основа на критериумите ќе обезбедат најмалку 50 бодови од можни вкупно 100 бодови.

**ОБЈАВУВАЊЕ РЕЗУЛТАТИ**

**Член 5**

Резултатите за кандидатите кои оствариле право на стипендија за ученици-спортисти во индивидуални спортови и ученици-спортисти во екипни спортови кои учат во основните училишта на подрачјето на Општина Крива Паланка и средните училишта од Република Северна Македонија ќе бидат објавени на огласна табла на Општина Крива Паланка и на веб страницата на Општината www.krivapalanka.gov.mk, а кандидатите ќе бидат и соодветно известени за добивање на правото на стипендија.

**НАЧИН НА ИСПЛАТА НА СТИПЕНДИЈА**

**Член 6**

Стипендијата се исплатува за 9 (девет) месеци во годината (од 1- ви Октомври до 30-ти Јуни наредната година) без притоа да бидат опфатени месеците Јули, Август и Септември.

Стипендијата се исплатува на трансакциска сметка на корисникот на стипендија.

**Член 7**

Корисникот на  стипендија го губи правото на стипендија ако:

- не ја заврши годината на школување;
- не запише година на школување;
- ја заврши годината на школување со успех помал од тој што го пријавил при аплицирањето;
- двапати во текот на една учебна година му биде изречена педагошка мерка.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 8**

Со стапување во сила на овој правилник престанува да важи правилникот со бр.09-2631/53 од 30.08.2021 година.

**Член 9**

Овој правилникот стапува на сила со денот на неговото донесување, а истиот ќе биде објавен во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.09-4665/19**
**07.12.2022 год.**
**Крива Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Правилник за условите ,критериумите и правилата за доделување на стипендии за ученици –спортисти во индивидуални спортови и ученици –спортисти во екипни спортови кои учат во основните училишта на подрачјето на Општина Крива Паланка и средните училишта од РСМ**

1.Се објавува Правилник за условите ,критериумите и правилата за доделување на стипендии за ученици –спортисти во индивидуални спортови и ученици –спортисти во екипни спортови кои учат во основните училишта на подрачјето на Општина Крива Паланка и средните училишта од РСМ,што Советот ја донесе на 17-та седница, одржана на ден 07.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –4665 /20**
**09.12.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 7 став 3 од Законот за

култура („Службен весник на Република Македонија“ бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18) и член 14 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 8/14, 2/18, 3/19 и 8/21), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 07.12.2022 година, донесе

# ПРОГРАМА

## За активностите на Општина Крива Паланка во

## областа на културата и културните манифестации за 2023година

### I.ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

-Обезбедување на активен однос на Општина Крива Паланка кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните и граѓанките од областа на културата и уметноста;

-Сочувување и афирмирање на духовното културно наследство на Крива Паланка и Кривопаланечкиот регион;

-Сочувување и афирмирање на културниот идентитет на Општина Крива Паланка и Кривопаланечкиот регион;

-Создавање услови за развој, афирмација и популаризација на културата и уметноста;

-Воведување нови форми и содржини на културно творење и изразување;

-Мотивирање за активно учество на локалните културни установи, организации и поединци и поединки во реализирање на Програмата.

- Промовирање родова еднаквост и демократски вредности преку културни настани и активности;

### II.АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

-Реализирање на манифестации, настани, програми и проекти кои и дават посебно обележје на Општина Крива Паланка;

-Поддршка на локалните културни установи, организации и поединци и поединки во реализирање на Програмата;

-Гостување на еминентни уметници од Република Македонија и странство во Општина Крива Паланка земајќи предвид да има еднаква или близу еднаква родова застапеност;

-Унапредување на меѓународна културна соработка со збратимени градови на Општина Крива Паланка врз реципрочна основа;

-Остварување на продуктивна соработка со домашни и меѓународни асоцијации, организации и фондации кои го помагаат развојот на културата во локалните заедници;

## 1. Празници, манифестации, настани кои ги организира општината

| Р. Број | 1. Празници, манифестации настани | Носител | Партнери / Коорганизатори | Планирани активности | Родови индикатори /резултати | Средства Вкупно (изразени во денари) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **ЈАНУАРИ** | | | | | |
| 1 | **БАДНИК**<br><br>**5-ти Јануари**<br><br>Одбележување на празникот Бадник со берење на бадниково дрво; палење на коледарски оган; избор на кум и народна веселба<br><br>**Место:** Градски плоштад | Општина Крива Паланка | МПЦ - ОА, Кривопаланечко Архиерејско намесништво | -Организација и логистика;<br>-Продукти и материјали;<br>-Промотивен материјал;<br>-Водител или водителка;<br>-Учесници и учеснички; | Родова застапеност во промотивните материјали<br><br>Пол на водител на манифестацијата | 80.000 |
| 2 | **БОЖИЌ**<br><br>**7-ми Јануари**<br><br>Божиќна вечера за социјално загрозани семејства<br><br>**Место:** црква Св. Димитриј | Општина Крива Паланка | | Подготовка и доставување на Божиќна вечера за социјално загрозени семејства од Крива Паланка | Број на доставени вечери за социјално загрозени семејства | 300.000 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | **ВОДИЦИ**<br>**19 Јануари**<br>Организирање на настан-осветување на водите во Крива Паланка и фрлање на крст<br>Организација на манифестација Пивтијада 2023 година<br>**Место:** Градски плоштад / Крива Река | Општина<br>Крива Паланка | МПЦ - ОА, Кривопаланечко Архиерејско намесништво<br>Граѓански организации<br>Угостители<br>Граѓани и граѓанки | -Подароци за лицата кои ќе го фатат крстот;<br>-Обезбедување на чај и топла ракија;<br>-Обезбедување на логистика за учесниците на манифестацијата Пивтијада 2023 година; | Пол на лица кои учествувале во настанот за фаќање на крстот (% на жени од вкупен број)<br>Број на учесници на Пивтијада разделен по пол | 100.000 |
| | **АПРИЛ** | | | | | |
| 4 | **ДЕН НА ШЕГАТА**<br>**1-ви Април**<br>Кривопаланечки маскенбал со учество на деца и ученици; пречек и и свечено претставување на маските и избор на најдобри маски<br>**Место**: плоштад Карпошово востание | Општина<br>Крива Паланка | НУ Центар за култура<br>ЈОУД „Детелинка“<br>ООУ ЈОаким Крчовски<br>ООУ Илинден | -Организација и логистика;<br>-Продукти и материјали;<br>-Промотивен материјал;<br>-Водител или водителка;<br>-Учесници и учеснички; | Промотивни материјали кои промовираат родова еднаквост/не содржат стереотипи | 100.000 |
| 5 | **ДЕН НА РОМИТЕ**<br>**7-ми април**<br>Одбележување<br>на меѓународен ден на ромите со прием од страна на | Општина<br>Крива Паланка | / | -Продукти и материјали; | Број на лица на прием кај градоначалникот разделен по пол | 80.000 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | градоначалникот и свечен коктел и културно-уметничка програма<br><br>**Место**: / | | | | | |
| | **МАЈ** | | | | | |
| 6 | **ДЕН НА ЕВРОПА – ДЕН НА ПОБЕДАТА**<br><br>***9-ти Мај***<br><br>Хепенинг со учество на деца и ученици; свечено претставување | Општина<br>Крива Паланка | СОУ Ѓорче Петров<br>ООУ Јоаким Крчовски<br>ООУ Илинден<br>ЈУДГ Детелинка | -Организација и логистика;<br>-Продукти и материјали;<br>-Промотивен материјал;<br>-Водител или | Прославен ден на Европа со акцент на демократските вредности и темелите на Европа меѓу кои и родовата еднаквост | 30.000 |
| | на штандови и креативни изработкии/или изложбени активности<br><br>**Место:** Градски плоштад или галериски простор | | НУ Центар за култура<br>ЛУ Градски музеј | водителка;<br>-Учесници и учеснички; | | |
| 7 | **ПАТРОН ПРАЗНИК НА СВ.ЈОАКИМ КРЧОВСКИ**<br><br>**23-ти Мај**<br><br>Свечена академија по повод празникот со пригодна културно-уметничка програма | Општина<br>Крива Паланка | СОУ Ѓорче Петров<br>ООУ Јоаким Крчовски<br>ООУ Илинден<br>ЈУДГ Детелинка<br>ОУД Боро Менков | -Логистика и организација;<br>-Водител или водителка;<br>-Учесници и учеснички;<br>-Промотивен материјал; | Промотивни материјали кои промовираат родова еднаквост/не содржат стереотипи | 200.000 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Место:** НУ Центар за култура | | | | | |
| 8 | **СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ – ДЕН НА ПРОСВЕТАТА И КУЛТУРАТА**<br>**24-ти Мај**<br>Свечена академија по повод празникот со свечена програма и доделување на награди за најдобар просветен работник и најдобар ученик<br>**Место: НУ Центар за култура** | Општина<br>Крива Паланка | СОУ Ѓорче Петров<br>ООУ Јоаким Крчовски<br>ООУ Илинден<br>ЈУДГ Детелинка<br>ОУД Боро Менков “ | -Логистика и организација;<br>-Учесници и учеснички;<br>-Водител или водителка;<br>-Промотивен материјал; | Промотивни материјали кои се осврнуваат на жените и мажите во науката и просветителството | 60.000 |
| | **ЈУЛИ** | | | | | |
| 9 | **Трилатерална Погранична средба КРАИШТЕ 2023**<br>**12 јули**<br>Културно – забавна средба со народна веселба (собор) на македонско – српската граница во организација на општините Крива Паланка (Р.С.М), Ќустендил (Р.Б) и Босилеград (Р.С).<br>**Место:** с. Голеш | Општина<br>Крива Паланка | НУ Центар за култура | -Логистика и организација;<br>-Учесници и учеснички;;<br>-Промотивен материјал; | | 20.000 |
| | **АВГУСТ** | | | | | |
| 10 | **2-ри АВГУСТ - ИЛИНДЕН** | Општина | Сојуз на борци | Организација и логистика; | Промотивен материјал посветен на | 20.000 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2-ри Август**<br>Свечено одбележување на денот и полагање на свежи цвеќе<br>**Место:** плоштад Карпошово востание | Крива Паланка | Здруженија на граѓани<br>Политички партии<br>Локални институции<br>и установи | -Продукти и материјали;<br>-Промотивен материјал;<br>-Водител или водителка;<br>-Учесници и учеснички; | жените и мажите кои се бореле за ослободување и самостојност на државата | |
| 11 | ***СВЕТИ ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ***<br>***29-ти Август***<br>Одбележување на општинскиот празник Св.Јоаким Осоговски - заштитникот на градот Крива Паланка<br>**Место:** / | Општина<br>Крива Паланка | МПЦ - ОА, Кривопаланечко Архиерејско намесништво | -Логистика и организација за прием и пречек на гости и делегации од земјата и странство | Обележан празник со нагласок дека општината промовира еднакви можности и просперитет за сите жени и мажи, девојчиња и момчиња | 30.000 |
| 12 | **ФЕСТИВАЛ НА ХРАНА**<br>***27-28-ти Август***<br>Организација на Фестивал на храна<br>**Место**: Градски Плоштад | Општина<br>Крива Паланка | Здруженија на граѓани, збратимени градови, угостители | Организација<br>Промотивен материјал,<br>-Учесници и учеснички | Број на учесници /промотери на храна на фестивалот разделен по пол | 500.000 |
| | **СЕПТЕМВРИ** | | | | | |
| 13 | **8-МИ СЕПТЕМВРИ – ден на осамостојувањето**<br>**8-ми Септември** | Совет на Општина | Сојуз на борци<br>Здруженија на граѓани | -Организација и логистика; | Одржан настан со почитување на | 20.000 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Свечено одбележување на денот на осамостојувањето и полагање на свежо цвеќе на споменик на паднати борци од НОВ и културно – уметничка програма<br>**Место:** плоштад Карпошово востание | Крива Паланка | Политички партии<br>Локални институции<br>и установи | -Продукти и материјали;<br>-Промотивен материјал;<br>-Водител или водителка;<br>-Учесници и учеснички; | принципот на родова еднаквост | |
| | **ОКТОМВРИ** | | | | | |
| 14 | **8-МИ ОКТОМВРИ - празник на градот**<br>**8-ми Октомври**<br>Организација на празникот на градот со Свечена седница на Советот на општина Крива Паланка, полагање на свежо цвеќе и доделување на осмооктомвриски награди и Свечена Академија со пригодна културно уметничка програма<br>**Место:** плоштад Карпошово востание | Општина<br>Крива Паланка<br>Градоначалник | Сојуз на борци<br>Здруженија на граѓани<br>Политички партии<br>Локални институции<br>и установи | -Организација и логистика;<br>-Продукти и материјали;<br>-Сместување на гости;<br>-Кетеринг и угостителски услуги;<br>-Промотивен материјал;<br>-Водител или водителка;<br>-Учесници и учеснички;<br>-Изведувачки хонорари; | Одржан настан со почитување на принципот на родова еднаквост | 400.000 |
| 15 | **11-ТИ ОКТОМВРИ–**<br>**Ден на востанието** | Совет на Општина | Сојуз на борци | -Организација и логистика; | Одржан настан со посвета на жените | 20.000 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Свечено одбележување на 11-ти Октомври - Ден на востанието на РМ со полагање на цвеќе на споменикот од НОБ<br><br>**Место:** плоштад Карпошово востание, споменик од НОБ | Крива Паланка | Здруженија на граѓани<br>Политички партии<br>Локални институции<br>и установи | -Продукти и материјали;<br>-Промотивен материјал;<br>-Водител или водителка;<br>-Учесници и учесници; | и мажите партизани кои се бореле во НОБ | |
| 16 | ***МЕЃУНАРОДЕН ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ „Св. Јоаким Осоговски“***<br>***6-14Октомври***<br>Организација на 14-то издание на Меѓунар. Театарски Фестивал со учество на театри од земјата и странство<br>**Место**: НУ Центар за култура | Општина<br>Крива Паланка | Здружение<br>МТФ Св. Јоаким Осоговски Кр. Паланка<br>НУ Центар за култура | -Логистика и организација;<br>-Авторски права;<br>-Учесници и учесници;<br>-Кетеринг;<br>-Транспорт;<br>-Промотивен материјал; | Број на доделени авторски права разделен по пол | 500.000 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **2.460.000** |

**2.Празници, манифестации, настани кои ќе ги под**држи општината

| Р. Број | 1. Празници, манифестации настани | Носител | Партнери / Коорганизатори | Покровител/подржувач | Планирани активности | Родови индикатори | Средства Вкупно (изразени во денари) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **МАРТ** | | | | | | |
| 1 | **ПОКЛОНЕНИЕ НА СВ. ТЕОДОР ТИРОН - ТОДОРИЦА**<br>***8-ми Март***<br>Организација на манифестација Свечено поклонение на Св. Теодор Тирон со учество на снаи свекрви, група за | МЗ Конопница<br>Здружение РЗСР Патник Кр. Паланка | МПЦ-ОА КАН<br>НУ Центар за култура | Општина<br>Крива Паланка | -Дизајн и печат. на промотивни материјали;<br>-Логистика и организација;<br>-Продукти и материјали;<br>-Ангажирани лица; | Улогата на жените и мажите во религијата е земена предвид при официјални обраќања | 60.000 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | изворен фолклор и свечена трпеза;<br><br>**Место:** црква Св. Теодор Тирон, с. Конопница | | | | -Учесници и учеснички;<br><br>-Музичка придружба; | | |
| 2 | **КОНКУРС ЗА КАРИКАТУРА**<br><br>***1-15 Март***<br><br>Кооганизација на Меѓународен конкурс за карикатура од Манифестацијата „Невестинско Поклонение“<br><br>**Место:** општина Кр. Паланка | Здружение<br><br>РЗСР Патник<br><br>Кр. Паланка | / | Општина<br><br>Крива Паланка | -Организација и логистика;<br><br>-Хонорари<br><br>-Наградаи<br><br>-Материјали;<br><br>-Промотивен материјал; | Број на учесници на конкурсот разделен по пол | 60.000 |
| | **АПРИЛ** | | | | | | |
| 3 | **ВЕЛИГДЕНСКА ТРАДИЦИЈА**<br><br>***21-ви Април***<br><br>Хепенинг за избор на најдобро украсено велигденско јајце, декорација; дегустација | ЛУ Градски Музеј | НУ Центар за култура | Општина<br><br>Крива Паланка | -Организација и логистика;<br><br>-Продукти и материјали; | Број на мажи и жени кои украсувале велигденско јајце | 30.000 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | на храна и пригодна музичка програма<br><br>**Место**: плато пред ЛУ Градски Музеј | | | | -Промотивен материјал;<br><br>-Водител или водителка;<br><br>-Учесници и учеснички; | | |
| | **ЈУЛИ** | | | | | | |
| 4 | ***КРИВОПАЛАНЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО***<br><br>***20 јули - 20 август***<br><br>Летна културна манифестација со културни содржнини од музичко - сценски, драмски, поетски и ликовен карактер:<br><br>Осоговска староградска вечер,<br><br>Вечери на акустична музика,<br><br>Детски фолклорен фестивал Паланечка тројка,<br><br>Годишни концерти на локални културно уметнички здруженија, | НУ Центар за култура | ЛУ Градски Музеј<br><br>Други здруженија и организации | Општина<br><br>Крива Паланка | -Музичко - сценски настани;<br><br>-Драмски претстави;<br><br>-Поетски читања;<br><br>-Ликовни настани;<br><br>-Фолклорни изведби;<br><br>-Авторски хонорари;<br><br>-Изведувачки хонорари;<br><br>-Поддршка на локални културно- | Манифестации одржани кои активно промовираат родова еднаквост<br><br>Број на доделени авторски хонорари разделен по пол<br><br>Вид на локални културно-уметнички здруженија кои добиле поддршка од општината | 500.000 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Концерт на пијано на Ангела Николовска,<br><br>Концерти на класична музика,<br><br>Музички настап на Андријана Јаневска и друго | | | | уметнички здруженија; | | |
| | **Место:** различни локации, погодни за реализација на културни настани и манифестации | | | | | | |
| | **АВГУСТ** | | | | | | |
| 5 | **„ЏОЈ ФЕСТ“ МУЗИЧКИ ФЕСТИВАЛ** | Здружение Музички фестивал<br><br>ЏОЈ ФЕСТ<br><br>Кр. Паланка | | Општина<br><br>Крива Паланка | -Логистика и организација;<br><br>-Авторски права;<br><br>-Изведувачки хонорари;<br><br>-Учесници и учеснички;<br><br>-Промотивен материјал; | Број на уметници/изведувачи кои учествувале на фестивалот разделен по пол | 1.000.000 |
| | ***26-27 Август*** | | | | | | |
| | Организација на 10-то издание на реномираниот музички фестивал „ЏОЈ ФЕСТ“ | | | | | | |
| | **Место:** Градски Поштад | | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6 | ***ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН ФОЛКОРЕН ФЕСТИВАЛ „Св. Јоаким Осоговски„***<br>***23,24,25 Август***<br>Организација на 18-то издание на Интернационалниот Фолклорен Фестивал со учество на гости од Бугарија, Србија, Хрватска, БИХ, Турција,Словачка, Полска, Романија и др.<br>**Место:** Градски плоштад | НУ Центар за култура Крива Паланка | КУЗ Карпош<br>КУЗ Фолклористи<br>КУД 8-ми Октомври | Општина<br>Крива Паланка | -Логистика и организација;<br>-Авторски права;<br>-Учесници и учеснички;<br>-Сместување на гости;<br>-Промотивен материјал; | Број на уметници/изведувачи кои учествувале на фестивалот разделен по пол | 500.000 |
| | **СЕПТЕМВРИ** | | | | | | |
| 7 | ***МЕЃУНАРОДНА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА „Св.ЈоакимОсоговски„***<br>***5-15 Септември***<br>Организација на 37-мо издание на реномираната Меѓународна Ликовна Колонија Св. Јоаким Осоговски<br>**Место:** Манастир Св. Јоаким Осоговски | Здружение<br>МЛК Св. Јоаким Осоговски<br>Кр. Паланка | МПЦ-ОА<br>Кумановско Осоговска Епархија | Општина<br>Крива Паланка | -Логистика и организација;<br>-Промотивен материјал; | Број на уметници кои учествувале на колонијата разделен по пол | 80.000 |

| | ДЕКЕМВРИ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | **„РАСПЕАНО СИМИТЧЕ“ ДЕТСКИ ФЕСТИВАЛ**<br>***1 -15ти Декември***<br>Организација на 9-то издание на Музички фестивал за младите кривопаланчанчиња за промоција на нови таленти и негување на музичките вредости<br>**Место:** НУ Центар за култура | Здружение „Центар за аудиовизуелни уметности - Кр. Паланка | НУ Центар за култура | Општина<br>Крива Паланка | -Логистика и организација;<br>-Авторски права;<br>-Материјали и продукти;<br>-Учесници и учеснички;<br>-Промотивен материјал; | Број на учесници деца разделен по пол | 300.000 |
| 9 | ***НОВОГОДИШЕН БАЗАР /ФЕСТИВАЛ/***<br>***25-31 Декември***<br>Предновогодишни празнувања/ фестивал/со културни и музичко-сценски настани, концерти и изложби, дневна и вечерна предновогодишна музичка програма, програма за најмладите со кловнови, жонглери и Ддедо Мраз | Здруженија на граѓани | НУ Центар за култура<br>ЛУ Градски Музеј | Општина<br>Крива Паланка | -Логистика и организација;<br>-Авторски права;<br>-Материјали и продукти;<br>-Учесници и учеснички;<br>-Промотивен материјал | Поделени и продадени материјали и продукти кои не шират родови стереотипи | 1.000.000 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Место**: Градски Плоштад | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | | **3.530.000** |

**3**.Годишни програми и проекти на здруженија на граѓани од областа на културата

| Ред. Број | **Име на здружение** | **Носител** | **Покровител/ подржувач** | **Активности** | **Родови индикатори** | **Средства Вкупно (изразени во денари)** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Годишна програма на Здружение Ликовна колонија Св.Јоаким Осоговски Кр.Паланка | Здружение Ликовна колонија Св.Јоаким Осоговски Кр.Паланка | Општина Крива Паланка | Согласно сопствена годишна програма | Програмата за ликовна колонија е родово-сензитивна | Доделени по годишна програма за активност Ликовна колонија |
| 2. | Годишна програма на КУЗ Распеани Паланчани Кр.Паланка | Здружение КУЗ Распеани Паланчани Кр.Паланка | Општина Крива Паланка | Согласно сопствена годишна програма | Програмата на КУЗ Распеани Паланчани е родово-сензитивна | 80.000 |
| 3. | Годишна програма на КУД Карпош Кр.Паланка | Здружение КУД Карпош Кр.Паланка | Општина Крива Паланка | Согласно сопствена годишна програма | Програмата на КУД Карпош е родово-сензитивна | 80.000 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. | Годишна програма на КУЗ фолклористи Кр.Паланка | Здружение КУЗ фолклористи Кр.Паланка | Општина Крива Паланка | Согласно сопствена годишна програма | Програмата на здржението Фолклористи е родово-сензитивна | 80.000 |
| 5. | Здружение „Центар за аудиовизуелни уметности" Кр.Паланка | Здружение „Центар за аудиовизуелни уметности" Кр.Паланка | Општина Крива Паланка | Согласно сопствена годишна програма | Програмата на здружението Центар за аудиовизуелни уметности е родово-сензитивна | Доделени по годишна програма за активност Распеано симитче |
| 6. | Здружение РЗСР Патник Кр.Паланка | Здружение РЗСР Патник Кр.Паланка | Општина Крива Паланка | Согласно сопствена годишна програма | Програмата на здржението РЗСР Патник е родово-сензитивна | Доделени по годишна програма за активност Невестинско поклонение и Конкурс за карикатура |
| | **ВКУПНО** | | | | | **240.000** |

## 4.Други оперативни трошоци

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **Име на активност** | | **Средства**<br><br>**Вкупно** |

| | | | (изразени во денари) |
|---|---|---|---|
| 1. | **ЗАМП** | | **300.000** |
| 2. | **Бина/опрема/осветлување** | | **1.200.000** |
| | **ВКУПНО** | | **1.500.000** |

Вкупни трошоци

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **СЕ ВКУПНО (1,2,3,4)** | | **7.730.000** |

## III.ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на културата утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Општина Крива Паланка предвидени за 2023 година, средства од Буџетот на Република Северна Македонија, спонзорства и донации.

При реализација на Програмата, Советот на Општина Крива Паланка ќе ги подржи организаторите на манифестациите и реализаторите на проектите за обезбедување на финансиски средства и друга помош од:

-Министерство за култура на Република Северна Македонија;

-Трговски друштва, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица;

-Заинтересирани партнери за соработка во земјата и странство;

-Други извори.

## IV.РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИ СРЕДСТВА

Содржините предвидени со оваа програма се финансираат со посебни ставки во Буџетот на општината.

По потреба програмата ќе се дополнува со активности за кои ќе се утврди дека се во согласност со целите на Програмата.

## V. МАНИФЕСТАЦИИ ПОДРЖУВАНИ СО ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

### ДЕН НА ОПШТИНАТА

За 8-ми Октомври, Денот на Општина Крива Паланка се подготвува специјална програма проследена со содржини од областа на спортот, културата, свечена седница на Советот на Општина Крива Паланка и оддавање почит на значајни личности, настани и борци учесници во ослободувањето на градот.

## VI.ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми и активности со кои ќе се помагаат културни манифестации, приредби и проекти се следните:

-обезбедување стручна, техничка и друга подршка со кадар и опрема со која располага општината;

-обезбедување сместувачки услуги за учесниците на одделени манифестации;

Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на Општина Крива Паланка.

## VII.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе се објавуви во Службен гласник на Општина Крива Паланка, а ќе се применува од 01.01.2023 година.

**Изготвувач:**

**Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија**

**Бр.09- 4665/21**
**07.12.2022 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за активностите на Општина Крива Паланкаво областа на културата и културните манифестации за 2023 година**

1.Се објавува Програма за активностите на Општина Крива Паланкаво областа на културата и културните манифестации за 2023 година,што Советот ја донесе на 17-та седница, одржана на ден 07.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –4665 /22**
**09.12.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 14 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ број 08/2010, 08/2014, 02/2018 ,03/2019 и 08/21), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 07.12.2022 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА 2023година

## Вовед

Програмата за локален економски развој претставува дефиниран збир на активности кои се планирани да се реализираат во текот на 2023 година. Реализацијата на оваа програма треба да поттикне и обезбеди континуирано одржлив развој кој треба да го подобри животниот стандард на жителите на Крива Паланка.
Општините согласно Законот за локална самоуправа од 2002 година, имаат надлежност и улога да водат и спроведуваат планирање на локален економски развој,
Вклученоста на цела мрежа на луѓе и институции преставува клучен елемент за локалниот економски развој, а физичкиот и човечкиот капитал, природните ресурси и технолошкото знаење се фактори кои доколку правилно се искористат во голема мера ќе ја унапредат конкурентната способност на локално ниво, но истовремено ќе придонесат за промовирање и создавање дополнителна вредност на постојните бизниси, ќе поттикнатотворање на нови бизниси кои ќе генерираат нови вработувања и самовработување во локалната заедница што поттикнува економско јакнење на жените и мажите во општината.
Подготовката на програмата се базира врз претходно изработени проценки и анализи на задницата, стратегиите и плановите за развој на општината во сите тематски области во кои локалната самоуправа има законски надлежности.

## Развојни приоритети

Општина Крива Паланка во 2023 година ќе настојува да обезбеди поволни услови за локалниот економски развој. За таа цел активностите ќе бидат насочени кон создавање услови за поттикнување на локалниот економски развој, поддршка на проекти и активности кои придонесуваат за унапредување на економскиот развој и руралниот развој како и за привлекување на домашни и странски инвеститори. Исто така, залагањата ќе бидат насочени кон унапредување на локалната, регионалната и прекуграничната соработка преку реализација на веќе одобрени проекти и аплицирање на нови проекти пред националните и меѓународните организации, институции и фондови кои водат сметка за вклучување на родовата перспектива во своите планови, имплементација и ефекти.

## Цели

- Континуиран развој на капацитетите на општинатазапривлекувањеинвестиции, зголемување на вработувањата преку развој и реализација на проекти и промоција на општината како и потпомагање на МСП, занаетчиите жени и мажи, руралните заедници и НВО во Крива Паланка.
- Спроведување на стандарди за квалитет во општината, сертифицирање и подобрување на услугите.

- Континуирано зајакнување на капацитетите за привлекување инвестиции и овозможување на добра бизнис клима за развој на јавни приватни партнерства.
- Имплементација на добиени и аплицирање на нови проекти од домашни и
- меѓународни фондовиземајќи ја предвид родовата интеграција.
- Следење и имплементација на стратегиите за развој на Општина Крива Паланка.
- Поттикнување на развој на туризмот во општина Крива Паланка.

## Активности

### 1.Подршка на локалниот економски развој преку партиципативно учество на жените и мажите од заедницата и зголемување на конкурентноста на претпријатијата

1.1 Формирање на Економскиот совет на општина Крива Паланка.

Активноста предвидува формирање на Локален економски совет на општина Крива Паланка во кој ќе членуваат претставници од деловни субјекти од различни економски области на локално ниво.Предлозите и заклучоците на Локалниот економски совет ќе бидат доставувани до општината .

1.2 Анализа на потребите на локалните деловни субјекти.

Со користење на аналитичкиот методот анкета која што ќе биде спроведена од страна на општинската администрација ќе бидат анализирани потребите на локалните деловни субјекти.

### 2. Подобрување на услугите на локалната самоуправа

2.1. Воведување на ИСО 9001:9015 стандардот - II фаза

Со воведувањето на стандардот ISO 9001:2015 општината покажува дека нуди услуги со постојан квалитет и услугите се ориентирани кон граѓаните/ките во законска рамка, како и дека општината го зголемува позитивното искуство на граѓаните при извршување на надлежностите на општината и ќе се зголеми функционалноста на општинската администрација.

2.2 Јавно приватно партнерство (ЈПП)

Активноста се состои од идентификација на области, можности и проекти во локалниот економски развој подобни за модели за ЈПП. Преку моделот на ЈПП можат да се реализираат значајни капитални проекти, да се подобруваат јавните услуги и истите да генерираат одржлив развој на локалната заедница кој ќе има позитивно влијание и на жените и на мажите во општината.

### 3. Одржлив локален развој

3.1. Поддршка на развојот на МСП и претприемништво
Активноста предвидува јакнење на претприемачките вештини и капацитети на постојните и нови потенцијални претприемачи/чки преку организирање на обуки за

започнување на бизниси во разни области како и за подготовка и спроведување на бизнис планови како и управување со финансии.

3.2. Унапредување на капацитетитеи нивото на информираност на локалната бизнис заедница за пристап до капитал

Активноста е планирана да се реализира преку континуирано обезбедување на информации, организирање на состаноци со бизнис секторот, стопанските комори со цел подобра информираност на локалните бизнис-луѓе за пристап до капитал и можностите за нови вложувања во локалната економија.

3.3 Поддршка и развој на занаети

Занаетите претставуваат значаен дел од локалната економија не само од аспект на економската активност и можноста за самовработување туку и од аспект на потребата од услугите кои занаетчиите ги испорачуваат кон граѓаните/ките кои што се неопходни за нормално функционирање на една локална заедница.

Програмата предвидува активности за поддршка на занаетите преку организирање на состаноци, консултации и дискусии за предизвиците со кои се соочуваат занаетчиите и донесување народово-сензитивни мерки за поддршка.

## 4.Потикнување на развојот на земјоделството и руралниот развој

4.1 Воведување на награда за најуспешен млад земјоделец

Со воведувањето на наградата за најуспешен млад земјоделец ќе се даде придонес за афирмација на органското земјоделско производство на локално ниво од една страна и ќе се даде придонес кон зголемување на интересот на младите и жените за основање на земјоделски стопанства и отпочнување на агро бизниси како и мотивирање на производство на земјоделски производи за сопствена употреба.

4.2 Интензивирање на соработката со АФПЗРР, АПРЗ и МЗШВ и други.

Интензивирање на соработката со АФПЗРР, АПРЗ и МЗШВ е во насока на подобра промоција на програмите за финансирање на проекти и активности во рамки на ИПАРД програмата, како и други видови на програми и субвенции.

Благовремено издавање на потврди за потребите на граѓаните и граѓанкитеза аплицирање по мерките на ИПАРД програмата како и друг вид на помош при аплицирање.

## 5.Подготовка на проекти и проектно управување

5.1 Аплицирање на проекти по Програмите за рамномерен регионален развој, Програмата за финансиска поддршка на рурален развој и други програми имајќи ја предвид родовата интеграција.

Општина Крива Паланка во текот на 2023година ќе учествува со проектни апликации за добивање на финансиска поддршка по објавени повици.

5.2 Сопствено учество воопштински,регионални,национални и меѓународни проекти.

Според утврдените правила за аплицирање за одредени проекти, во зависност од донаторот како неопходност се наметнува потребата одобезбедување на средства

за сопствено учество кои мора да се за пазат како прв услов за аплицирање за одреден проект.

## 6.Соработка со канцеларијата на СИПР

Општина Крива Паланка како дел од Североисточниот плански регион (СИПР), а со цел успешно функционирање на канцеларијата на СИПР и квалитетна испорака на регионални услуги од истата, учествува и ја подржува одлуката на Советот на СИПР, кој го сочинуваат градоначалниците на 6-те општини од СИПР, за плаќање на одреден износ на сметката на СИПР како членарина.

## 7. Соработка со ЗЕЛС

Општина Крива Паланка како основач и членка на Заедницата на единици на локална самоуправа (ЗЕЛС), која е своевиден сервис на единиците на локална самоуправа, активно и континуирано ги користи услугите испорачани од ЗЕЛС и има обврска кон ЗЕЛС да плаќа годишна членарина.

## 8. Изработка на стратешка и друг вид на документација

### 8.1. Покренување на иницијатива за изработка на урбанистичко планска документација за развој на локалната економија

Со цел овозможување на забрзан локален економски развој неопходна е изработка на урбанистичко планска документација која што ќе овозможи услови за развој на локалната економија преку изградба на капацитети и уредување на простор.
За таа цел програмата предвидува:
- изработка на урбанистичко планска документацијаза развој на туризмот и угостителството;
- изработка на урбанистичко планска документација за развој на лесна индустрија;
- изработка на урбанистичко планска документација за развој на терцијален сектор ;
-изработка на урбанистичко планска документација за развој на капацитети за искористување на обновливи извори на енергија.

### 8.2. Покренување на иницијатива за изработка на техничка документација

За успешна и непречена реализација на проекти кои ќе придонесат за зголемување на економската активност во локалната заедница неопходна е изработка на комплетна техничка документација со Одобрение за градење, адаптирана за потребите на проектни апликации, согласно критериумите за аплицирање во ЕУ фондови, национални програми и др.

### 8.3 ИзработканаПлан/Стратегија за локален економски развој.

Оваа активност се планира да се реализира преку Програмата на УСАИД со учество на консултант , општинска администрација , бизнис секторот и НВО .

## 9.Потикнување на развој на туризмот

9.1. Подготовка  и дизајн на промотивен материјал за привлекување на туристи и посетители во општина Крива Паланка.
Со оваа активност се планира изработка на разни видови на пrомотивен материјал.

9.2. Продлабочување на соработката со збратимени општини со фокус на можностите за развој на разни видови туризам .

9.3. Креирање и збогатување на туристичкиот потенцијал и понуди со посебен акцент на алтернативниот и руралниот туризам.
Со оваа активност се предвидува  организирање на промотивни активности од различни области ( кулинарски, традиционални и сл.настани кои ќе внимаваат на намалување на родовите стереотипи и ќе промовираат прогресивно и рамноправно демократско општество).

## 10.Други оперативни расходи и договорни услуги

10.1. Учество на специјализирани обуки, тренинзи, семинари, конференции, онлајн во земјата и во странство.

Со цел следење на трендови и континуирана надоградба на знаењата од соодветните области, како и благовремено следење на измени во закони, правилници и т.н. се предвидува организирање и учество на обуки, тренинзи, семинари, конференции, онлајн во земјата и во странство.

10.2. Превод на проектна документација и стручна литература, услуги за печатење и издавање на литература како и друг промотивен материјал.

10.3. Консултантски услуги за специфични проектни активности.

За реализација на специфични активности за кои е потребно специфично образование, работно искуство или вештини потребно е ангажирање на консултанти, проектен менаџмент, ИТ и сл., кои ќе учествуваат во реализација на активностите.

10.4.  Подготовка и дизајн на проекти и друга проектна документација.

За потребите на реализација на активностите предвидени согласно програмата потребно е ангажирање на стручни лица со соодветно образование и лиценци за изработка на техничка документација, физибилити студии, елаборати, истражувања, визуелизација, фото и видео документација и слично, неопходни за реализација на активности предвидени во програмата.

# АКЦИСКИ ПЛАН

## Оперативна, родово-сензитивнабуџетскапрограмаза Локален економски развој за 2023 година наОпштинаКриваПаланка

| Буџетска програма и конто | 1 | ЦЕЛ:Поддршка на локалниот економски развој преку партиципативно учество на заедницата и зголемување на конкурентноста на претпријатијата | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Задача /Проект | Активности | Временскипериод | Резултати/ индикатори | Носителнаактивноста | Буџетмкд |
| 426210 Г1 | | 1.1. Формирање на Економски совет на општина Крива Паланка | 2023 | Формиран Економскиот совет на општина Крива Паланкасо податоци за составот на советниците разделени по пол | Општинска администрација Градоначалник | 20.000,00 |
| 425920 Г1 | | 1.2. Анализа на потребите на локалните деловни субјекти | 2023 | Публикуван извештај со заклучоци од спроведена анкета со интегрирана родова перспектива | Општинска администрација Надворешен консултант | 10.000,00 |
| | 2 | ЦЕЛ:Подобрување на услугите на локалната самоуправа | | | | |
| 426990Г1 | Задача /Проект | Активности | Временскип период | Резултати/ индикатори | Носителнаактивноста | Буџетмкд |
| | | 2.1.Воведувањена ИСО 9001:9015 стандардот - II фаза | 2023 | Имплементиран ИСО 9001:9015 стандардот - II фаза | Општинска администрација Градоначалник | 120.000,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Лице задолжено за квалитет | |
| 425970 Г1 | | 2.2.Јавно приватно партнерство | 2023 | Изработени елаборати за можностите на ЈПП на ниво на општина Крива Паланка | Општинска администрација Градоначалник Надворешна експертиза | 120.000,00 |
| | **3** | **ЦЕЛ:Одржлив локален развој** | | | | |
| **425990 Г1** | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временскипериод** | **Резултати/ индикатори** | **Носителнаактивноста** | **Буџетмкд** |
| | | 3.1. Поддршка на развојот на МСП и претприемништво | 2023 | Организирани обуки за започнување со бизниси<br>Организирани обуки за подготовка и спроведување на бизнис планови<br>Тематски обуки за водење на бизниси<br>Број на жени и мажи кои присуствувале на обуките за започнување бизниси, бизнис планови и водење бизниси | Општинска администрација<br><br>Надворешен консултант | 60.000,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **426210 Г1** | | | 3.2.Унапредување на капацитетите и нивото на информираност на локалната бизнис заедница за пристап до капитал | 2023 | Организирање на инфо сесии<br>Број на учесници на инфо-сесии разделен по пол | Општинска администрација, | 30.000,00 |
| **426210Г1** | | | 3.3. Поддршка и развој на занаети | 2023 | Организирање на состаноци<br>Број на учесници на состаноците разделен по пол | Општинска администрација<br>Градоначалник<br>Совет на млади | 10.000,00 |
| | **4** | **ЦЕЛ: Потикнување на развојот на земјоделството и руралниот развој** | | | | | |
| | **Задача /Проект** | | **Активности** | **Временскип ериод** | **Резултати/ индикатори** | **Носителнаактив носта** | **Буџетмкд** |
| | | | 4.1. Воведување на награда за најуспешен млад земјоделец | 2023 | Доделена награда за науспешен земјоделец за 2023 година согласно критериумикои се родово-сензитивни | Општинска администрација<br>Градоначалник<br>Совет на општина | 30.000,00 |
| | | | 4.2.Интензивирање на соработката со АФПЗРР, АПРЗ и МЗШВ и други. | 2023 | Организирани инфо денови и издадени потврди на апликанти<br>Број на издадени потврди на апликанти разделени по пол на апликантот | Општинска администрација<br>Градоначалник | 30.000,00 |
| | **5** | **ЦЕЛ: Подготовка на проекти и проектно управување** | | | | | |

| | Задача /Проект | | Активности | Временскип ериод | Резултати/ индикатори | Носителнаактив носта | Буџетмкд |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 5.1. Аплицирање на проекти по Програмите за рамномерен регионален развој, Програмата за финансиска поддршка на рурален развој и други програми | 2023 | Аплицирани проекти по програмите<br>Број на аплицирани проекти со вклучена родова компонента | Општинска администрација<br>Градоначалник<br>Совет на општина | / |
| | | | 5.2. Сопствено учество во општински,регионални ,национални и меѓународнипроекти. | 2023 | Целосно реализирани и финасирани проекти во кои е предвидено сопствено учество<br>Број на реализирани проекти со вклучена родова компонента | | 5.000.000,00 |
| **426120 Г1** | **6** | **ЦЕЛ:Соработка со канцеларијата на СИПР** | | | | | |
| | **Задача /Проект** | | **Активности** | **Временскип ериод** | **Резултати/ индикатори** | **Носителнаактив носта** | **Буџетмкд** |
| | | | 6.1. Поддршка на испораката на услуги од канцеларијата на СИПР/ членарина за 2023 година | 2023 | Унапредена регионална соработка<br>Аплицирани проектни предлози<br>Број на аплицирани проектни предлози што ја интегрираат родовата еднаквост<br>Иницирани регионални инцијативи за одржлив развој | Општинска администрација<br>Градоначалник<br>Совет на општина | 200.000,00 |

| 426120Г1 | 7 | ЦЕЛ:Соработка со ЗЕЛС | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временскип ериод** | **Резултати/ индикатори** | **Носителнаактив носта** | **Буџетмкд** |
| | | 7.1. Заедница на единици на локална самоуправа која е своевиден сервис на единиците на локалната самоуправа /чланарина за 2023 година | 2023 | Континуирано користење на услугите од ЗЕЛС | Општинска администрација Градоначалник Совет на општина | 200.000,00 |
| | **8** | **ЦЕЛ:Изработка на стратешка и друг вид на документација** | | | | |
| | **Задача/Проект** | **Активности** | **Временскип ериод** | **Резултати/ индикатори** | **Носителнаактив носта** | **Буџетмкд** |
| | | 8.1. Покренување на иницијатива за изработка на урбанистичко планска документација за развој на локалната економија | 2023 | Реализирана иницијативата за изработка на урбанистичко планска документација за развој на локалната економија | Општинска администрација Градоначалник Совет на општина | / |
| | | 8.2.Покренување на иницијатива за изработка на техничка документација . | 2023 | Реализирана иницијативата за изработка на техничка документација | Општинска администрација Градоначалник Совет на општина | / |
| | | 8.3. Изработкана План/Стратегија за локален економски развој. | 2023 | Изработена План/ Стратегија за локален економски развој со вклучена родова перспектива | Општинска администрација Градоначалник Совет на општина Надворешен консултант | / |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Бизнис сектор<br>НВО | |
| | 9 | **ЦЕЛ:Потикнување на развој на туризмот** | | | | |
| | **Задача/Проект** | **Активности** | **Временскип ериод** | **Резултати/ индикатори** | **Носителнаактив носта** | **Буџетмкд** |
| | | 9.1.Подготовка и дизајн на промотивен материјал за привлекување на туристи и посетители во општина Крива Паланка | 2023 | Изготвен промотивен материјал кој ги зема предвид општествените нееднаквости меѓу мажите и жените | Општинска администрација Градоначалник | 50.000,00 |
| | | 9.2 . Продлабочување на соработката со збратимени општини со фокус на можностите за развој на разни видови туризам | 2023 | Продлабочена соработка | Општинска администрација градоначалник | 300.000,00 |
| | | 9.3Крирање и збогатување на туристичкиот потенцијал и понуди со посебен акцент на алтернативниот и руралниот туризам | 2023 | Организирани промотивни активности од различни области ( кулинарски, традиционални и сл.настаникои внимаваат на намалување на родовите стереотипи) | Општинска администрација Градоначалник | 120.000,00 |
| | 10 | **ЦЕЛ:Други оперативни расходи и договорни услуги** | | | | |

| | Задача/Проект | Активности | Временскипериод | Резултати/ индикатори | Носителнаактивноста | Буџетмкд |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **426310** | | 10.1Учество на специјализирани обуки, тренинзи, семинари, конференции, онлајн во земјата и во странство. | 2023 | Повисоко ниво на стручна подготвеност на општинската администрација<br>Број на жени и мажи кои учествувале на специјализирани обуки, тренинзи, семинари и конференции во земјата и странство | Општинска администрација | 100.000,00 |
| **425920** | | 10.2 Превод на проектна документација и стручна литература, услуги за печатење и издавање на литература како и друг промотивен материјал. | 2023 | Обезбеден превод на документација за реализација на проекти<br>Овозможен симултан превод за настани<br>Публикувани флаери, водичи, брошури и друг промотивен материјал | Општинска администрација | 100.000,00 |
| | | 10.3Консултантски услуги за специфични проектни активности. | 2023 | Изработени и реализирани специфични проектни активности | Општинска администрација | 100.000,00 |
| | | 10.4Подготовка и дизајн на проекти и друга проектна документација. | 2023 | Изработени техничка документација и друг вид на потребна проектна документација | Општинска администрација<br>Градоначалник | 300.000,00 |

| | |
|---|---|
| **Буџет планиран од Буџетот на општината** | **6.900.000,00** |

За реализација на целите на програмата, Општина Крива Паланка ќе ги превземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање техничките и човечките ресурси. Ќе соработува со сите чинители (организации, институции и поединци), вклучително граѓанските организации и месните заедници, кои и ќе бидат еден од главните партнери во реализацијата на активностите.
Носител на реализацијата на програмските активности е Одделението за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија во општината, кое исклучително ќе води сметка за постигање на програмските цели и родовата врамнотеженост при реализација на активностите и алокација на финансиските средства. Активностите од Програмата ќе ја имплементира Одделението за Јавни дејности , економски развој и информатичка технологија ќе ја имплементира во соработка со другите релевантни одделенија во општината.

Финансирање

Финансирањето на активностите ќе се реализира со средства од Буџетот на Општина Крива Паланка и буџет од други извори (регионални, национални, меѓународни програми, проекти и фондови).

Преодни и завршни одредби

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка", а ќе се применува од 01.01.2023година.

**Бр. 09 - 4556/23**
**07.12. 2022 год.**
**Крива Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Изабела Павловска**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за Локалниот економски развој на Општина Крива Паланка за 2023 година**

1.Се објавува Програма за Локалниот економски развој на Општина Крива Паланка за 2023 година,што Советот ја донесе на 17-та седница, одржана на ден 07.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –4665 /24**
**09.12.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 22 став 1, точка 7 и 9, член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), Член 6 став 3, Член 11 од Законот за Социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20 и 163/21),Член 2, точка 3 и член 9 од Законот за Заштита на деца („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19 и 311/20) и Член 14 точка 11 од („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/2010, 8/2014, 2/2018, 3/2019 и 08/2021),Советот на Општина Крива Паланка на седница одржана на 07.12.2022 година донесе:

# ПРОГРАМА ЗА СОЦИЈАЛНА,ДЕТСКА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА 2023 ГОДИНА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

## В О В Е Д

Социјалната заштита е дејност од јавен интерес кој се остварува преку јавни мерки и активности заради заштита од ризици, превенција и надминување на социјални проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните и граѓанкитеза спречување на социјалната исклученост, подобрување на квалитетот на живот и посебнона зајакнување на капацитетите за водење на самостоен живот. Горенаведените состојби ги дефинираме како ризици по основ на мајчинство, болест, смрт, повреда и попреченост.Транзиционите периоди во Република Македонија и во Општина Крива Паланка предизвикуваат системот на социјална заштита да се прилагодува на ново настанатата сосотојба односно проблеми, пад на животниот стандард, намален бруто домашен производ кои предизвикуваат спроведување на низа реформски процеси во областа на социјалната заштита**.**Со стапување во сила на Законот за локална самоуправа и Законот за социјална заштита и со негово изменување,голем дел од надлежностите преминуваат непосредно на локално ниво.Тоа претставува мошне значаен, но и напорен чекор кој пред се претставува процес на зајакнување на капацитетите на субјектите во локалната заедница.За поддршка на Општината во креирање и планирање на активностите и целите за изработка на Програма за Социјална заштита,детска и здраствена заштита за 2023 година,а врз основа на новиот Законот за социјална заштита во Член 141 е формиран Општински совет за социјална заштита кој има за цел мапирање на социјалните проблеми на ранливи групи во општината, да изврши анализа на сегашната состојба и капацитетите и расположливите социјални услуги, а посебно да ги утврди специфичните потреби за развој на социјални услуги во општинатаза да се дадат квалитетни индикатори за следење и анализа на социјалните аспекти на човечкиот развој на национално односно на локално ниво конкретно во областа на Социјалната заштита.Основните насоки за развој на социјалната заштита, детската и здраствената заштита се Законот за локална самоуправа, целосно новиот донесен Законот за социјална заштита, Законот за заштита на деца, Законот за семејство,Закон за еднакви можности на жените и мажите, Закон за спречување и заштита од дискриминација,

Уставот на РСМ каде се потенцира дека РСМ е социјална држава, Националната програма за развој на социјалната заштита, Стратегијата за деинституционализација,Конвенцијатана правата лицата попреченост,Конвенцијата за правата на деца,Меѓународните универзални декларации за човекови права, Конвенцијата за елиминирање на дискриминацијата, Националанта стратегија за семејно насилство, Страегија за домување, Социјален план на Општина Крива Паланка 2021-2024 година, Одлуките донесени од страна на Советот на Општина Крива Паланка и други подзаконски акти со кои се регулира социјалната заштита.
Оваа програма ги уредува подрачјата на социјалната, детската и здраствената заштита за специфичните потреби на населението на општина Крива Паланка и начинот на остварување на предвидените активности.
Програмата за социјалната заштита за 2023 година на Општина Крива Паланка предвидува соработка со Министерството за труд и социјална политика на Република Северна Македонија,Јавна установа Меѓуопштински Центар за социјална работа, Дневниот центар за лицата со интелектуална попреченост, Црвен Крст на Република Северна Македонија, Општинска Организација-Крива Паланка, Општинска јавна установа Детска Градинка „Детелинка“,Основните Општински училишта „Илинден“ и „Јоаким Крчовски“,Средното Општинско училиште „Ѓорче Петров“ во Крива Паланка,Центарот за вработување-Крива Паланка односно со Агенцијата за вработување во Република Северна Македонија,Здраствениот Дом,Проф.д-р ДимитарАрсов-Крива Паланка, УНДП, приватниот сектор и невладините организации.

**ГЛАВНА ЦЕЛ**

**Главнацел на Програмата за социјална, детска и здраствена заштита се:**

-Активна соработка со институциите на локално и национално ниво, со невладиниот и приватниот сектор.

-Изнаоѓање форми за квалитетно живеење на лицата кои имаат потреба од социјална заштита.

-Изнаоѓање форми за социјализација на маргинализирани групи на граѓани и граѓанки.

-Подобрувањена животниот стандард на населението во општината.

-Создавање услови за поквалитетни услуги на децата и младите во локалната заедница.

-Подршка на деца со попреченост вклучени во редовниот процес на образование.

-Социјално вклучување на пазарот на трудот на невработени лица кои се на листата на невработени во Центарот за вработување-Крива Паланка.

-Остварување и унапредување на човекови права на лицата со социјален ризик.

-Донесување на Одлуки согласно законските прописи за потикнување на еднакво учество и вклучување во граѓанското општество без дискриминација.

-Развивање на социјални сервисни служби во местото на живеење според принципите на изедначување на можностите на лицата во ризик согласно законските прописи.

-Меѓународна соработка во реализација на проекти од областа на детска, социјална и здраствена заштита.

**Активностите во Општина Крива Паланка ќе се реализираат во три области:**

| | | |
|---|---|---|
| **1** | **ОБЛАСТ 1** | **СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА** |
| **2** | **ОБЛАСТ 2** | **ДЕТСКА ЗАШТИТА** |
| **3** | **ОБЛАСТ 3** | **ЗДРАСТВЕНА ЗАШТИТА** |

## ЦЕЛНИ ГРУПИ СПОРЕД ОБЛАСТИ

### 1.СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

-Лица кои се социјално загрозени,бездомни лица;

-Лица кои се приматели на одредена помош од ЈУ МЦРС кои се неспособни за работа или им е одземнена работната способност;

-Стари и изнемоштени лица без семејна грижа;

-самохрани родители и родителки;

-Субвенции на лица со интелектуална, телесна попреченост и друг вид на попреченост;

-лица жртви на семејно насилство;

-Лица со интелектуална попреченост кои сештитеници во Дневниот центар за лица со интелектуална попреченост;

-Невработени лица кои се на листата на невработени во Центарот за вработување во Крива Паланка;

-Лица со попречености;

-Лица корисници на права на парична помош од социјална заштита и социјално загрозени лица,

- лична асистенција ,

-згрижувачки семејства,

-стари лица со активно стареење,

-Семејствата на загинати Бранители од 2001,

-Дом за стари лица.

**2. ДЕТСКА ЗАШТИТА**

-Деца со воспитно социјални проблеми;

-Деца без родители/ки и родителска грижа;

-Деца на улица;

-Деца на самохрани родители/ки;

-Деца  со интелектулана и телесна попреченост;

-Деца со одредена попреченост интегрирани во редовниот процес на образование;

-Деца вклучени во воспитно предучилишното образование;

-Деца со попреченост во предучилишно образование.

**3.ЗДРАСТВЕНА ЗАШТИТА**

-Возрасна категорија на граѓани над 62 и 64 години;

-Деца на самохрани родители/ки;

-Деца на семејства кои се социјално загрозени;

-Деца кои ја посетуваат предучилишната воспитно-образовна  установа;

-Ученици/ученички во основното и средното образованаие;

**Област Социјална заштита**

**Приоритетна цел 1**

**-**Помош на лица кои се социјално загрозени/ранлива категорија, лица кои претрпеле елементарна непогода, стари и изнемоштени лица, лица со попречености, невработени лица кои тешко севклучуваат на пазартот на трудот и семејства на бранители од 2001 година.

**АКТИВНОСТИ**

Активности во програмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2023 година во Општина Крива Паланка се поделени во областите во кој ќе се делува, а ќе бидат обезбедени одредени права, правно парични надоместоци и права предвидени со оваа програма.

1**.Активност во социјалната заштита:**

1.Еднократна парична и материјална помош (градежни материјали),лица во ризик, лица кои претрпеле елементарни непогоди и несреќи, лица не способни за работа, лица со попречености, стари лица.

2.Еднократна парична помош за домување на семејства кои немаат сопствено живеалиште.

3.Одбележување на Интернационалниот ден на лицата со попреченост на лицата штитеници во Дневниот центар за лица со интелектуална и телесна попреченост.

4.Социјална услуга, помош и нега во домот за стари и изнемоштени лица.

5. Аплицирање и имплементација на проекти на Министерствотот за труд и социјална политика,Агенција за вработување, и УНДП за Општинскокорисна работа 2023/24 година.

-Ангажирање на невработени лица преку Програмата на Општинско корисна работа.

6.Доделување на хуманитарни пакети на социјално загрозени лица.

7.Изградба на пристапни рампи на лицасо физичка попреченоство јавни општински установи и домување во стамбени згради.

Оваа активност ќе се реализира согласно Законот за градење за обезбедување на непречен пристап, движење, престој и работа на лица со инвалидност до и во градби со јавни деловни намени, градби со намена домување во станбени згради.

8.Еднократна парична помош на лица со попречености, тешка и длабока попреченост(пречки во телесниот и менталниот развој, аутизам, потполно слепо лице и потполно глуво лице).

9.Извршување на јавни работи од страна на корисници кои остваруваат права на парична помош од социјална заштита и социјално загрозени лица.

10.Обука на граѓани и граѓанки за лични/персонални асистенти преку сертифицирана организација.

11. еднократна парична помош за згрижувачки семејства.

12.Дневниот центар за стари лица со активно стареење.

13. Ослободување на семејствата на загинатите Бранители од 2001, од давачки спрема ЈП Комуналец.

14. Дом за стари лица.

**Област Детска Заштита**

**Приоритна цел 2**

**Помош за новородено дете, деца од социјално загрозени семејства и самохрани родители.**

**2. Активности во областа на детската заштита**

1.Едократна парична помош на деца кои потекнуваат од социјално загрозени семејства.

2.Инклузија на деца Роми кои се опфатени во ОЈУДГ„Детелинка преку ослободување на партиципација.

3. Еднократна парична помош на секое новороденче,запишано со адреса на живеење на територија на Општина Крива Паланка.

4.доделување на Количка за новороденче запишано со адреса на живеење на територија на Општина Крива Паланка.

5.Субвенционирање на престој на деца на самохрани родители со плата и други месечни приходи во износ на минимална платаво ОЈУДГ „Детелинка“.

6. Доделување на новогодишни пакетчиња за деца.

**Област на здраствена заштита**

**Приоритет 3**

**Остварување на социјална заштита на лица кои боледуваат од ретки и специфични болести, стари лица, лица во лоша здраствена и економска состојба и лица кои употребуваат психотропни супстанци и жртви на семејно насилство.**

**3.Активности во областа на здраствена заштита**

1.Еднократна парична помош на деца кои боледуваат од ретки и специфични болести,болест, болнички третмани, хирушки зафати, стари лица и лица во лоша здраствена и економска состојба заради лекување.

2.Аплицирање на проект за формирање, екипирање и опремување на Сензорна соба за деца со специфични потреби (аутизам, Даунов синдром..).

3. Едукативни трибини за здраствено воспитување на населението, деца и младинци во училишни и предучилишни установи , лица кои употребуваат психотропни супстанци и семејно насилство.

# АКЦИСКИ ПЛАН

**Оперативна, родово сензитивна буџетска програма за Социјална, детска и здраствена заштита за 2023 година на Општина Крива Паланка**

| Буџетска програма и конто | 1 | ЦЕЛ:Еднократна парична помош за физички лица<br>Во оваа категорија ќе бидат земени предвид лицата кои се во загрозена состојба поради: болест, болнички третмани, хирушки зафати, лица кои претрпеле елементарни непогоди и инесреќи, лица не способни за работа, лица со попречености, стари лица | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Задача /Проект | Активности | Временски период | Резултати/индикатори | Носител на активноста/ Одговорен | Буџет мкд |
| **471160** | | **1.**Еднократна парична и материјална помош (градежни материјали),лица во ризик, лица кои претрпеле елементарни непогоди и несреќи, лица не способни за работа, лица со попречености, стари лица | Во текот на годината | Подобрување на квалитетот на живеење на лицата во наведените категории<br><br>Број на доделена еднократна парична помош разделен по пол за 2023г. | Општина Крива Паланка | 440.000,00 МКД |
| **471270** | | 2.Еднократна парична помош за домување на семејства кои немаат сопствено живеалиште | Во текот на годината | Подобрување на условите за живот<br><br>Број на доделена еднократна парична помош за домување за 2023г. разделен по пол | Општина Крива Паланка | 50.000,00 МКД |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **464990Г1** | | 3.Одбележување на Интернационалниот ден на лицата со попреченост на лицата штитеници во Дневниот центар за лица со интелектуална и телесна попреченост | 3-ти Декември 2023 | Подобрен квалитетот на животот на штитениците во Дневниот Центар за лицата со интелектуална и телесна попреченост<br><br>Покрената свест за живеење живот со попреченост и интеграција на лицата со попреченост во секојдневниот живот | Општина Крива Паланка | 30.000,00 МКД |
| | | 4.Социјална услуга, помош и нега во домот за стари и изнемоштени лица | Во текот на годината | Оспособување на старите лица за самостоен и подобар живот<br><br>Број на регистрирани корисници на дом за стари лица разделен по пол | ОО Црвен Крст Крива Паланка | 30.000,00 МКД |
| **464990Г1** | | 5.Аплицирање и имплементација на проекти на Министерствотот за труд и социјална политика,Агенција за вработување, и УНДП за Општинско корисна работа 2023/24 година | Во текот на годината | Подобрување на условите за живот на лицата кои тешко се вклучуваат на пазарот на трудот | Општина Крива Паланка | 100.000,00 МКД |
| | | 6.Доделување на хуманитарни пакети на | Во текот на годината | Подобрување на условите за живот | Општина Крива Паланка | 50.000,00 МКД |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | социјално загрозени лица (50 пакети) | | Број на доделени хуманитарни пакети (50) разделен по пол | | |
| | | 7.Изградба на пристапни рампи на инвалидизирани лица во јавни општински установи и домување во стамбени згради | Во текот на годината | Подобрување на условите за живот<br><br>Број на изградени пристапни рампи во 2023г. | Општина Крива Паланка | 100.000,00 МКД |
| **471410** | | 8. Еднократна парична помош на лица со попречености, тешка и длабока попреченост(пречки во телесниот и менталниот развој, аутизам, потполно слепо лице и потполно глуво лице) | Во текот на годината | Подобрување на условите за живот<br><br>Број на доделена еднократна парична помош за лица со попреченост разделен по пол за 2023г. | Општина Крива Паланка | 200.000,00 МКД |
| **425990 Ј8/Г1** | | 9.Извршување на јавни работи од страна на корисници кои остваруваат права на парична помош од социјална заштита и социјално загрозени лица | Во текот на годината | Подобрување на условите за живот на лицата кои тешко се вклучуваат на пазарот на трудот | Општина Крива Паланка | 1.000.000,00 МКД |
| **425990** | | 10.Обука за лична/персонална асистенција | Во текот на годината | Зголемување на бројот на персонални асистенти и подобрен живот на лицата со попречености | ОО Црвен Крст Крива Паланка | 200.000,00 МКД |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Број на учесници на обуки и обучени лица разделен по пол | | |
| **471280** | | 11.Поддршка и еднократна парична помош за згрижувачки семејства | Во текот на годината | Подобрување на условите за живот | Општина Крива Паланка | 30.000,00 МКД |
| | | 12.Дневниот центар за стари лица со активно стареење | Во текот на годината | Активно стареење | ОО Црвен Крст Крива Паланка | 90.000,00 МКД |
| | | 13.Ослободување на семејствата на загинатите Бранители од 2001, од давачки спрема ЈП Комуналец. | Во текот на годината | | Комуналец | / |
| | | 14.Дом за стари лица | Во текот на годината | Број на жени и мажи кои имаат потреба од дом за стари лица | Општина Крива Паланка | Средства од днатори |
| | **2** | **ЦЕЛ:Помош за новородено дете, деца од социјално загрозени семејства и самохрани родители** | | | | |
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/индикатори** | **Носител на активноста/ Одговорен** | **Буџет мкд** |
| | | 1.Едократна парична помош на деца кои потекнуваат од социјално загрозени семејства | Во текот на годината | Подобрување на условите за живот | Општина Крива Паланка | 50.000,00 МКД |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Број на доделена еднократна парична помош за деца во социјален ризик разделен по пол на детето | | |
| | | 2. Инклузија на деца Роми кои се опфатени во ОЈУДГ„Детелинка преку ослободување на партиципација. | Во текот на годината | Подобрување на квалитетот на животото на децата Роми/ | Општина Крива Паланка и МТСП | Блок дотации од МТСП |
| | | 3. Еднократна парична помош на секое новороденче, запишано со адреса на живеење на територија на Општина Крива Паланка | Во текот на годината | Подобрување на условите за живот<br><br>Број на доделена помош за новороденче за 2023г. | Општина Крива Паланка | 300.000,00 МКД |
| | | 4.Доделување на Количка за новороденче запишано со адреса на живеење на територија на Општина Крива Паланка | Во текот на годината | Подобрување на условите за живот | Општина Крива Паланка | 300.000,00 МКД |
| | | 5.Субвенционирање на престој на деца на самохрани родители со плата и други месечни приходи во износ на минимална плата во ОЈУДГ „Детелинка“ | Во текот на годината | Подобрување на условите за живот<br><br>Број на субвенционирани самохрани родители разделен по пол | Општина Крива Паланка | 100.000,00 МКД |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | 6. Доделување на новогодишни пакетчиња за деца | Декември 2023 | Подобрување на квалитетот на живот<br><br>Број на доделени новогодишни пакетчиња разделен по пол на детето | Општина Крива Паланка | 80.000,00 МКД |
| **471160** | **3** | **ЦЕЛ:Остварување на социјална заштита на лица кои боледуваат од ретки и специфични болести, стари лица, лица во лоша здраствена и економска состојба и лица кои употребуваат психотропни супстанци и жртви на семејно насилство.** | | | | |
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/индикатори** | **Носител на активноста/ Одговорен** | Буџет мкд |
| | | 1.Еднократна парична помош на деца кои боледуваат од ретки и специфични болести, болест, болнички третмани, хирушки зафати, стари лица и лица во лоша здраствена и економска состојба заради лекување | Во текот на годината | Подобрување на квалитетот на живеење<br><br>Број на доделена парична помош според видот на болеста и полот на лицето кое се лекува | Општина Крива Паланка | 100.000,00 МКД |
| | | 2.Аплицирање на проект за формирање, екипирање и опремување на Сензорна соба за деца со специфични потреби (аутизам, даунов синдром..) | Во текот на годината | Подобрување на условите за работа за децата од наведените категории<br><br>Проект добиен (да/не) | Општина Крива Паланка | 30.000,00 МКД Општина |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 3. Едукативни трибини за здраствено воспитување на населението, деца и младинци во училишни и предучилишни установи , лица кои употребуваат психотропни супстанци и семејно насилство | Во текот на годината | Подигање на јавната свест земајќи ги предвид различните ситуации во кои се наоѓаат жените и мажите кои употребуваат дроги и различните ризици на кои се изложени поради нивната родова припадност | Општина Крива Паланка | 20.000,00 МКД |
| Буџетот планиран од Буџетот на Општината | | | | | **3.300.000,00** | |
| Буџет планиран од други извори | | | | | **14.045.000,00** | |
| | | | | **Вкупно** | **17.345.000,00** | |

**ФИНАНСИРАЊЕ**

Средствата потребни за реализација на Програмата за социјална, здраствена и детска заштита за 2023 година ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Крива Паланка, средствата добиени преку аплицирање од Министерството за труд и социјалана полититка на Република Северна Македонија, средства добиени од УНДП, грантови добиени од организации, амбасади, заинтересирани партнери за меѓусебна соработка во земјата и странство.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Градоначалникот на Општина Крива Паланка се грижи за обезбедување на Програмата за социјална, детска и здраствена заштита.

Општина Крива Паланка преку Одделението за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија ќе го следи спроведувањето на програмата, ќе покренува иницијативи, дава мислења и дава предлози во врска со остварување на предвидените активности.

Програмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2023 година не е конечна и истата може да се надополнува тековно согласно новонастаната состојба, имајќи го предвид функционирањето и во услови на корона вирус.

Програмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2023 година во принцип е родово сензитивна затоа штобуџетската алокација на средства во тритеобласти (**социјалната, детската и здравствената заштита)** е во дирекна корелација со најранливите категории на граѓани и граѓанки во заедницата и нивните потреби и приоритети.

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Крива Паланка, а ќе се применува од 01.01.2023 година.

**Бр.09-4665/25**
**07.12.2022 година**
**Крива Паланка**

**Совет наОпштина Крива Паланка**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за социјална,детска и здравствена заштита во Општина Крива Паланка за 2023 година**

1.Се објавува Програма за социјална,детска и здравствена заштита во Општина Крива Паланка за 2023 година,што Советот ја донесе на 17-та седница, одржана на ден 07.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –4665 /26**
**09.12.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.05/02) и член 14 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.08/10, 08/14, 02/18 ,03/19 и 08/21), Советот на Општина Крива Паланка на седница одржана на ден 07.12.2022 година донесе,

**П Р О Г Р А М А**

на Општина Крива Паланка од областа на соработка со здруженија на граѓани и

фондации за 2023 година

Во 2023 година Општина Крива Паланка ќе продолжи со својата политика за понатамошно продлабочување и унапредување на соработката со граѓанските организации, односно здруженијата на граѓани и фондации, а во насока на креирање активен граѓански сектор, кој ќе биде сериозен партнер на општината, во креирањето на локалните политики и кој ќе придонесува за понатамошен развој и подобрување на квалитетот на живеење на локалната заедница, како и втемелување на социјална правда и еднакви можности за сите граѓани и граѓанки од заедницата.

Распределбата на јавните финансии претставува сериозна задача за секоја јавна администрација или управен орган, а соодветната распределба на јавните финансии ги потврдува добрите намери на локалната власт за одговорно управување со јавното трошење и услугите кои се даваат на граѓаните. Затоа, целта на оваа програма е транспарентна распределба на буџетски средства, особено средства од општинските буџети, со цел да се овозможи покорисно и потранспарентно префрлање на средства до граѓанските организации (ГО).

Советот на Општина Крива Паланка усвои методолошки пристап за транспарентна распределба на средства наменети за организациите на граѓанското општество, т.н. ЛОД Методологија, која е изработена заради потребата од едноставни алатки, кои може првенствено да ги користат општините за распределба на сопствените буџетски ресурси, но исто така, и врз основа на барањата на граѓанските организации и нивната желба за полесен и поедноставен пристап, не само до финансиски средства од општинските буџети, туку и до средства од разни извори.

**Со примената на ЛОД Методологија се** обезбедува квалитет, во процесот на планирање и имплементација на проекти, како и униформна употреба на алатки и документација за успешна имплементација и мониторинг на проектите и трошењето на средствата, кои се распределени на граѓанските организации.

Од друга страна и искуството со активностите во претходните неколку години за распределба на буџетски средства до локалните граѓански организации и здруженија преку Јавен повик за аплицирање со сопствени проектни идеи и активности, се покажа позитивно, односно забележан е мал напредок во зголемувањето на капацитетите на овие организации за проектниот менаџмент циклус, така што Општината ќе продолжи да го применува овој пристап на поддршка на ГО во реализацијата на нивни проекти и проектни/програмски активности.

## I. ЦЕЛИ

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Крива Паланка за поддршка на граѓанскиот сектор во 2023 година се:

- Унапредување на соработка со граѓанските организации во согласност со можностите и условите;
- Создавање услови за реализирање на активности на граѓаните/ките и здруженија на граѓани имајќи ја предвид родовата интеграција;

- Зголемена транспарентност и отчетноста на Општина Крива Паланка во распределба на средства наменети за граѓанските организации.

## II. АКТИВНОСТИ

За реализирање на целите на оваа Програма, Општина Крива Паланка ќе ги преземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање сите свои технички и човечки ресурси. Во контекст на ова активностите најмногу ќе се насочуваат кон:

1. Давање поддршка на проекти, проектни и програмски активности и идеи, кои се од поширок општествен интерес, согласно со стратешките документи на Општината и кои подеднакво ги задоволуваат потребите на мажите и жените и на младите.

2. Иницирање на поголема партиципативност на граѓанскиот сектор, преку негово директно вклучување во работењето на Општина Крива Паланка.

3. Имплементација на ЛОД Методологијата- (методолошки пристап за распределба на средствата), со цел успешна реализација на проектите со конкретни резултати за локалната заедница и максимален ефект од распределените средства.

4. Обезбедување просторни услови за работа на здруженијата на граѓани од општината (Центар за граѓански организации)

5. Други активности предвидени со програмата.

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма е од Буџетот на општина Крива Паланка, од спонзорства и донации.

За активности од областите што ги опфаќа оваа Програма, а кои со својата актуелност, квалитет и општ интерес ќе се појават во текот на 2023 година, ќе бидат издвоени дополнителни средства од Буџетот на општината во Програмите од соодветните области.

Финансирањето на активностите ќе се реализира со средства од Буџетот на Општина Крива Паланка со вкупно 860 000,оо денари.

| Табеларен приказ на предвидени активности за 2023 година | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **р/б** | **Предвидени активности** | **Носител** | **Средства од општински буџет** | **Тип на поддршка/соработка** | **Временски период на имплементација** |
| 1. | Давање поддршка на проекти, проектни и програмски активности и идеи, кои се од поширок општествен интерес и согласно со стратешките документи на Општината и кои подеднакво ги задоволуваат потребите на мажите и жените и младите. | Општина Крива Паланка | 500 000 | Подготовка и објава на Јавен повик, трансфер на средства до ГО-и, мониторинг и известување за тек на имплементација. | Од Февруари до Декември 2023 |
| 1.2 | Распишување на Јавен повик за невладини организации согласно | Општина Крива Паланка<br><br>УНДП | 200.000, 00 | Подготовка и објава на Јавен повик за ГО со дефинирана област млади, трансфер на средства до ГО-и, | Март 2023 до Февруари 2024 година |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | партнескиот проект од ReLOaD 2- Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) | | | мониторинг и известување за тек на имплементација.<br>Обезбедени средства за кофинасирање на проекти за млади, согласно договорот со УНДП | |
| 1.3 | Обука за менаџирање со проектен циклус - | Општина Крива Паланка во соработка со (УНДП) | 30 000 | Обуки за сите НВО, како да подготват проект, како да го реализираат, мониторинг и евалуација на проектот,проценка на ризиците,како да управуваат со тимна луѓе за успешно завршување на проектот.Овие обуки ќе се осврнат на анализа на потребите, целите, акциониот план, план за комуникација,и буџет. | Февруари – Март 2023<br>По распишување на Јавен повик |
| 2. | Иницирање на поголема партиципативност на граѓанскиот сектор, преку негово директно вклучување во работењето на Општина Крива Паланка. | Општина Крива Паланка | 30 000 | Подготовка и креирањето на Буџетот на општуната со диретно вклучување на Граѓанските организации во процесот, а преку примена на форумскиот пристап. | Во текот на годината согласно процедурата за донесување на Буџетот . |
| 3. | Имплементација на ЛОД Методологијата- (методолошки пристап за распределба на | Општина Крива Паланка | | Примена на сите чекори и елементи од методолошкиот пристап за транспарентна распределба на | Јануари - Декември 2023 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | средствата). На овој начин ја унапредуваме транспарентната распределба на средствта за ГО, постигнуваме успешна реализација на проектите со конкретни резултати за локалната заедница и максимален ефект од распределените средства. | | | средства предвидени за подршка на ГО | |
| 4. | Обезбедување просторни услови за работа на здруженијата на граѓани од општината (Центар за граѓански организации) | Општина Крива Паланка | | | Јануари - Декември 2023 |
| 5. | Други активности предвидени со програмата | Општина Крива Паланка | 100.000 | Покровителство/ партнерство / заедничка имплементација | Јануари - Декември 2023 |
| | **ВКУПНО** | 860 000 ден. | | | |

## IV. ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ

Освен со финансиски средства Општина Крива Паланка, активностите на граѓанскиот сектор ќе ги помага и со:

- Логистичка поддршка во реализација на акции и иницијативи, вмрежувања, лобирања, остварување на партнерства;
- Обезбедување стручна, техничка и други видови помош;
- Покровителство;
- Доделување награди и признанија;
- Учество на промотивни и протоколарни средби;
- Организирање трибини, форуми, дебати, кампањи и сл. на теми што се од јавен интерес;

За реализација на целите на Програмата, Општина Крива Паланка ќе ги преземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање техничките и човечките ресурси. Ќе соработува со сите чинители (организации, институции и поединци) и засегнати страни за унапредување на соработката со граѓанските организации, кои се еден од главните партнери во реализацијата на активностите.

Програмата е родово сензитивна и вкупниот буџет на програмата од 860 000,оо денари, е родово сензитивен.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Крива Паланка, а ќе се применува од 01.01.2023 година

**Образложение**

Нацрт-програмата за активностите на Општина Крива Паланка за поддршка на граѓанскиот сектор во 2023 година претставува континуитет од Програмата за 2022 година. Нацрт-документот е првично планирање на активностите во оваа област, а конечната Предлог-програма ќе ги содржи во себе сите забелешки, сугестии и насоки што ќе произлезат од Советот на Општина Крива Паланка.

**Бр. 09 - 4665/27** **Совет на Општина Крива Паланка**
**07.15. 2022 год.** **Претседател**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма на Општина Крива Паланка од областа на соработка со здруженија на граѓани и фондации за 2023 година**

1.Се објавува Програма на Општина Крива Паланка од областа на соработка со здруженија на граѓани и фондации за 2023 година,што Советот ја донесе на 17-та седница, одржана на ден 07.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –4665 /28**
**09.12.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

**АКЦИСКИ ПЛАН**

**Оперативна, родово сензитивна буџетска програма од областа за соработка со здруженија на граѓани и фондации на Општина Крива Паланка за 2023 година**

| **Буџетска програма и конто** | **1.** | **ЦЕЛ: Унапредување на соработка со граѓанските организации во согласност со можностите и условите;** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/индикатори** | **Носител на активноста/ Одговорен** | **Буџет мкд** |
| | **1.1.** Давање поддршка на проекти и програмски активности и идеи, кои се од поширок опшествен интерес и согласно со стратешките документи на Општината и кои подеднакво ги задоволуваат потребите на мажите и жените и младите. | 1.1.1. Подготовка и објава на Јавен повик, трансфер на средства до ГО-и, мониторинг и известување за тек на имплементација. | Јануари-Декември | Подржани проектни апликации кои третираат прашања кои директно ги засегаат и жените и мажите и кои се менаџирани од жени и мажи. *Ќе бидат поддржани проектни апликации од кои (51,5% мажи и 48.5% жени) ќе бидат корисници* | Општина Крива Паланка | 500 000 ден. |
| | 1.2. **Обука за менаџирање со проектен циклус** | 1.2.2 Подготовка и реализација на обука за менаџирање со проектен циклус | Јануари-Декември | Број на обучени жени и мажи за менаџирање на проектен циклус | | 30 000 ден. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | *10 жени и 10 мажи обучени за менаџирање со проектен циклус* | Општина Крива Паланка | |
| | 1.3.Други активности за подршка на ГО, предвидени со програмата. | 1.3.1.Организирање трибини, форуми, дебати, кампањи и сл. на теми што се од јавен интерес;<br>1.3.2.Учество на промотивни и протоколарни средби;<br>1.3.3.Логистичка поддршка во реализација на акции и иницијативи, вмрежувања, лобирања, остварување на партнерства; | | *Број на партиципативно учество на жените и мажите во разни активности на општината* | | 100 000 ден. |
| | **2.** | **ЦЕЛ: Создавање услови за реализирање на активности на граѓаните и здруженија на граѓани;** | | | | |
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/индикатори** | **Носител на активноста/ Одговорен** | **Буџет мкд** |
| | 2.1. Иницирање на поголема партиципативност на граѓанскиот сектор, преку | 2.1.1. Претставници на граѓанските организации се директно вклучени во процесот на подготовка и креирањето на родово | Октомври-Ноември | Директна вклученост во форумскиот процес на 45 жени 24 мажи од кои 30% од учесниците се членови | Општина Крива Паланка | **30 000 ден.** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | негово директно вклучување во работењето на Општина Крива Паланка. | одговорен Буџетски форум на општината.<br>2.1.2.Граѓанско директно учество и во други активности што ги организира и спроведува општината (стратешки планирања, проектни форуми и др. активности) | | на невладини организации.<br>*Број на партиципативно учество на жените и мажите во разни активности на општината* | | |
| | 2.2 Центар за граѓански организации | 2.2.1.Обезбедување просторни услови за работа на здруженијата на граѓани од општината. | Јануари-Декември | | Општина Крива Паланка | |
| | **3.** | **ЦЕЛ: Зголемена транспарентноста и отчетноста на Општина Крива Паланка во распределба на средства наменети за граѓанските организации.** | | | | |
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/индикатори** | **Носител на активноста/ Одговорен** | **Буџет мкд** |
| | **3.1.** Имплементација на ЛОД Методологијата, што всушност преставува методолошки пристап за транспарентна распределба на средствата. | 3.1.1.Подготовка и објава на Јавен повик за ГО со дефинирана област млади, трансфер на средства до ГО-и, мониторинг и известување за тек на имплементација.<br>3.1.2.. Подготовка на сите | Јануари-Декември | Зголемена транспаренстност во реализација на проектите со конкретни резултати за локалната заедница за мажите и жените и младите и постигање на максимален ефект од распределените средства. | Општина Крива Паланка | 200 000 ден. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | чекори и елементи од методолошкиот пристап за транспарентна распределба на средства предвидени за поддршка на ГО. | | Објавен јавен повик за ГО во областа млади со вклучена родова перспектива како интер-секторска тема<br><br>Број и имиња на женски граѓански организации (ЖГО) или ГО кои ја вклучуваат родовата еднаквост како дел од работата кои добиле средства | | |
| | | | | | **ВКУПНО** | **860 000 ден.** |

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа ( Сл. весник на РМ бр. 5/02), член 14 став 1 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, ( „Службен весник на Република Мекедонија „ бр.6/12,30/13,166/14 и 150/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија „бр.53/21) и член 14 точка 41 од Статутот на Општина Крива Паланка (“Службен гласник на Општина Крива Паланка број 08/10, 08/2014, 02/2018, 03/2019 и 08/21 ), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 07.12.2022г. донесе

# ПРОГРАМА

## За активностите на Општина Крива Паланка во областа на еднаквите можности за 2023 година

### Вовед

Програмата за активности од областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Крива Паланка за 2023 година, има за цел да ја промовира и унапреди родовата еднаквост согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите – пречистен текст („Службен весник на РМ“ бр. 201/2015) со кој се забранува и казнува секаков вид дискриминација врз основа на пол во јавниот и приватниот сектор во областа на вработувањето и трудот, образованието, социјалната сигурност, културата, спортот, односно во сите сфери на човековото живеење.

Еднаквоста помеѓу мажите и жените воспоставува основни права за сите и основни вредности за секоја демократија. Со цел да биде остварено, ова право не само што треба да биде легално препознатливо, туку и ефективно да биде применето на сите сфери од животот.

Политиката на родова рамноправност и зајакнувањето на жените, преставува едно од фундаменталните начела на демократијата и општествениот поредок. Родовата рамноправност во Република Македонија, е загарантирана со Уставот од 1991 година и како фундаментално човеково право претставува една од најважните цели и приоритети за државата. Покрај Уставот, родовата рамноправност е предвидена и регулирана и во други законски прописи и меѓународни договори кои претставуваат составен дел од нашиот правен поредок.

Законот за еднакви можности на жените и мажите има за цел да ги уреди основните и посебните мерки за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите, како и надлежностите, задачите и обврските на одговорните субјекти за нивно обезбедување.

Локалната власт може преку своите надлежности и преку координација со многубројните локални фактори, да превзема конкретни акции во корист на половата еднаквост, намалување на нееднаквостите и промовирањето на вистинско еднакво општество.

Комисијата за еднакви можности - , како постојано работно тело при Советот на Општина Крива Паланка е утврдена со Статутот на Општина Крива Паланка од 31.10. 2006г. мандатот на КЕМ како и на другите постојани работни тела – комисии при Советот на Општината е четири години.

И покрај бројните примери на јавна препознатливост и постигнат напредок, еднаквоста помеѓу половите сѐуште не е реалност во секојдневиот живот. Во пракса мажите и жените не ги уживаат истите права. Сѐуште постојат социјални, политички, економски и културни нееднаквости.

Ваквите нееднаквости се резултат на социјалниот менталитет наметнат поради бројни стереотипи присутни во рамките на семејството, образованието, културата, медиумите, работната средина, организацијата на општеството итн. Има толку многу области во кои може да се делува со наметнување на нов пристап и правење на структурни промени.

Доколку сакаме да изградиме заедница што се базира на еднаквост, многу е битно локалната власт целосно да ја земе во предвид половата димензија и да ја вметне во своите правила на управување, организација и практично работење. Во денешницата и во иднината, вистинската еднаквост помеѓу мажите и жените е исто така клучот за нашиот економски и социјален успех - не само на локално туку и национално ниво.

Основна цел на овој програмски документ е да се се обезбеди континуиран развој во реализацијата на родовата рамноправност во општината .

Општина Крива Паланка **програмата** ќе ја реализира во рамките на своите можности и расположливите средства во Буџетот на Општината за 2023 година за конкретни намени, во соработка со различни здруженија на граѓани, институции и организации, кои работат на полето на родовата еднаквост.

Програмата ќе се спроведува во текот на 2023 година.

Согласно **Акцискиот план за родова рамноправност на Општина Крива Паланка 2021 – 2023** на кои ќе ги насочиме активностите и интензивираме работата во 2023 година за унапредување на состојбата со родовата рамноправност е областа:

- **РОДОВО ОДГОВОРНО ПЛАНИРАЊЕ И БУЏЕТИРАЊЕ**

## I ЦЕЛИ

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Крива Паланка за еднакви можности на жените и мажите за 2023 година се:

1. Интегрирање на родовата перспектива во стратешко планирање и оперативно програмирање на локалните политики и буџетската алокација на средства.

2. Јакнење на локалните капацитети ( Комисијата за еднакви можности, општинската администрација, НВО и други засегнати страни) со цел постигање на повисоко ниво на родова рамноправност во локалната заедница;

3. Редовна публикација на активности и материјали за родова рамноправност;

# II

# АКТИВНОСТИ 2023

Во контекст на дефинираните цели, активностите најмногу се насочени кон:

- Родово сензибилизирано планирање и буџетирање на локално ниво;
- Јакнење на локалните капацитети ( КЕМ, локална администрација , НВО) со цел подигање на повисоко ниво на родова рамноправност во заедницата;

Во текот на 2023 година во Општина Крива Паланка се планира да се реализираат следните активности од доменот на еднаквите можности.

| **Буџетска програма: РОДОВА ЕДНАКВОСТ Џ1** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **ЦЕЛ:** Интегрирање на родовата перспектива во стратешко планирање и оперативно програмирање на локалните политики и буџетската алокација на средства | | | | | |
| **Задача** | | **Активности** | **Временски период** | **Резултати / индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет мкд** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.1 Родова сензибилираност на локалните политики и плански и развојни документи на општината** | 1.1.1 Подготовка на профил на Општината базиран на родово разделени информации – податоци;<br>1.1.2 Анализа од родов аспект на постојните плански и развојни документи во општината;<br>1.1.3 КЕМ – зголема аналитичка активност на комисијата за еднакви можности и нејзината улога и моќ во одлучувачките процеси во локалната заедница во делот на , одобрувањето и усвојување на родово сензибилизирани локални политики и плански и развони документи; | Континуирано<br><br>2023 | Усвојување на родово одговорни политики и родово сензибилизирани стратешки и развојни документи на општината | - Координаторката за еднакви можности на женит и мажите<br><br>- Интерсекторска работна група за родово одговорно, стратешко планирање и буџетирање<br><br>-Градоначалник<br><br>-Општинска администрација<br><br>- Комисијата за еднакви можности | Нема буџетски импликации |
| **1.2 Родово одговорно буџетирање на локално ниво преку родово сензитивно планирање на расходите во** | 1.2.1 Вклучување на родовиот концепт во процесот на креирање на буџетот, локалните политики, оперативни буџетски програми и проекти во општината. | Ноември 2023 | - Поправиччна алокација на финасиските средства во општината водејќи | - Интерсекторска работна група за родово одговорно, стратешко | **120 000,00** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **оперативните годишни буџетски програми на општината за 2024 година. Џ1 426210** | 1.2.2 Реализација на родово одговорен буџетски форум.<br><br>(Интерсекторската работна група за стратешко планирање и буџетирање и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите (КЕМ) при Советот на Општина Крива Паланка ќе ги разгледува развојните планови и други акти и предлог-одлуките пред да бидат усвоени од Советот на Општината и за истите ќе доставува мислење и препораки, а воедно ќе учествува и во креирањето на стратешките документи за Општината согласно Законот.) | | подеднакво сметка за потребите и на жените и на мажите, и на децата и на пензионерите, и на младите и старите.<br><br>- Транспарентно, отчетно, законито, и инклузивно, креирање на локалните политики и буџетски програми заедно со граѓаните.<br><br>- Подигнато на повисоко<br><br>ниво родовото одговорно планирање и распределување на средствата, што ќе продуцира поголема транспарентност и одговорност на локалниот/ општинскиот буџет од аспект на родовата рамноправност | планирање и буџетирање<br><br>- Координаторката за еднакви можности на женит и мажите<br><br>-Комисијата за еднакви можности<br><br>-Градоначалник<br><br>-Општинска администрација | |
| **Вкупно** | | | | | **120 000,00** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| **2** | **ЦЕЛ:** Јакнење на капацитетите на Комисијата за еднакви можности и општинската администрација со цел постигање на повисоко ниво на родова рамноправност во локалната заедница | | | | |
| **Задача** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати** | **Носител на активноста** | **Буџет мкд** |
| **2. Едукација за промовирање и унапредување на еднаквите можности на жените и мажите**<br><br>**Џ1 425990** | 2.1 Учество на семинари, работилници, панел дискусии и округли маси поврзани со правото на еднаквите можности за сите. | Континуирано<br><br>2023 | Зајакнати и оспособени капацитетите и знаењата на локалната власт и локалната заедница, што ќе резаултира со повисоко ниво на родова рамноправност во заедницата. | Комисијата за еднакви можности<br><br>-Градоначалник | **35000,00** |
| **Вкупно** | | | | | **35000,00** |
| **3** | **ЦЕЛ:** Редовна публикација на активности и материјали за родова рамноправност | | | | |
| **Задача** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати** | **Носител на активноста** | **Буџет мкд** |
| **Дисеминација на информации и материјали за еднакви можности**<br><br>**Џ1425920** | 3.1 Публицирање на информации преку дистрибуција на печатени материјали во општинскиот центар за услуги, веб страната на општината и други форми на дисеминација на информации<br><br>. | Континуирано<br><br>2023 | Обезбеден пристап до информациии за родова статистика и родов аеднаквост во локалната заедница | -Интерсекторска работна група за родово одговорно, стратешко планирање и буџетирање | **15000,00** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | -Комисијата за еднакви можности<br><br>-Градоначалник<br><br>- Комисијата за еднакви можности | |
| **Вкупно** | | | | | **15000,00** |
| **СЕ ВКУПНО** | | | | | **170 000,00** |

За реализација на целите на Програмата, Општина Крива Паланка ќе ги превземе сите потребни активности и ќе ги стави на раполагање техничките и човечките ресурси. Ќе соработува со сите чинители (организации, институции и поединци) и засегнати страни за унапредување на родовата рамноправност на локално ниво, вклучително граѓанските организации кои и ќе бидат еден од главните партнери во реализацијата на активностите.

## III МЕТОДИ НА РАБОТА

Основни методи кои ќе бидат користени во реализација на активностите се:

- **Работни средби** –Организирани за координација помеѓу КЕМ, Интерсекторската работна група за стратешко планирање и буџетирање , Градоначалникот (општинската администрација) и другите партнери во реализација на активностите (експерти од одредени области, НВО-и, целни групи на граѓани и др.) кои ќе учествуваат во имплементацијата на активностите;

- **Дискусионо обучувачки методи** – ќе бидат користени во рамките на спроведување на обуките, предавањата, советувањата и сл. согласно активностите. Во формата на обуките, предавањата, советувањата и сл. ќе се користат современи образовни технологии, аудио визуелни и мултимедијални образовни продукти во зависност од новонастанатата ковид ситуација и функционирање во услови на епидемија.

- **Истражувачко аналитички методи-** ќе се користат при и анализа на постигање на целите. Приоритетно ќе се применуваат методите на анализа, собирање, анализирање и систематизирање на информацијата (интервјуа и анкети со целните групи);

- **Информативно промотивни –** овој тип на метод ќе се користи при дистрибуцијата и презентирањето на рекламните и пропагандните материјали, организацијата на обуките, предавањата, советувањата и други потреби согласно содржината на активностите;

- **Правни** – ќе се користат при планирањето на програмско оперативните активности согласно законските надлежности на општината.

- **Финансиско сметководствени методи** – ќе се користат во процесот на подготовка на буџетите за секоја активност поединечно, периодичните и финалните финансиски извештаи за реализација на активностите;

## IV ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите ќе се реализира со средства од Буџетот на Општина Крива Паланка.

## V. МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Крива Паланка и Интерсекторската работна група за стратешко планирање и буџетирање ќе го следат текот и динамиката на спроведување на Програмата и ќе даваат свои оценки како и предлози за неопходни промени се со цел постигнување на утврдените цели.

До Советот на Општината, Градоначалникот и Секторот за еднакви можности при Министерството за труд и социјална политика од страна на координаторот за еднакви можности на жените и мажите ќе биде доставен годишен извештај за имплементација на активностите и реализацијата на целите, со тоа во делот на евалуацијата се вклучува и Секторот за еднакви можности при Министерството за труд и социјална политика.

Програмата стапува на сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во Службен гласник на Општина Крива Паланка, а ќе се применува од 01.01.2023 година

**Бр. 09 – 4556/29**
**07.12. 2022 год.**
**Крива Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Изабела Павловска** с.р

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на еднаквите можности за 2023 година**

1.Се објавува Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на еднаквите можности за 2023 година,што Советот ја донесе на 17-та седница, одржана на ден 07.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –4665 /30**
**09.12.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 20 став 1 точка 5 од Закна младиснко учество и младиснки политики (Службен весник н а Република Северна Македонија „ бр.10/20), и член 38-е од Стаутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка " 8/10, 8/14, 2/18, 3/19 и 8/21) Локалниот младински совет на Општина Крива Паланка ја предлага

**Програма за работа на**

**ЛОКАЛНИОТ МЛАДИНСКИ СОВЕТ**

**на Општина Крива Паланка**

**за период од 01.01.2023 до 31.12.2023**

Младите се иницијатори и носители на општествените промени, како во државата така и на локално ниво во општина Крива Паланка. Младите се извор на идеи и иновации, потенцијал кој треба да се искористи и насочи кон социјален, економски, културен и еколошки развој на општината. Програмата на Локалниот младински совет има за цел да изгради партнерство помеѓу институциите, граѓанските здруженија и невладини организации, градоначалникот и Советот на Општина Крива Паланка, и пред се младите лица од Крива Паланка за поголема инклузивност, социјален дијалог и интегрираност на младите во носењето на идните политики за младите во општина Крива Паланка.

Годишната програма е во насока на остварување на одредени тематски области дефинирани во Националната стратегија за млади на Република Северна Македонија 2016-2025, цели дефинирани на Јавната трибина за утврдување на приоритетите на младите во Крива Паланка, Локалната стратегија на млади 2019-2023 година, прилагодени на локално ниво за потребите на младите во општина Крива Паланка.

Тематски области на Годишната програма за работа на Локалниот младински совет за 2023 година

- Младинско учество и едукција на млади
- Култура
- Спорт
- Животна средина

Во сите тематски области, родовата компонента е вклучена на хоризонтално ниво.

**Младинско учество** преку воспоставување на консултативен процес во донесување на одлуки за младите и активно учество во општествените процеси кои се од нивни интерес притоа земајќи ги различните потреби на младите жени и мажи. Младинското учество треба да биде клучен механизам кој ќе води до подобрување на квалитетот на животот на младите во општината, преку еднаква вклученост на жените и мажите и етничките заедници кои живеат во општината во креирањето, донесувањето и реализацијата на политиките кои се од интерес на младите.

**Едукација на младите** преку вклучување на младите лица од општината во работилници и семинари за едукација на младото население во области кои ќе бидат од нивна корист и општо добро на заедницата.

**Културата** е фактор кој го поттикнува социјалниот развој кај младите, ја зголемува општествената поврзаност и ја профилира сликата на една општина. На културен план младите можат да придонесат во повеќе области вклучувајќи музика, театар, уметност, фестивали и поддршка во културни настани во општината. Тоа подразбира планирање и иницирање на настани, поддршка на локална група на млади и индивидуалци кои делуваат во областа на културата.

**Животната средина влијае на квалитетот на живот и здравјето на луѓето**. Во годишната програма за работа акцент ќе се стави на активно учество и предлагање на настани за подигање на свеста кај младите и заедницата за значењето што го имаат акциите за пошумување и расчистување на околината од отпад, селектирање на отпадот како и вклученост на младите во општината во едукации за значењето на екологијата и здравата животна средина како и поддршка во реализација на проекти за животна средина на граѓански здруженија и организации.

**Во областа спорт,** ЛМС ќе иницира и поддржува спортски активности наменети првенствено за младите но и за повозрасното население заради промоција на здрав живот, подобрување на физичката и менталната благосостојба на младите и насочување кон здрав начин на живот.

Цели на програмата на ЛМС се

- зајакнување на учеството на младите во процесот на креирање на политики за млади и унапредување на интересите на младите на локално ниво

**Начин на финансирање**

Според Законот за младинско учество и младински политики од Буџетот на Општина Крива Паланка треба да се издвојат средства од 0,1% на годишно ниво.

Финансиските средства за реализација на Годишната програма за работа на ЛМС за 2023 година се обезбедени од Буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година во вкупен износ од 60.000 денари, а средствата се предведени во Програмата за млади со можност и за други извори на финансирање.

**Извршител на програмата**

Задолжен за извршување на активностите предвидени во оваа Програма е Локалниот младински совет, во соработка со Општина Крива Паланка и службеникот за млади во Општина Крива Паланка.

Локалниот младински совет во соработка со службеникот за млади во Општина Крива Паланка на годишно ниво изработуваат извештај за работа на ЛМС и реализација на предвидените активности во програмата.

**РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА**

Активностите предвидени со оваа програма ќе се финансираат од различни ставки во Буџетот на општината и ќе се реализираат согласно можностите на Општина Крива Паланка и во рамки на тековните годишни програми на општината.

По потреба оваа програма ќе се дополнува со активности за кои ќе се утврди дека се во согласност Законот за младинско учество и младински политики и со целите на Програмата за млади  на општина Крива Паланка и Стратегијата за млади на општина Крива Паланка 2019-2023

**ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ**

За реализација на Програмата на Локалниот младински совет ќе бидат ставени на располагање сите човечки и технички ресурси со кои располага Општината. Во исто време ЛМС  активно ќе работи на унапредување на соработката на младински организации и младински тела на локално ниво.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа програма влегува на сила осмиот ден од денот на донесувањето, истата ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Крива Паланка, а ќе биде применета од 01.01.2023

**Бр. 09-4665/31**
**07.12.2022**

**КриваПаланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска**

# АКЦИСКИ ПЛАН

**Оперативна, родово сензитивна буџетска програма на Локалниот младински совет за 2023 година на Општина Крива Паланка**

| **Буџетска програма и конто** | **1** | **ЦЕЛ: зајакнување на учеството на младите во процесот на креирање на политики за млади и унапредување на интересите на младите на локално ниво** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати /Индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет мкд** |
| | **- учество на младите во процесот на креирање и носење на одлуки** | - присуство на претставник на ЛМС на седници на Совет на Општина Крива Паланка<br>- учество на ЛМС при креирање на програмите за работа на Општина Крива Паланка<br>- учество на ЛМС во програмите на локалните институции<br>-предлагање на точки на дневен ред на Совет на Општина кои ги засегаат младите<br>- учество на младите во работилници | јануари-декември | - подигање на свеста кај младите за нивната улога при носењето на одлуките на локално ниво.<br>- 50% девојчиња и 50% момчиња од ЛМС присуствувале на 12 седници на Совет на општина<br>- учество на 50% машки и 50% женски членови на ЛМС во предлозите за програмите за работа на Општина Крива Паланка<br>- учество на 50% машки и 50% женски членови на ЛМС во програмите на локалните институции | Општина Крива Паланка | 60.000 мкд |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | - учество на ЛМС во форуми<br><br>- младински иницијативи | | - учество на 20% млади во буџетски форуми подеднакво момчиња и девојчиња<br><br>- реализирани 6 работилници на теми за млади со пропоционален/еднаков број жени и мажи<br><br>- усогласени активностите со Стратегијата за млади на Општина Крива Паланка<br><br>- активно учество на младите при носење на одлуки<br><br>- поднесени 4 родово-сензитивни иницијативи од страна на млади | | |
| | **Вкупно 60.000 мкд** | | | | | |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за работа на Локалниот Младински совет за 2023 година**

1.Се објавува Програма за работа на Локалниот Младински совет за 2023 година,што Советот ја донесе на 17-та седница, одржана на ден 07.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –4665 /32**
**09.12.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 22, став (1), точка (13) и член 36 став (1) точка (15) од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002), член 14, став (1), точка (41) од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен гласник на Опшптина Крива Паланка бр. 08/10, 08/14, 02/18, 03/19 и 08/21), а согласно Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.10/2020) и Стратегијата за млади на Општина Крива Паланка( ,,Службен гласник на Општина Крива Паланка"бр.09/19) Советот на Општина Крива Паланка на ден 07.12. 2022 година донесе

**ПРОГРАМА**

**ЗА МЛАДИ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА 2023 ГОДИНА**

Програмата за млади на општина Крива Паланка е направена според потребите на младите а истите произлегуваат од Стретегијата за млади на Општина Крива Паланка бр. 09-3053/21 од 27.09.2019 донесена од страна на Советот на Општина Крива Паланка. Областите кои се претставени како приоритети за решавање се добиенипреку дистрибуција на прашалници и анализа на постоечки истражувања и документи кои се однесуваат на национално и општинско ниво, а се донесува во согласност со одредбите од Законот за младинско учество и младински политики.

Со оваа програма се очекува регулирање на односите помежѓу младите и сите други чинители во општеството со посебен акцент на локалната самоуправа и на Советот на општината како носители на политиките на локално ниво како и локалната заедница и бизнис секторот кои треба да ја препознаат и унапредат положбата на младите мажи и жени, момчиња и девојчиња на локално ниво и во согласност со своите можности да одговорат на истите.

Изразите употребени во оваа програма кои се родово определени се однесуваат еднакво на лица од машки и женски пол. Одредени изрази употребени во оваа програма го имаат следното значење:

**млади** се лица на возраст од 15 до 29 години

**младинска политика** е збир на мерки и активности кои се превземаат за да се задоволат потребите на младите, со цел остварување на нивниот полн поптенцијал

**младинско учество** претставува процес кој им овозможува на младите учество и заедничко носење на одлуки за политики и програми кои директно или индиректно го обликуваат животот на младите

**младинска работа** претставува организиран и системски процес на едукација и поддршка на автентичниот развој на младите со цел остварување на нивниот целокупн личен, социјален и општествен потенцијал и нивно активно вклучување во животот на зедницата

**младински работници** се квалификувани лица кои поседуваат компетенции за работа со млади луѓе спроведувајќи активности со кои се поддржува нивниот личен и социјален развој преку неформално учење.

Оваа програма има за цел да обезбеди

- креирање и спроведување на политика на млади на сите нивоа преку повеќе секторски пристап, поаѓајќи од потребите и интересите на младите, вклучително и различните интереси кои произлегуваат од родовата припадност

- учество на младите во процесите на креирање на политики за млади, нивно информирање, промоција и заштита на нивните интереси како и поттикнување на волонтерство, младински активизам и младинска работа

- поттикнување на личен, професионален и социјален развој на младите како и давање поддршка и помош на локалните млади

Главна задача на програмата се обезбедување и формирање на

**Буџет за млади**

Планирањето на буџетот и одвојувањето на посебна ставка за млади има за цел имплементација на програмата и претставува појдовна позиција за развој на младинскиот активизам и учеството на младите во процесот на донесување на политики на локално ниво. При планирањето на општинскиот буџет потребно е однапред да се планира посебна ставка наменета за млади при што во целиот процес е неопходно вклучување на младите и младинските организации со цел меркте и активностите за планираната буџетска година да бидат препознаени како приоритет на младите.

Според Законот за младинско учество и младински политики општините од сопствениот буџет треба да издвојуваат минимум средства од 0,1% на годишно ниво.

Вкупната висина на средствата предвидени за оваа ставка ќе изнесува 660,000.оо денариод вкупниот буџет на Општина Крива Паланка и истите ќе бидат наменети за спореведување на активностите во согласност со Стратегијата за млади на Општина Крива Паланка и Законот за младинско учество и политики.

**Градење на капацитети**

Општина Крива Паланка преку Локалниот младински совет како репрезентативно тело на младите на локално ниво како и на сите организации за млади или организации кои се занимаваат со решавање на младински прашања ќе бидат подржани од страна на Општина

Крива Паланка. Во оваа насока ќе овозможиме јакнење на капацитетите преку обуки, поддршка на младински иницијативи и идеи, кампови како и други активности преку кои младите ќе се стекнуваат со нови знаења и искуства како и афирмација на локално, национално или меѓународно ниво.

За реализацијата на овој приоритет од програмата неопходно е обезбедување на средства од страна на Општина за уредување, опремување и отварање на

- **младински центар** кој ќе биде во согласност со Законот за младинско учество и политики и истиот ќе служи како место каде ќе се организираат дебати, работилници и други активности за личниот, социјалниот и професионалниот живот на младите на локално ниво.

Проценетата вредност за ставање во функиција на еден ваков центар изнесува околу 3.000.000 денари, а финансиите ќе бидат обезбедени од странски или домашни донатори.

**Информирање, заштита, поддршка и помош на локалните млади и млади таленти**

Еден од приоритетните проблеми детектирани во стратегијата за млади е младинската (не)информираност. За таа цел потребно е изнаоѓање на функционални методи за комуникација и методи на информирање на младите. Активностите кои се планираат како и настаните и новините треба да се достапни за младите. Општината на својата web – страна ќе постави посебно - видливо поле во кое ќе се внесуваат и ажурираат информациите и активностите поврзани со млади.

Општина Крива Паланка ќе ги помага и поддржува локалните млади кои рекреативно се занимаваат со спорт со давање на термини за безплатно користење на услугите на спортските објекти - спортската сала Бранители и тенискиот терен по претходно поднесено барање и утврден правилник.

Според донесен правилник во кој ќе бидат утврдени условите и критериумите за аплицирање за 2023 Општина Крива Паланка ќе додели:

- финансиска помош за купени дигитални уреди за студенти и студентки

- финансиска помош за купени дигитални уреди за млади невработени лица до 29 години од двата пола подеднакво, а се жители на општина Крива Паланка

- финасниска помош за купување на велосипиеди за девојчиња и момчиња

Висината на средствата,правилникот и критериумите за аплицирање ќе бидат дополнително утвредни и објавени.

Општина Крива Паланка е дел од проектите за млади ,,Младински активизам за позелени општини'' поддржан од Европската Унија и ReLOaD2 преку програмата на УНДП со кои се очекува зајакнување на капацитетите граѓанското општество и младите.

**РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА**

Активностите предвидени со оваа програма ќе се финансираат од различни ставки во Буџетот на општината и ќе се реализираат согласно можностите на Општина Кривца Паланка и во рамки на тековните годишни програми на општината.

По потреба оваа програма ќе се дополнува со активности за кои ќе се утврди дека се во согласност со целите на Програмата и Законот за младинско учество и младински политики.

**ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ**

Освен со финансиски средства Општина Крива Паланка активностите на младите ќе ги помага со:

- обезбедување стручна, техничка и други видови помош;

- учество на промотивни и протоколарни средби;

- покровителство;

- организирање на дебати, кампањи, форуми, трибини и сл. на теми што се од интерес на младите.

За реализација на Програмата ќе бидат ставени на располагање сите човечки и технички ресурси со кои располага Општината. Во исто време активно ќе работи на унапредување на соработката на сите младински организации и младински тела на локално ниво како и обезбедување на позначаен институционален фокус и финансиска поддршка за млади и од националните власти.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа програма влегува на сила осмиот ден од денот на донесувањето, истата ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Крива Паланка, а ќе биде применета од 01.01.2023

**Бр. 09-4665/33** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**07.12.2022** **Претседател**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка

(„Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за млади на Општина Крива Паланка за 2023 година**

1.Се објавува Програма за млади на Општина Крива Паланка за 2023 година,што Советот ја донесе на 17-та седница, одржана на ден 07.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –4665 /34** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**09.12.2022 год.** **Градоначалник,**

**Крива Паланка** **Сашко Митовски с.р**

# АКЦИСКИ ПЛАН

**Оперативна, родово сензитивмна буџетска програма за млади за 2023 година**

**на Општина Крива Паланка**

| **Буџетска програма и конто** | **1** | **ЦЕЛ: - креирање и спроведување на политика на млади на сите нивоа преку повеќе секторски пристап, поаѓајќи од потребите и интересите на младите** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати /Индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет мкд** |
| | **- партиципација на младите во процесот на носење на одлуки** | - посебен буџет наменет за млади<br>- присуство на претставник на ЛМС на седници на Совет на Општина Крива Паланка<br>- учествона младите во работилници<br>- учествона млади во буџетски форуми | јануари-декември | - еднаков пристап на младите од двата пола до буџетските средства<br>- подигање на свеста кај младите за нивната улога при носењето на одлуките на локално ниво.90% од младите ја знаат улогата на ЛМС<br>- 50% девојчиња и 50% момчиња од ЛМС | | / |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | - младински иницијативи | | присуствувале на 12 седници на Совет на општина<br><br>- учество на 20% млади во буџетски форуми подеднакво момчиња и девојчиња<br><br>- усогласени активностите со Стратегијата за млади на Општина Крива Паланка<br><br>- усогласени активности те со Националната стратегија за млади<br><br>- активно учество на младите при носење на одлуки<br><br>- поднесени 4 иницијативи од страна на млади | Општина Крива Паланка | |
| | | | | | | |
| | **2** | **ЦЕЛ: - учество на младите во процесите на креирање на политики за млади, нивно информирање, промоција, заштита на нивните интереси како и поттикнување на волонтерство, младински активизам и младинска работа** | | | | |

| | Задача /Проект - | Активности | Временски период | Резултати | Носител на активноста | Буџет мкд |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Градење на капацитети и младинско информирање** | - аплицирање на проект за опремување на младински центар<br>- опремување на младински центар | септември | - добиени средства за обезбедување насигурен простор за 50% девојчиња и 50% момчиња за личен, професионален и социјален развој на млади од двата пола<br><br>- функционален простор за органзирање на дебати (15), работиници (30) земајќи ги во предвид основните потреби на момчињата и девојчињата во просторот (пр. соодветни тоалети, средства за хигиена, пристап до вода, пристап за млади лица со попреченост и сл.) | Општина Крива Паланка / АМС/ здруженија и организации | средства обезбедени од донатор |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | - обуки, поддршка на младински иницијативи и идеи, кампови<br>- означено поле на web страната на општина за објавување на планирани настани и активности поврзани со млади<br>- активности на Локалниот младински совет | јануари | - зголемување за 30%на издадени соопштенија и објави поврзани со млади<br>- промоција и информирање на младите за редовните средби и состаноци на ЛМС<br>- транспарентност на Општина со објавување насите активностите кои ги спроведуваат локалните момчиња и девојчиња<br>- објавени минимум 5 објави квартално за активности поврзани со млади<br>- целосно ажурирани податоци во врска со млади | Општина Крива Паланка | 110.000мкд |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | -промоција на можностите и подобрена едукацијата на младите и институциите за младинска мобилност<br><br>- реализирани над 70% од активности предвидени во програмата на ЛМС<br><br>- број на девојчиња и момчиња кои ќе присуствуваат на обуки и кампови за млади | | |
| | 3 | **ЦЕЛ: - поттикнување на личен, професионален и социјален развој на младите како и давање поддршка и помош на локалните млади** | | | | |
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати / индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет мкд** |
| | | - финансиска помош за купени дигитални уреди за студенти и студентки | | -зголемен процентотза 30% на мотивирани студенти и студентки да ги исполнат критериумте за добивање на финансиска помош и услуги од Општината | Општина Крива | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Воведување на стимулативни мерки за младите** | - финасиска помош при купување на дигитални уреди за млади невработени лица до 29 години од двата пола<br><br>- финасиска помош при купување на велосипеди за девојчиња и момчиња<br><br>- користиње без надоместок на услугите на спортските објекти подеднакво и за момчињата и девојчињата | јануари-декември | - финансиска помош за сите групи на млади<br><br>- зголемен процентот за користење на еколошките превозни средства за 30% кај младите<br><br>- број на доделена финасиска помош за купени дигитални уреди за млади невработени лица разделени по пол<br><br>- број на субвенционирани дигитални уреди за студенти и студентки<br><br>- број на искористени бесплатни термини во спортските објекти за 2023 | Паланка/ локални институции | 550.000мкд |
| **Вкупно** | | | | | | | **660.000мкд** |

Врз основа на Законот за водите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21), Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15, 147/15 и 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.21/21), Одлуката за комунален ред („Службен гласник“ бр.8 од 28.06.2013 г.) и член 14 став (1) точка (14) и точка (41) од Статутот на Општина Крива Паланка**,** (Службен гласник на Општина Крива Паланка, бр 08/10, 08/14, 02/18, 03/19 и 8/21), Советот на општина Крива Паланка, на седницата одржана на 07.12.2022 год., донесе

**П Р О Г Р А М А**

**За изградба, реконструкција и одржување на локалната**

**водоводна и канализациона мрежа во Општината Крива Паланка за 2023година**

**Вовед**

Со оваа Програма се предвидуваат активностите за наредната година кои ќе бидат преземени од страна на општина Крива Паланка и ЈП Комуналец во насока на изградба, доизградба, реконструкција и одржување на водоводната и канализациоана мрежа, како и осовременување на начинот на мерењето, мониторингот и наплата на услугите од страна на ЈП комуналец како надлежен субјект за стопанисување и управување со мрежата.

Проектирањето, изградбата и одржување на хидротехнички објекти е во согласност и со Законот за просторно и урбанистичко планирање, Законот за градење и др. материјални закони кои ја третираат оваа област.

Врз основа на горенаведените закони, како и Законот за комунални дејности (Сл. весник на РМ бр.95/2012) општина Крива Паланка има донесено Одлука за комунален ред и нејзино спроведување на подрачјето на општина Крива Паланка (Сл.гласник бр.8/2013) со што уште подетално се уредени начинот на организирање и вршење на комуналните дејности како и мерките за спроведување на комуналниот ред за физички и правни лица на подрачјето на општината, а кои се однесуваат на водоснабдување и одведување на отпадни води.

Водите, како добра од општ интерес, се во сопственост на Република Македонија и уживаат посебна заштита на начин и под услови определени со закон.

Води се површинските води, вклучувајќи ги и постојаните водотеци или водотеците во коишто повремено тече вода, езерата, акумулациите, изворите и подземните води; Површински води се сите проточни и непроточни води на површината на земјата; Подземни води се водите коишто

се наоѓаат под површината на земјата во зоната на сатурација и се во директен контакт со површината или со потслоевите;

Водите не се предмет на правото на сопственост на физички и правни лица, без оглед на правниот режим на земјиштето на коешто се наоѓаат. Користење на водите ги опфаќа активностите на акумулирање, зафаќање, црпење, пренасочување на површинските и на подземните води, како и активностите на одведување и испуштање, како и другите дејства врз водите. Користењето на водата е во обем, под услови и на начин определени со закон, како и во согласност со актите донесени врз основа на закон.

Акумулирањето, зафаќањето, црпењето, користењето, пренасочувањето, одведувањето и испуштањето, како и другите дејства врз водите се вршат под услови, на начин и во постапка утврдени со нзакон. Забрането е секакво испуштање на отпадни води, материи и супстанции во водите освен под услови, на начин и во постапка определени со закон.

Заради остварување на јавниот интерес при користењето на водите, како и заради остварувањето на правата и обврските на правните и на физичките лица да користат или испуштаат води, правото на користење на водите од водните тела и правото на испуштање во водните тела, се доделува водно право на правните и на физичките лица под услови и на начин утврдени со закон. Правното или физичкото лице се стекнува со водно право врз основа на дозвола за користење на водата и дозвола за испуштање во вода.

Водостопански услуги се сите услуги со коишто се обезбедува зафаќање, црпење, акумулирање, третман и дистрибуција на површинските или на подземните води, или собирање и прочистување на отпадните води кои се одведуваат во површинските води;

Урбана отпадна вода е отпадната вода од домаќинствата или мешавина од отпадната вода од домаќинствата и индустриската отпадна вода и/или водата од врнежи;

Река е внатрешно водно тело коешто постојано или повремено тече по површината на земјата, но коешто може во дел од својот тек да тече и под земја;

Реципиент е водно тело, крајбрежно земјиште и водни живеалишта кои ги примаат испуштените води согласно со членот 79 од овој закон, како и канализационите системи и системите за одводнување во кои се испуштаат води, доколку истите не се вклучени во заеднички систем за одведување и за третман на отпадни води.

## I. Локална водоводна мрежа

### 1.1 Вовед

Како што беше погоре споменато, водата е природно богатство кое мора да се цени и чува, особено во услови кога светот се повеќе и повеќе се соочува со недостиг на здрава и квалитетна вода за пиење, а последиците од климатските промени во иднина ќе бидат се поизразени.

Поради специфичната конфигурација на земјиштето и теренот на кој се простира Крива Паланка, водоснабдувањето во градот и околните населби во изминатитот период се решавал парцијално. Главниот извор и доводни цевководи потекнуваат од м.в. Калин Камен од каде водата доаѓа до главниот резервоар, а потоа гравитационо се дистрибуира кон резервоарите во високите зони Лев и Десен брег на Крива Река. Мрежата во градското подрачје е постојано проширувана и доградувана, со што и водоснабдувањето значително е подобрено. Треба да се има во предвид дека во тој период како материјал за изградба на цевководите воглавном биле користени азбестно-цементни цевки, поретко керамички или челични, кај кои имајќи го во предвид долгиот временски период на експлоатација и векот на траење, константно се јавуваат оштетувања во мрежата кои предизвикуваат се почести проблеми и дефекти во водоводната мрежа. Од тие причини, во изминатиов период поголем дел од примарната водоводна мрежа во градот беше реконструирана и донекаде овој проблем беше ублажен, но сепак во останатиот дел од примарната и во најголем дел од секундарната мрежа соочени сме со појава на загуби во мрежата и проблеми со квалитетот и квантитетот на испорака на водата за пиење до домаќинствата во тие делови од градот.

За надминување на оваа состојба Општината Крива Паланка и јавното комунално претпријатие “Комуналец“ во минатото преземале повеќе мерки за делумна реконструкција на цевководите, доградба на системот и изградба на нови објекти за водоснабдување (бунари).

Постоечката локална водоводна мрежа се градела преку повремено обезбедување на финансиски средства од разни меѓународни фондови и програми, државни институции, странски и домашни донации, средства на локалното население, како и крајни корисници, каде Општината учествувала со извесни средства и ја обезбедувала потребната техничка документација и добивање на неопходните одобренија и согласности;

Покрај дотогаш изградената мрежа за водоснабдување која беше во ф-ја, во изминатите неколку години преку проектот на Владата и Министерството за транспорт и врски за „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ се реализираа неколку значајни проекти за долготрајно решавање на проблемот со водоснабдување.

-Беше ставен во ф-ја водоснабдителниот систем Станачка река , односно се реконструира зафатот на Станачка Река, доводот и се изврши доопремување и поврзување на Филтер станицата.

-Се направи издвојување на високата зона на десниот брег на Крива Река во посебна водоснабдителна зона со резервоар за обезбедување на доволни количини на вода и соодветен притисок за водоснабдување на истата.

-Се направи издвојување на високата зона на левиот брег на Крива Река во посебна водоснабдителна зона и резервоар за обезбедување на доволни количини на вода и соодветен притисок за водоснабдување на истата.

-Се изврши реконструкција на дел од мрежата во урбаното подрачје со замена на азбестно-цементните цевки со полиетиленски.

-Се изврши замена и инсталација на мерни инструменти и нивна интеграција во мобилна мрежа за далечинско отчитување комплет со надоградба, инсталација и конфигурација на опрема за отчитување во општина Крива Паланка.

Со тоа беа комплетно искористени средствата наменети за општина Крива Паланка во износ од 1.238.971,оо евра (76.196.716.оо ден).

Посебен проблем представува водоснабдувањето на некои приградски населби и селата каде се изградени помали водоводи кои служат за водоснабдување на одредени маали, а кои се градени претежно од самите жители, без соодветна техничка документација, но кои се уште во функција и се единствен извор за водоснабдување на месното население.

Дел од ваквите водоводи не се целосно завршени, не е обезбедена контрола на потрошувачката и квалитетот на водата, не се поставени водомери, а особено не се ставени во рамноправна положба сите корисници, бидејќи тие што се на пониски нивоа имаат премногу вода, а оние кои се на повисоки нивоа воопшто немаат вода. Дел од вака изградените водоводи, иако и Општината и ЈП ,,Комуналец“ имаат вложено значителни финансиски средства, се уште ги одржуваат месните заедници и локалното население, т.е. самите корисници.

Месните заедници не може да изнајдат средства за одржување на квалитетот на водата, како и за тековно одржување на водоводите, ра истите иако се изградени во поново време се оставени на забот на времето, пропаѓаат многу бргу и под голем знак прашалник е и квалитетот на водата за пиење.

Според законската регулатива предвидена во Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води (Сл.весник 68/2004 и измените), како и Законот за водите (Сл. весник 87/2008 и измените), Одлуката за комунален ред (Сл.гласник бр. 8 од 28.06.2013 г.) предвидено е со водоснабдителните системи да управува и да ги одржува јавно претпријатие.

Јавното претпријатие е должно редовно да го контролира квалитетот на водата, да испорачува квалитетна вода и да ги одржува водоводните системи во исправна состојба.

Ваквите активности во врска со водоводните системи беа предвидени и во помал дел реализирани и со Програмите за поранешните години.

Преземањето на сите поголеми селски водоводни системи од страна на Општината и нивно преодтстапување на стопанисување и одржување на ЈП „Комуналец“ треба да биде приоритет и да се интензивира и усогласи со законот што во крајна линија е за доброто на самото месно население, т.е самите корисници. Само на таков начин водоводите можат да се спасат од нивно руinирање и пропаѓање, да се има контрола на потрошувачката на вода со што ќе се задоволат потребите на сите корисници и само на тој начин ќе имаме контролирана исправна и здрава вода за пиење.

**1.2 Техничка документација за водоснабдување**

**Се очекува преку средства кои ќе бидат обезбедени од Владата на РСМ и меѓународни институции, а преку Министерството за животна средина и просторно планирање, во наредната година да и бидат доделени на општината значителни средства како грант, а кои ќе бидат наменети за изградба и реконструкција на водоснабдителни и канализациони системи.**

Предуслов за користење на средствата е да се обезбеди комплетна техничка документација со одобренија која ќе подлежи на контрола од надворешни консултанти и стручни лица од министерството. После тоа ќе се поднесуваат апликации со дополнителни документи со кои ќе се покаже и оправданоста и потребата за конкретните проекти.

Заради тоа, општината во наредната година ќе посвети значително внимание на подготовка на соодветна техничка документација, како и докомплетирање на веќе започнатата изработка на техничка документација до одобрение за градење/реконструкција.

-Докомплетирање на техничка документација за водоснабдување на дел од с. Конопница (доградба и реконструкција на водовод Вирови-Грамаѓе)

-Докомплетирање на техничка документација за водоснабдување на дел од с. Мождивњак преку зафаќање на нов извор во предел на маала Острец.

-Докомплетирање на техничка документација за водоснабдување на дел од локалитет Калин Камен

-Докомплетирање на техничка документација за порано изготвени проекти за изградба и реконструкција на водоснабдителни системи со кои располага општината, а кои би можеле да бидат финансирани од горенаведената програма.

### 1.3 Изградба, доградба и реконструкција на водоснабдителним системи

### 1.3.1 Проекти наменети за реализација преку грант од Владата на РСМ

Како што беше погоре споменато се очекува преку Владата на РСМ и Министерството за животна средина и просторно планирање, во наредната година да и бидат доделени на општината значителни средства како грант, а кои ќе бидат наменети за изградба и реконструкција на восдоснабдителни и канализациони системи. Според искуството од користењето на средствата од поранешниот проект на Владата на РМ и ЕИБ ,,Водоснабдување и одведување на отпадни води**“,** оваа програма ќе трае и во наредните години се до искористување на средствата доделени на општината.

Ова е долгорочен грант кој ќе треба да се реализира во наредните неколку години. За таа цел по барање на министерството првично се доставени податоци за можните проекти за водоснабдување со кои би ги користеле средствата, а тоа се:

-Изградба и реконструкција на водовод Вирови-Грамаѓе за водоснабдување на дел од село Конопница

-Изградба на примарен водоводен систем за водоснабдување на дел од локалитет Калин Камен

-Изградба на водоводна мрежа за дел од с. Мождивњак преку зафаќање на нов извор во предел на маала Острец.

-Поврзување на високата зона од нас. Домачки Дол со резервоар и мрежа во населба Баглак

-Изградба на водоводен систем за водоснабдување на локалитет Школо -Црква во с. Градец.

-Доизградба и реконструкција на водовод за водоснабдување на дел од с. Конопница со крак кон населба Мезовски Ливади

-Замена и монтажа на уште околу 1000 водомери кон приградски населби кои не беа опфатени со претходниот проект.

-Имплементација на проект за намалување на загуби на вода со инсталација на мониторинг систем и мерни инструменти на далечинско отчитување за потребите на Општина Крива Паланка

Бидејки е ова долгорочна програма во наредниот период може да бидат предложени и др.проекти, а за приоритетите кои ќе бидат за реализација во наредната година ќе одлучува Советот на општината. Секако, треба првин да се види колкави средства ќе бидат доделени на општината и

каква ќе биде динамиката на повлекување на средства од меѓународните институции.

### 1.3.2 Активности на водоснабдителни мрежи предвидени за реализација преку средства од Буџетот на општината и ЈП Комуналец

-Санација на порано изградени локални водоводни системи во Општина Крива Паланка преку кои се снабдуваaат со вода за пиење делови од населените места и нивно преземање и предавање на ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка на понатамошно стопанисување и одржување, како и помош при санација на дел од селски водоводи кои не се преземени и со кои се уште управуваат месни заедници и режиски одбори, а во соработка со истите и со месното население.

-Санација и замена на делови од примарни водоводни линиии на различни локалитети во урбаниот дел (нас. Бегови Бавчи, Гоце Делчев и др. според потреба и проценка на стручните служби на ЈП Комуналец)

### 1.4 Приходи и расходи П Р И Х О Д И:

| | |
|---|---|
| **1.Влада на РСМ преку МЖСПП -грант**<br>*напомена: овие средства се предпоставени за наредната година како грант и веројатно нема да одат проаѓаат преку буџетот на општината | **37.000.000** |
| **2. Други извори на средства од државни институции** | **6.000.000 ден.** |
| **3. Буџет на Општината** | **1.500.000 ден.** |
| **4. Учество на ЈП „Комуналец“** | **1.000.000 ден.** |

**ВКУПНО. 45.500.000 ден.**

**Р А С Х О Д И:**

| | |
|---|---|
| **1.Влада на РСМ преку МЖСПП -грант**<br>-Водовод Вирови-Грамаѓе- 1-ва фаза | Очекувани средства<br>**37.000.000 ден** |

| | |
|---|---|
| -Изградба на водоводна мрежа за дел од с. Мождивњак преку зафаќање на нов извор во предел на маала Острец-1-ва фаза<br><br>-Имплементација на проект за намалување на загуби на вода со инсталација на мониторинг систем и мерни инструменти на далечинско отчитување за потребите на Општина Крива Паланка | |
| **2. Реализација на проекти за кои би биле обезбедени средства од други министерства, институции, агенции**<br><br>-Поврзување на високата зона од нас. Домачки Дол со резервоар и мрежа во населба Баглак<br><br>-Изградба на водоводен систем за водоснабдување на локалитет Школо -Црква во с. Градец. | **6.000.000 ден** |
| **3.Реконструкција и санација на постојни водоводи кои ќе бидат превземени од Општината, односно ЈП Комуналец** | **1.000.000 ден.** |
| **4. Изработка и доработка на техничка документација за водоводи** | **1.000.000 ден.** |
| **5. Експропријација** | **500.000 ден.** |

**ВКУПНО**
**45.500.000 ден.**

# 2. Локална канализациона мрежа

## 2.1 Вовед

Во минатото канализациона мрежа е градена главно во урбаниот дел од градот, па поради тоа не се изготвуваше посебна Програма за канализациони системи, туку тоа беше третирано во склоп на Програмата за уредување на градежно земјиште. Бидејќи во поново време се започна со изградба на канализации и во дел од селските средини, се наложи потреба за изготвување на посебна Програма во рамките на која ќе бидат предвидени мерките и активностите поврзани со оваа област.

Урбаниот дел генерално е покриен со канализациона мрежа со приклучок на главните колектори или испуст директно во речните токови. Најголем проблем е што поради недостаток на финансиски средства во минатото не се довршени левиот и десниот колектор по течението на Крива Река и не е изградена предвидената пречистителна станица. Општината од неодамна има изработено Основен проект за продолжување на лев колектор и спојување на лев со десен колектор до Пречистителна станица. Во натамошниот период треба да се спроведе експропријација и да се направи проект за соодветна пречистителна станица, како и да се обезбеди другата потребна документација во смисла на дозволи, одобренија и сл.

Во минатото, како и кај водоснабдителните системи треба да се напомене дека надвор од градското подрачје се изградени само неколку парцијални канализациони водови во некои приградски населби и села со помало или поголемо учество на месното население за ограничен дел од население. Дел од нив се преземени и со нив стопанисува и ги одржува ЈП Комуналец , но поголем дел се уште се непредадени и има проблеми при нивното функционирање.

## 2.2 Техничка документација за канализациони мрежи

Како што беше напоменато, се очекува преку средства кои ќе бидат обезбедени од Владата на РСМ и меѓународни институции, а преку Министерството за животна средина и просторно планирање, во наредната година да и бидат доделени на општината значителни средства како грант, а кои ќе бидат наменети за изградба и реконструкција на восдоснабдителни и канализациони системи, од кои дел од добиените средства ќе се користат и за изградба и реконструкција на канализациони системи.

Ова е долгорочен грант кој ќе треба да се реализира во наредните неколку години. За таа цел по барање на министерството првично се доставени податоци за можните проекти за одведување на отпадни води со кои би ги користеле средствата, а тоа се:

-Изработка и доработка на техн. документација за канализациона мрежа за дел од с. Конопница (м.в Трнци, м.в Деловотци )

-Изработка и доработка на техн. документација за канализациона мрежа- нас. Грамаѓе

-Доработка на техничка документација за канализациона мрежа за дел од нас. 8-ми октомври над Маневски Мост

-Изработка на техничка документација за

**2.3 Изградба, доградба и реконструкција на канализациони системи**

-Завршување на проект за Изградба на дополнителна линија на канализационен систем во с. Мождивњак

-Изградба на канализациона мрежа за делови од с. Конопница и нас. Грамаѓе

-Изградба на канализациона мрежа за дел од нас. 8-ми октомври над Маневски Мост

-Доизградба на лев фекален колектор, спој на лев со десен колектор и изградба до предвидена пречистителна станица

-Изградба на канализациона мрежа за локалитет испод детска градинка „Детелинка“ (фазно)

-Реконструкција, доизградба или санација на други помали делови и краци од канализациони мрежи преку ЈП Комуналец за кои ќе се појави потреба.

**Напомена: Реализацијата на Програмата во многу ќе зависи од евентуален прилив на средства по однос на апликации од домашни и меѓународни институции, а посебно од висината на средствата и**

**динамиката на користење од очекуваниот грант преку Владата на РСМ и МЖСПП**

.

## 2.4 Приходи и расходи

**П Р И Х О Д И:**

| | |
|---|---|
| **1.Влада на РСМ и МЖСПП -грант**<br>*напомена: овие средства се предпоставени како грант и веројатно нема да проаѓаат преку буџетот на општината | **20.000.000 ден.** |
| **2.Средства од министерства, агенции и др. институции** | **4.000.000 ден.** |
| **3. Буџет на Општината** | **3.500.000 ден.** |
| **4. Учество на ЈП „Комуналец“** | **1.500.000 ден.** |

**Вкупно 29.000.000 ден.**

**Р А С Х О Д И:**

| | |
|---|---|
| **1.Влада на РСМ и МЖСПП -грант**<br>-Изградба на канализациона мрежа за дел од с. Конопница-Трнци и Деловотци<br>-Изградба на канализациона мрежа за нас. Грамаѓе | **20.000.000 ден.** |

| | |
|---|---|
| -Доизградба на лев фекален колектор, спој на лев со десен колектор и изградба до предвидена пречистителна станица -фазно | |
| **2. Реализација на проекти за кои се обезбедени средства од други институции, агенции,фондови или се очекува да се одобрат**<br><br>-Завршување на проект за Изградба на дополнителна линија на канализационен систем во с.Ираdobar Мождивњак (средствата се обезбедени преку МЖСПП)<br><br>-Изградба на канализациона мрежа за локалитет испод детска градинка „Детелинка“ (фазно) | **4.000.000 ден** |
| **3. Изградба, доизградба и санација канализациони мрежи со средства од буџетот на Општината, односно ЈП Комуналец**<br><br>-Изградба на крак од канализација нас. 8-ми октомври над Маневски Мост<br><br>-Доизградба, реконструкција или санација на постоечки канализации или што ќе бидат преземени од месни заедници | **3.500.000,оо** |
| **4. Експропријација** | **500.000,оо** |
| **5. Изработка на техничка документација** | **1.000.000,оо** |

**Вкупно : 29.000.000,оо ден.**

# АКЦИСКИ ПЛАН

## Оперативна, родово сензитивна буџетска програма за водоводна и канализациона мрежа за 2023 година

## на Општина Крива Паланка

| **Буџетска програма и конто** | **1** | **ЦЕЛ:** Целта на програмата е изградба, доизградба, реконструкција и одржување на водоводната<br>мерењето, мониторингот и наплата на услугите од страна на ЈП комуналец како надлежен субјект з | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резул** |
| | **1.Локална водоводна мрежа** | - изградба<br>- доизградба<br>- реконструкција<br>- одржување на водоводна мрежа | Јануари – Декември<br>2023 | Локална во<br>изградена,<br>одржувана<br>на жените<br>општината |
| | **1.1 Вовед** | Главниот извор и доводни цевководи потекнуваат од м.в. Калин Камен од каде водата доаѓа до главниот резервоар, а потоа гравитационо се дистрибуира кон резервоарите во високите зони Лев и Десен брег на Крива Река. Мрежата во градското подрачје е постојано проширувана и доградувана, со што и водоснабдувањето значително е подобрено. | Јануари – Декември<br>2023 | Урбаното<br>обезбеден<br>други пот<br>знача |
| | **1.2 Техничка документација за водоснабдување** | -Докомплетирање на техничка документација за водоснабдување на дел од с. Конопница (доградба и реконструкција на водовод Вирови-Грамаѓе)<br><br>-Докомплетирање на техничка документација за водоснабдување на дел од с. Мождивњак преку зафаќање на нов извор во предел на маала Острец.<br><br>-Докомплетирање на техничка документација за водоснабдување на дел од локалитет Калин Камен<br><br>-Докомплетирање на техничка документација за порано изготвени проекти за изградба и реконструкција на водоснабдителни | Јануари – Декември<br>2023 | Техничка<br>зема пр<br>жени<br>подгот<br>планови з |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | системи со кои располага општината, а кои би можеле да бидат финансирани од горенаведената програма. | | |
| | **1.3 Изградба, доградба и реконструкција на водоснабдителни системи**<br><br>**1.3.1 Проекти наменети за реализација преку грант од Владата на РСМ**<br><br>**1.3.2 Активности на водоснабдителни мрежи предвидени за реализација преку средства од Буџетот на општината и ЈП Комуналец** | -Изградба и реконструкција на водовод Вирови-Грамаѓе за водоснабдување на дел од село Конопница<br><br>-Изградба на примарен водоводен систем за водоснабдување на дел од локалитет Калин Камен<br><br>-Изградба на водоводна мрежа за дел од с. Możдивњак преку зафаќање на нов извор во предел на маала Острец.<br><br>-Поврзување на високата зона од нас. Домачки Дол со резервоар и мрежа во населба Баглак<br><br>-Изградба на водоводен систем за водоснабдување на локалитет Школо -Црква во с. Градец.<br><br>-Доизградба и реконструкција на водовод за водоснабдување на дел од с. Конопница со крак кон населба Мезовски Ливади<br><br>-Замена и монтажа на уште околу 1000 водомери кон приградски населби кои не беа опфатени со претходниот проект. | Јануари – Декември<br><br>2023 | Из<br>ре<br>водоснаб<br>квалитетн<br>жените и м<br>момчиња<br>документ<br>доградб |
| | **2. Локална канализациона мрежа** | Урбаниот дел генерално е покриен со канализациона мрежа со приклучок на главните колектори или испуст директно во речните токови. Најголем проблем е што поради недостаток на финансиски средства во минатото не се довршени левиот и десниот колектор по течението на Крива Река и не е изградена предвидената пречистителна станица. | Јануари – Декември<br><br>2023 | Локална к<br>кој<br>реконстр<br>согласно г<br>маж |
| | **2.1 Вовед** | Во минатото канализациона мрежа е градена главно во урбаниот дел од градот, па поради тоа не се изготвуваше посебна Програма за канализациони системи, туку тоа беше третирано во склоп на Програмата за уредување на градежно земјиште. Бидејќи во поново време се започна со изградба на канализации и во дел од селските средини, се наложи потреба за изготвување на посебна Програма во рамките на која ќе бидат предвидени мерките и активностите поврзани со оваа област. | Јануари – Декември<br><br>2023 | Во урбан<br>канализац<br>е повеќе и<br>и во пре |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **2.2 Техничка документација за канализациони мрежи** | -Изработка и доработка на техн. документација за канализациона мрежа за дел од с. Конопница (м.в Трнци, м.в Деловотци )<br><br>-Изработка и доработка на техн. документација за канализациона мрежа- нас. Грамаѓе<br><br>-Доработка на техничка документација за канализациона мрежа за дел од нас. 8-ми октомври над Маневски Мост<br><br>-Изработка на техничка документација за | Јануари – Декември<br><br>2023 | Техничката<br>зема пред<br>жените и м<br>подготовка<br>планови за<br>мрежа |
| | **2.3 Изградба, доградба и реконструкција на канализациони системи** | -Завршување на проект за Изградба на дополнителна линија на канализационен систем во с. Мождивњак<br><br>-Изградба на канализациона мрежа за делови од с. Конопница и нас. Грамаѓе<br><br>-Изградба на канализациона мрежа за дел од нас. 8-ми октомври над Маневски Мост<br><br>-Доизградба на лев фекален колектор, спој на лев со десен колектор и изградба до предвидена пречистителна станица<br><br>-Изградба на канализациона мрежа за локалитет испод детска градинка „Детелинка“ (фазно)<br><br>-Реконструкција, доизградба или санација на други помали делови и краци од канализациони мрежи преку ЈП Комуналец за кои ќе се појави потреба. | Јануари – Декември<br><br>2023 | -Изградени<br>реконструи<br>системи со<br>жените и м<br>момчињата<br>документа<br>доградба и |

**Програмата стапува на сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“, а ќе се применува од 01.01.2023 година**.

**Бр.09-4665/35** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**07.12.2022 год.** **Претседател**

**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за изградба ,реконструкција и одржување на локалната водоводна и канализациона мрежа во Општина Крива Паланка за 2023 година**

1.Се објавува Програма за изградба ,реконструкција и одржување на локалната водоводна и канализациона мрежа во Општина Крива Паланка за 2023 година,што Советот ја донесе на 17-та седница, одржана на ден 07.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –4665 /36**
**09.12.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 95 став 1 Законот за градежно земјиште ("Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19), Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост ("Службен весник на РМ" бр.193/16, 72/2018 и Сл. Весник на РСМ 16/22) и член 14 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Крива Паланка, („Службен гласник на Општина Крива Паланка“, бр.08/10, 08/14, 02/18, 03/19 и 08/21) Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 07.12.2022 година, донесе:

# **П Р О Г Р А М А**

За уредување на градежно земјиште во Општина
Крива Паланка за 2023 година

ВОВЕД:

Изготвувањето и донесувањето на Програмата за уредување на градежно земјиште во Општина Крива Паланка претставува законска обврска на Општината.

Спроведувањето на програмата за уредување на градежно земјиште односно планирањето, проектирањето и изведувањето на инфраструктурните објекти и другите градежни активности поврзани со уредување на градежното земјиште ќе се врши согласно на донесените урбанистичките планови на град Крива Паланка, како и према донесените општи акти за населените места, односно друга важечка планска документација.

Напоменуваме дека Програмата треба да биде усогласена со Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост кој го донесува Министерството за транспорт и врски. Работите кои не се дефинирани или прецизирани со Правилникот ги уредуваат други одредби од оваа Програма.

Програмата за уредување на градежно земјиште за 2022 година ги опфаќа следните делови кои понатаму се подетално разработени:

1. Просторот кој е предмет на уредување.
2. Обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште.
3. Обемот и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на основната и секундарната комунална инфраструктура.
4. Извори на финансирање на Програмата.
5. Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште.
6. Висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште и неговата распределба.
7. Начин на распределба на средствата за финансирање за изградба и одржување на инфраструктурата.
8. Динамика на извршување на програмата.

Кога уредувањето на земјиштето се врши преку учество на приватен партнер според Законот за градежно земјиште и други законски прописи меѓусебните права и обврски меѓу правното или физичко лице и општината ќе бидат уредени согласно со одредбите кои произлегуваат од тие закони.

### 1. ПРОСТОР КОЈ Е ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ

Градење на објект се врши на уредено градежно земјиште.

Уредувањето на градежното земјиште во рамките на подрачјето утврдено со генерален и детален урбанистички план го вршат општините.

Доколку општината не го уредува земјиштето, истото го врши инвеститорот на сопствен трошок за што инвеститорот не го плаќа целиот надоместок за уредување на градежно земјиште.

Уредувањето на градежното земјиште ќе се врши врз основа на оваа Програма. Експропријација на сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, на земјиште, згради и други објекти (недвижности) и растенија заради изградба на објекти од комуналната инфраструктура предвидени со Програмата за уредување на градежно земјиште се врши како јавен интерес на трошок на општината.

Под уредување на градежно земјиште се подразбира изградба на објекти од комуналната инфраструктура поради:
- Обезбедување непречен пристап до градежната парцела од јавен пат.
- Обезбедување на приклучок на водоводна мрежа.
- Обезбедување на приклучок во канализација (фекална и атмосферска).
- Обезбедување приклучок на електрична, и друга инсталација со приклучоци до градежната парцела.

Уредувањето на градежното земјиште може да биде извршено целосно или делумно.

Уредувањето на градежното земјиште за изградба на објекти надвор од границата на урбаниот опфат на населено место, како и во случаите кога уредувањето не е предвидено со Програмата го врши инваститорот на сопствен трошок.

### 2. ОБЕМ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

2.1. Подготвителни работи за уредување и опремување на градежното земјиште се сметаат следните работи:
- Изготвување на Генерален урбанистички план,
- Изготвување на Детален урбанистички план,
- Изготвување на друга урбанистичко –планска документација предвидена со закон
- Оформување на техничка документација на ниво на Основен проект,
- Извршување на основни геомеханички испитувања,
- Решавање на имотно-правните односи со поранешните сопственици.

2.2. Расчистување на градежно земјиште ќе се врши при изградба на:

-Основна инфраструктура, основни градски сообраќајници и објекти од водоводна, канализациона и електрична мрежа.

2.3. Опремување на градежното земјиште

Под опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации од колективно и индивидуално значење надвор од локацијата ќе се сметаат следните работи:

- Проектирање и изградба на улици надвор од локации, односно приспособување на постојниот пристапен пат и обезбедување пешачки пристап до објектот;

- Кога се решава пристап само за една семејна куќа, сопственикот сам го гради пристапот, а добива само помош за следните работи:

2.4.Трошоците за дворно уредување, потпорни и оградни зидови, пристапни патеки, дворни зеленила, приклучни и други видови такси се на товар на инвеститорот.

2.5.Трошоци за изградба на објекти кои се од заеднички интерес на општината и инвеститорот, го заштитува индивидуалниот станбен објект а се во делот на изградбата

на основната комунална инфраструктура улици, патишта, водовод, канализација и друго ќе бидат градени во сооднос 50:50%.

За населени места за кои се уште нема урбанистички планови општината нема обврска да го уредува градежното земјиште.

2.6. Превземените обврски во уредувањето на градежното земјиште се до донесување на оваа Програма ќе се извршуваат според програмата за уредување на градежно земјиште за претходната година, односно според договорените обврски, а ќе се финансираат од средствата на оваа Програма.

## 3. ОБЕМ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИ НА ОСНОВНАТА И СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Опремувањето на градежното земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктура надвор од градежната парцела паѓа на товар на општината и се состои од:

- Проектирање и изградба на улици, паркиралишта, пешачки патеки и друго според урбанистичкитепланови;
- Проектирање и изградба на секундарна водоводна мрежа до градежната парцела;
- Проектирање и изградба на секундарна фекална канализација до собирна шахта;
- Проектирање, реконструкција, изградба и доизградба на атмосферска канализација;
- Проектирање и изградба на нисконапонска електрична мрежа до приклучен орман;
- Проектирање и изградба и доизградба на улично осветлување според програмата;
- Проектирање и изградба на зелени површини, со хидрантска мрежа и поставување на урбана опрема предвидена со деталните урбанистички планови и проектираното партерно решение.

Под степен на уреденост на градежното земјиште се подразбира обемот на опременост на земјиштето со објекти од комунална инфраструктура со задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потреба до границите на градежната парцела.

Степенот на уреденост на градежното земјиште може да биде:
Основен, повисок или понизок од основниот.

- Основен степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа:

- непречен пристап до градежната парцела од јавен пат (улица со тротоари), пешачки патеки и др. површини согласно урбанистички планови,
- подземна електрична мрежа ,
- улично осветлување,
- водоводна мрежа,
- фекална канализациона мрежа, и
- атмосферска канализација.

- Повисок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура ги опфаќа објектите од став (2) на овој член, како и:

- ПТТ (оптичка - телекомуникациска) мрежа,
- топлификациска мрежа,
- паркинг простори,
- гасоводна мрежа,
- пречестителна станица за отпадни води.

- Понизок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа:

- непречен пристап до градежната парцела од некатегоризиран јавен пат,
- сопствено водоснабдување(нема приклуочок на водоводна мрежа),

- септичка јама (нема приклучок на фекална канализација);
- сопствен одвод на атмосверски води (нема приклучок на атмосверска канализација);
- нестандардно улично осветлување;
- надземна нестандардна електрична мрежа.

(1) Трошоците за уредување на градежното земјиште се утврдуваат во согласност со реалните трошоци направени за соодветните степени на уреденоста на градежното земјиште со објектите на комунална инфраструктура согласно член 2 на овој правилник, во кои се засметани и трошоците за хидротехничките услови за приклучоци.

(2) Трошоците за уредување на градежното земјиште за повисок степен на уреденост на градежното земјиште со објектите на комунална инфраструктура согласно член 2 на овој правилник, можат да се зголемат доколку се изведени сите комунални инфраструктурни мрежи наведени во член 2 став (3) од овој правилник, за најмногу 20% од утврдените трошоци за основен степен на уреденост на градежното земјиште со објектите на комунална инфраструктура.

(3) Трошоците за уредување на градежното земјиште за понизок степен на уреденост на градежното земјиште со објектите на комунална инфраструктура согласно член 2 на овој правилник, може да се намалат доколку се изведени сите комунални инфраструктурни мрежи наведени во член 2 став (4) од овој правилник, за најмалку 80% од утврдените трошоци за основен степен на уреденост на градежното земјиште со објектите на комунална инфраструктура.

## 3.1. ИЗРАБОТКА НА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

### 3.1.1. Техничка документација за атмосферска канализација

-Докомпплетирање на техничка документација за атмосферска канализација на делови од гл.улица Св.Јоаким Осоговски“ во склоп на проектна документација за реконструкција на улицата

-Техничка документација за атмосферска канализација на делови од некои порано асфалтирани улици на кој нема изградено атмосферска канализација, а се јавуваат проблеми при пообилни врнежи.

Напомена:атмосферските канализации најчесто се предвидуваат во техничките документации за улици

### 3.1.2 Техничка документација за регулација на буици и водотеци

-Изработка на техничка документација за регулација на делови од долот во нас.Единство

-Докомплетирање на техничка документација за регулација на дел од Дурачка Река

### 3.1.2 .Изработка на техн.документација и елаборати за поставување на урбана опрема за спортско-рекреативни и детски игралишта

-Докомплетирање на потребна документација за повеќенаменско игралиште во с. Дубје (во соработка со АМС преку што се обезбедени и финансиски средства за изградба)

-Изработка на елаборати за поставување на детски и спортски реквизити како урбана опрема на повеќе локации (кај чешма во нас.Скрљава, во нас.Илинден, кај метереолошка станица и др.)

### 3.1.3. Изработка на техничка документација за пристапни пешачки патеки и скали

-Пешачка патека и скали во спротивска маала

-Скали за пристап кон ул.Никола Тесла -лев крак

-Пешачка патека покрај мајор корито на Крива Река кај Љиљаков Мост.

**3.1.4 Изработка на техничка документација за изградба, реконструкција и санација на мостови и пропусти.**

-Докомплетирање на проекти за реновирање и одржување на постоечки мостови во централно градско подрачје

-Почетни активности за изработка на техничка документација за колско-пешачки мост на Крива Река кон м.в.Крстата Падина (геомеханика, хидролошки податоци и сл.)

**3.1.5. Техничка документација за уредување на јавни површини и поставување на урбана опрема**

-Докомплетирање на техничка документација за уредување на просторот кај вливот на Дурачка Река во Крива Река на ниво на основен проект (постои идеен проект)

-Техничка документација за времено уредување на просторот кај поранешна зграда на Тораница и кај зградите во Осичка Маала

-Техничка документација за уредување на други јавни површини и поставување на урбана опрема према урбанистички планови.

**3.1.6 -Техничка документација за изградба и уредување на паркинг простори или поставување на монтажни конструкции за паркирање.**

**-**Техничка документација за времено уредување на просторот кај стар зелен пазар во паркинг за лесни возила

**3.1.7 -Техничка документација за изградба/реконструкција на потпорни зидови**

-Потпорен зид на дел од ул Наско Тамбурков (позади стар пролетер) кон ООУ Илинден

-Потпорен зид на дел од ул Ратко Минев

Други потпорни зидови доколку во меѓувреме се појави потреба од ре-ја /санација од безбедносни причини

**3.1.8 -Техничка документација за доградба, надградба, реконструкција и адаптација на објекти и простори каде сопственик е општина Крива Паланка.**

-Техничка документација за реконструкција и доградба на објекти кај старо музичко школо и пензионерска амбуланта

**3.2 ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА**

**3.2.1. Изградба и реконструкција на атмосферски канализации**

-Изградба и реконструкција на атмосферска канализација на делови од гл.улица Св.Јоаким Осоговски“ при реконструкција на улицата

-Изградба на атмосферска канализација на локалитет испод детска градинка

-Зафаќање и одведување на атмосферски води на делови од постоечки улици

**3.2.2. Изградба на регулации на буици и водотеци, уредување на речни корита, одржување и чистење**

- Изградба на регулација на дел од Домачки Дол.
- Изградба на регулација на дел од Куков Дол
- Доизградба на зид од мајор коритото на Крива Река
- Доизградба на минор корито на Крива Река -дел 4
- Уредување на делови од мајор коритото на Крива Река
- Чистење и одржување на регулирани и нерегулирани водотеци.

**3.2.3. Изградба, реконструкција и санација на потпорни ѕидови**

- Реконструкција и санација на дел од потпорни ѕидови на улица „Калин Камен“ ,
- Завршеток на изградба на дел од потпорен ѕид на улица „Кочо Рацин“,(нас.Мечковци)
-Изградба/реконструкција на потпорен зид на дел од Н.Тамбурков позади стар пролетер доколку биде завршена градежно -техничката документација
-Санација, односно тековно одржување на постоечки потпорни зидови
(Напомена: Изградбата на нови потпорни зидови најчесто се предвидува во склоп на изградба или реконструкција на улици)

**3.2.4. Изградба и поставување на спортско -рекреативни и детски игралишта**

-Изградба на повеќенаменско игралиште во с. Мождивњак-м.в. Дубје (преку АМС)
-Поставување на фитнес центар на отворено кај спортски комплекс (преку АМС)
-Поставување на детски и спортски реквизити како урбана опрема на повеќе локации (кај чешма во нас.Скрљава(болничка ливада), во нас.Илинден, испод метереолошка станица, Осичка Маала, нас. Белево кај кошот, нас. Домачки дол, Грамаѓе (кај поранешен стадион) постоечко игралиште испод Облаче, Калин Камен (кај Ловечка куќа), реконструкција на постоечко или ново игралиште во нас. Единство (или простор испод зградите) и др.
-Партерно уредување и реконструкција на објекти во рамки на спортски комплекс на Крива Паланка, (по фази) и поставување на урбана опрема-памп трака и дино парк

**3.2.5. Изградба на пристапни рампи**

- Изградба на пристапни рампи кон јавни објекти.

**3.2.6. Изградба, реконструкција и одржување на пристапни пешачки патеки и скали**

-Пешачка патека и скали во спротивска маала
-Пешачка патека од ул.Моша пијаде кон Баглак
-Пешачка патека и скали во спротивска маала
-Скали за пристап кон ул.Никола Тесла -лев крак
-Пешачка патека покрај мајор корито на Крива Река кај Љиљаков Мост.

**3.2.7. Изградба на рекреативни патеки**

- Доизградба на патека покрај Бабин Дол на потег од кривина кон Света вода

**3.2.8. Санација на свлечишта**

- Санација на свлечишта од итен карактер.

**3.2.9. Изградба, реконструкција и санација на мостови и пропусти**

- Санација и реновирање на постоечки мостови на Крива Река во централно градско подрачје
- Изградба на пешачки мостови на минор коритото на Крива Река

**3.2.10. Партерно уредување на јавни површини и поставување и одржување на урбана опрема**

- Уредување на просторот испод зградите во нас. Х:Карпош со поставување на урбана опрема
- Времено уредување на просторот кај поранешна зграда на Тораница и кај зградите во Осичка Маала
- Уредување на други јавни површини и поставување на урбана опрема према урбанистички планови или одлука за времено уредување на јавни површини

**3.2.11 Изградба и уредување на паркинг простори или поставување на**

**монтажни конструкции за паркирање.**

-просторот кај стар зелен пазар како паркинг за лесни возила

**3.2.12 Почеток на процес на гасификација** (општината има обезбедено комплетна техничка документација и одобрение за дистрибутивна мрежа за поврзување на јавните установи и дел од колективни станбени објекти. Почетокот на реализација е зависен и од измени во законската регулатива со која би се овозможило општините самостојно да го реализираат процесот на гасификација.)

**3.3. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА** -Потполна или непотполна експропријација се предвидува да се врши на делови од приватен имот за реализација на објекти кои се погоре наведени.

Напомена: Започнатите инфраструктурни објекти кои се планирани за реализација за 2022 год., доколку не бидат завршени ќе продолжат со реализација во текот на 2023 година.

## 4. Извори за финансирање на програмата за уредување на градежно земјиште

**Со оглед на релативно скромните финансиски средства кои може да ги обезбеди општината од сопствени приходи, реализацијата на оваа програма во многу ќе зависи од прилив на средства од други извори, односно распишани повици за апликации пред домашни и меѓународни институции.**

Извори за финансирање на Програмата за уредување на градежно земјиште се:
:

1. Надоместок за уредување на градежно земјиште (комуналии);
2. Приход од продажба на градежно земјиште сопственост на РСМ;
3. Комунални такси;
4. Трансфери и финансиска подршка од владини институции, и тоа од:

4.2. Биро за регионален развој;
4.3. Агенција за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој;
4.4 Влада на РСМ и Министерства во владата
4.5 Средства од домашни и меѓународни фондови и банки

### 5. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Трошоците за реализација на оваа Програма за уредување на градежното земјиште произлегуваат од потребата за реализација на сите погоре наведени активности за изработка на техничка документација и изградба и реконструкција и зависат од приходите од изворите кои беа погоре наведени, а кои не може со сигурност да бидат предвидени и планирани.

### 6. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СПОРЕД МЕСТОПОЛОЖБАТА

Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште за основен степен на уреденост на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура, се пресметува согласно со локалитетот, односно местоположбата распределена по зони:

I-ва екстра зона која ги опфаќа:

- Ул. "Св. Јоаким Осоговски" од Соларски мост - до мост на Нимулија кај стара

Автобуска станица.

II-ра зона која ги опфаќа следните улици:

- Ул. "Св. Јоаким Осоговски" нов крак, од Осички мост до Соларски мост и од долот Нимулија до долот во нас. Единство.
- Просторот кај стар зелен пазар.

III-та зона кја ги опфаќа следните улици:

Ул."Св. Јоаким Осоговски" од долот во населба Единство до Кланица, вклучвајки го и проторот помеѓу ул.Св.Јоаким Осоговски и КриваРека од стара автобуска станица до Касарна.

IV-та зона која ги опфаќа следните улици:

- Ул. "8-ми Октомври"
- Ул. "Партизанска";
- Ул. "8-ми Септемри"
- Ул. "Моша Пијаде" асфалтиран дел;
- Ул. "Никола Тесла"
- Ул. "Илинденска", без просторот кај стар зелен пазар
- Ул. "3-та Македонска Ударна Бригада";
- Ул. "Јане Сандански;
- Ул. "Херој Карпош"
- Ул. "Македонска"и нов крак ;
- Ул. "Гоце Делчев" - асфалтиран дел;
- Населба Лозаново - асфалтирани улици;
- Ул. "17-та Македонска Ударна Бригада";
- Ул. "Д-р. Наско Тамбурков"- сите асфалтирани кракови;
- Ул. "Димитар Арсов";
- Ул. "Чупино Брдо";
- Нас."Горни Бавчалк";
- Ул. "Баглачка" асфалтиран дел;
- Ул. "Борис Трајковски";
- Ул. "Орце Николов";
- Ул. "Јане Јакимовски";
- Ул. "Ѓорче Петров";
- Ул. "Ратко Минев" асфалтиран дел;
- Ул. "Јоаким Крчовски":
- Ул. "Прохор Пчински";
- Ул "11-ти Октомври" ;
- Ул " Пиринска" асвалтиран дел;
- Ул. "Ристена Гогова" - асвалтиран дел;
- Ул. " Кочо Рацин" - асфалтиран дел;
- Ул. "Коце Металец" - асфалтиран дел;
- Н.Бегови бавчи - асфалтиран дел ;
- Ул. "Вера Јоцик";
- Ул. "Свети Климент Охридски" , асфалтиран дел;
- Ул. "Горан Стојановски";
- Ул. "Осоговска-асфалтиран дел;
- Ул. "Гоце Делчев" - асфалтиран дел;
- Улици во Населба "Единство";
- Ул. ,,Горан Стојановски";
- Сите поплочени улици и сите други асфалтирани улици;

V- та зона која ги опфаќа следнте улици:

- Ул. "Баглачка" неасфалтиран дел
- Ул. "Гоце Делчев" - неасфалтиран дел;

- Нас. "Бегови Бавчи" неасфалтиан дел;
- Нас. "Кошари";
- Ул. "Моша Пијаде" од асфалтиран дел до ул. "Херој Карпош";
- Ул. "Херој Карпош" од мостот до ул. "Моша Пијаде";
- Останатите улици во населба "Баглак";
- Нас. "Трештен Дол";
- Нас. "Цонев Рид";
- Ул. " Момир Стојановски";
- Ул. "Коце Металец"- неасфалтиран дел;
- Населба "Грамаѓе";
- Населба "Лозаново"- неасфалтирани улици;
- Сите други неасфалтирани улици;
- Мизовски ливади кај нов мост катастарска општина Крива Паланка.

Во текот на 2023 година ќе се уредува и градежно земјиште на локалитетите каде што е делумно уредено градежното земјиште според оваа Програма. Висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште нема да се менува и ќе остане иста како во изминатите години, односно

Висината на средствата за комунално уредување на колективна станбена зграда и семејни куќи према определените зони во градот Крива Паланка ќе изнесува:

| | |
|---|---|
| I-ва зона........................................................................................ | 2.700,00 ден/м2 |
| II-ра зона....................................................................................... | 2.250,00 ден/м2 |
| III-та зона …………………………………………………………. | 1.575,00 ден/м2 |
| IV-та зона ...................................................................................... | 1.260,00 ден/м2 |
| V-та зона ....................................................................................... | 945,00 ден/м2 |

Висината на средствата за комунално уредување за изградба на деловен простор према одредените зони во градот Крива Паланка ќе изнесува:

| | |
|---|---|
| I-ва зона................................................................... | 3.600,00 ден/м2 |
| II-ра зона................................................................. | 2.700,00 ден/м2 |
| III-та зона................................................................ | 1.800,00 ден/м2 |
| IV-та зона................................................................. | 1.530,00 ден/м2 |
| V-та зона .................................................................. | 1.350,00 ден/м2 |

1. За бензинска пумпна станица просторот за продавање на нафта и нафтени деривати .(коеф.1.0 према правилникот).......................8.100,00 ден/м2

2. За простории кои се составен дел на бензинската пумпа или посебни објекти, кафетерии и ресторани, авто сервиси, авто полигони, авто салони и помошни простории: висината на средствата за комунално уредување ќе изнесува како за деловен простор во зоната во која се наоѓа бензинската пумпа утврден по оваа програма од 1 до 5 зона во урбанизиран дел на градот

3. За изградба на бензински пумпи или посебни објекти, кафетерии и ресторани, авто сервиси, авто салони и помошни простории, станици надвор од урбанизиран дел на град Крива Паланка, надоместокот за уредување на градежно земјиште ќе изнесува во просториите за продавање на нафта и нафтени деривати................................. 1.620,00 ден /м2

За просториите дефинирани во точка 2 износот за уредување на градежно земјиште ќе изнесува како за деловен простор дефиниран со оваа Програма во селските населби притоа, општината нема надлежност да го уредува просторот во близина на градежната

парцела а уплатените средства ќе се користат наменски за одржување на локалната патна мрежа.

4. Изградба на објекти - полигон за автошкола надоместокот ќе изнесува:

4.1 За уредување на градежно земјиште во урбанизиран дел за корисна површина во објектот, ќе изнесува ............................................................................................ 1.620,00 ден/м2

4.2. Надвор од урбанизиран дел за корисна површина во објектот, надоместокот ќе изнесува.......................................................................................... 450,00 ден/м2

4.3. За уредената површина на полигонот ќе се плаќа надоместок од 10% од погоре наведените цени.

4.4. Приклучокот на локален пат за уредениот простор на полигонот.............5.400,00 ден./м2

**Начин на плаќање на надоместокот:**

За надоместокот за уредување на градежното земјиште, неговата висина како и начинот на плаќање, општината и инвеститорот склучуваат Договор во кој се регулираат правата и обврските на договорните страни, а по претходно изготвена детална пресметка.

Висината на средствата за приклучок во канализациона мрежа за стан во заеднички станбени згради и за семејна куќа ќе изнесува......................................................7.500,00 ден.

Висината на средствата за приклучок во канализациона мрежа за деловни објекти поединечно за секој деловен простор кој преставува целина ќе изнесува.............7.500,00 ден.

Висината на средствата за приклучок во канализациона мрежа за индустриски објекти ќе се пресметува поединечно према површината што преставува посебна целина, и ќе изнесува.............................................................................……………………….........7.500, 00 ден.

Согласно со Одлуката за комунален ред (Сл.гласник бр. 8 од 28.06.2013 г.) дел 2- Прифаќање ,одведување,пречистување и испуштање на урбани отпадни води чл. 64,69,73 и др., приклучокот врз основа на барање со соодветна документација и уплата на надоместок ќе го врши ЈП Комуналец како давател на услугата, за што ќе издаде одобрение и ќе склучи и Договор со корисникот на услугата.

Висината на средствата за времен приклучок на водоводната мрежа ќе изнесува 10.000,00 денари за неизградено градежно земјиште или по добивање на Одобрение за припремни градежни работи и истите средства ќе се прифатат како дел од надоместокот за уредување на градежното земјиште во зоната во која се наоѓа локацијата за градба на објектот по оваа Програма.

Условите за приклучување, како и висината на надоместокот за постојан приклучок на водоводната мрежа ги утврдува ЈП Комуналец.

## 6.1 КОЕФИЦИЕНТИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното змјиште согласно членот 2 на овој правилник, се пресметува по метар квадратен на новата корисна површина што ќе се гради, што претставува збир на нето површините на подовите на сите простори во објектот, согласно заверениот основен проект и анекс на основниот проект, помножен со следните коефициенти:

1. **За станбени објекти:**

- станбени простории, 1,0;
- станбени простории со висина до 2,50м, подпокривен простор 0,2;
- лоѓија затворена од три страни, 0,4;
- подлоѓија затворена од две страни, 0,3;
- балкони, тераси, 0,2;
- заеднички проодни тераси, пасажи, 0,2;
- помошни простории, остава за гориво, котлара, визба, 0,3;
- трафостаница до 35 KW во објектот и надвор од објектот, 0,3;
- скалишен простор и заеднички комуникации, 0,3;
- стражарници, управител, простории за домар, 0,5 и
- паркиралишта и гаражи, 0,1;

2. **За деловни и јавни објекти:**

- простории, 1,0;
- магацини, 0,5;
- помошни простории, остава за гориво, котлара, 0,3;
- трафостаница до 35KW во објектот и надвор од објектот, 0,4;
- скалишен простор и заеднички комуникации, 0,5;
- паркиралишта и гаражи, 0,1;
- лоѓија затворена од три страни, 0,5;
- подлоѓија затворена од две страни, 0,4;
- балкони, тераси, 0,3 и
- отворен наткриен простор, 0,3;

3. **За други објекти:**

- катни гаражи, 0,05;
- спортски покриени објекти, 0,5;
- спортски откриени објекти, 0,3;
- гасни станици и базни станици за 50% од површината на локацијата, 1,0;
- отворени пазаришта-за 30% од површината на локацијата, 1,0;
- базени, 0,2 и
- трафостаници над 35KW, 1,0;

-станици за технички преглед на моторни возила 1,0 за сите простории, освен делот за

преглед на возила (0,5)

**4. За објектите од група на класи на намени Г - производство, дистрибуција и сервиси:**

- Г1 тешка и загадувачка индустрија, 0,05; (помножено со 15% од просечната нето плата во РСМ за последната година за производниот простор), за останатиот простор коеф. се зема согласно намената, а вредноста согласно зоната
- Г2 лесна и незагадувачка индустрија, 0,01; (помножено со 15% од просечната нето плата во РСМ за последната година за производниот простор) за останатиот простор коеф. се зема согласно намената, а вредноста согласно зоната
- Г3 сервиси, 0,01 и (помножено со 15% од просечната нето плата во РСМ за последната година за производниот простор) ,за останатиот простор коеф. се зема согласно намената, а вредноста согласно зоната
- Г4 стоваришта, 0,01; (помножено со 15% од просечната нето плата во РСМ за последната година за производниот простор), за останатиот простор коеф. се зема согласно намената, а вредноста согласно зоната

5. За бензинска пумпна станица и нејзини придружни содржини (продавници, кафетерии и ресторани, авто сервиси, авто салони, помошни простории) :

- продажни простории на бензинските пумпни станици 1,0 и
- услужни простории на бензинските пумпни станици 1,0;

6. За објектите од група на класи на намени Б 5 - угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одморалишта, и за објектите од група на класи на намени А 4 - хотел, мотел, времено сместување во викенд куќи, планинарски дом и ловен дом:

- сите простории, 0,05;

7. За детски градинки, пензионерски домови и домови за стари лица:

- сите простории, 0,05;

8. За објекти за високо образование:

- сите простории, 0,5;

9.За објекти за култура:

- сите простории, 0,01 и

10. За објекти за терцијална здравствена заштита:

- сите простории, 0,05.

11.За објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија), 0,01 и (помножено со 15% од просечната нето плата во РСМ за последната година)

12.За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели), за 50% од површината на градежната парцела, коеф. 0,01. (помножено со 10% од просечната нето плата во РСМ за последната година)

(2) По исклучок од став (1) на овој член, во новата корисна површина што ќе се гради согласно заверената проектна документација, не се пресметуваат површините на:

- инсталационите канали;
- окната за лифтови;
- окна на врати;
- отворени паркиралишта;
- подземни резервоари и
- објекти заштитени како културно наследство.

(3) За објектите од став (1) на овој член со височина над 32 ката, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште, се пресметува на 27% од вкупно пресметаната површина согласно ставовите (1) и (2) од овој член. Висината на трошоците за уредување на градежно земјиште во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште се пресметува на 27% од вкупно пресметаната површина согласно ставовите (1) и (2) од овој член и за други објекти од став (1) на овој член без оглед на нивната височина, кои се наоѓаат на истата градежна парцела на која е предвидена изградба на објект со височина над 32 ката.

(4) За агро берзи, откупно дистрибутивни центри или пазари, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште, се пресметува на 50% од вкупно пресметаната површина согласно ставовите (1) и (2) од овој член.

(5) За објектите од група на класи на намени Г - производство, дистрибуција и сервиси, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во Република Македонија за последната година, помножена со коефициентите утврдени во став (1) точка 4 од овој член.

(6) За линиски инфраструктурни објекти - државни патишта, локални патишта и улици, магистрални улици, собирни улици, водоводи, канализации, железнички пруги, гасоводи, топловоди, далноводи со напонско ниво од и над 35 KW како и за брани со акумулации, термоцентрали, езерски и речни пристаништа и за доградби и надградби на објекти за кои е донесена одлука од страна на советот на општината, советот на општината во градот Скопје односно советот на градот Скопје согласно член 67-а став (1) од Законот за градење, а инвеститор е општината, општината во градот Скопје односно градот Скопје, не се утврдуваат трошоци за уредување на градежно земјиште.

(7) За објектите за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија), висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година, помножена со коефициентот утврден во став (1) точка 11 од овој член.

(8) За објектите за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели), висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 20% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година, помножена со коефициентот утврден во став (1) точка 12 од овој член.

(9) За објекти за производство на електрична енергија од ветерна енергија (ветерници) висината на трошоците за уредување на градежно земјиште не може да биде повисока од 1.200.000 денари за една ветерница.

6.2 Други одредби преземени од правилникот

(1) Доколку со изградбата на објекти е предвидено отстранување на постоечки

објекти запишани во имотен лист кои се наоѓаат на истата градежна парцела, при пресметувањето на висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, од новата корисна површина се одбива површината утврдена во имотниот лист на постоечките објекти кои ќе се отстранат со изградбата на новите објекти.

(2) Во случаите од став (1) на овој член, површините на подпокривен простор, лоѓија, подлоѓија, балкони, тераси, заеднички проодни тераси, пасажи, помошни простории, визба, скалишен простор, заеднички комуникации, паркиралишта и гаражи на постоечките објекти се одбиваат само од новата корисна површина на објектот која е со иста намена со намената на површините на наведените простории и делови од објектот.

За сите неспомнати извадоци од Правилникот во оваа програма, ќе важат одредбите од истиот.

Дефинирање на поедини нивоа во објектот без оглед за која намена ќе се користат.
а) ПОДРУМ: е етаж кој најмалку 2/3 од висината е вкопан во земја.
б) СУТЕРЕН: е етаж кој најмногу 2/3 од висината е над површината на земјата.
в) ВИСОКО ПРИЗЕМЈЕ: е етаж над сутерен
г) КАТ: е етаж над приземје или високо приземје.
д) ПОТКРОВЈЕ: е ниво на зградата, кое е во целина или делумно изградено внатре во кровната конструкција, чиј надзидок на калканските зидови може да биде со висина од 1,5 м и со висина на просториите под косиот кров до 2,50 м.
ѓ) СКАЛИ: се вертикална комуникација во објектот.

Во колку инвеститорот изгради поголема нето површина од онаа по заверен основен проект од Одделението за урбанизам , инвеститорот е должен да поведе постапка за измени во текот на изградбата и да ја плати дополнително утврдената разлика на корисен станбен и деловен простор по цена што ќе важи на денот на пријавување, односно на денот на откривање на вишокот од надлежен органот.

## 7 . НАДОМЕСТОК ПРИ ИЗГРАДБА ЛИНИСКИ ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ –ПОДЗЕМНИ И НАДЗЕМНИ

7.1 Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште за изградба на линиските подземни и надземни инсталации во урбаниот дел од градот изнесува 180 ден/м' (согласно одлука за измени и дополнувања на програмата за уредување на градежно земјиште бр.08-660/57 од 2016г),а по усвоена проектно-техничка документација доставена до инвеститорот.
7.2 Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште за изградба на линиските подземни и надземни инсталации надвор од урбаниот дел од градот ќе изнесува 60ден/м' (денари по метар должен),а по усвоената проектно-техничка документација доставена од инвеститорот.
7.3. За користење на пристап на општински локален пат при изградба на комерцијално-стопански објекти приклучокот ќе изнесува 6000 денари.

## 8. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА НАСЕЛЕНИ МЕСТА ЗА КОИ СЕ ДОНЕСЕНИ ОПШТИ АКТИ ЗА ИЗГРАДБА

Одредбите од оваа програма важат и за сите населени места во општината за кои има донесено и усвоено општи акти,каде висината на надоместокот ќе изнесува:

8.1. За населени места со повисоко урбано уредување, за кои има донесено општи акти

или друга урбанистичко-планска документација, како што се:
-с.Конопница ,с.Мождивњак , с.Жидилово и приградски дел на нас.Градец, надоместокот ќе изнесува:
станбен простор 300 ден/м2, а за деловен простор 500 ден/м2.

8.2. За сите останати населени места за кои е донесен општ акт или друга урбанистичко-планска документација надоместокот ќе изнесува:
станбен простор 150 ден/м2, а за деловен простор 300 ден/м2.

## 9. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување на Програмата во делот на инфраструктурните објекти ќе зависи пред се од два фактора:

Првиот фактор е што Општина Крива Паланка е ридско-планинско подрачје со умерено континентална клима и е пропратена со доста долги зими така да најповолен период за реализација на Програмата е периодот месец март - месец ноември.

Вториот фактор е што собирањето на средствата има нерамномерно темпо и динамиката на извршување на Програмата зависи како од приливот на финансиските средства од надоместокот за уредување на градежно земјиште, така и од евентуални трансфери од повисоки нивоа преку кои се реализираат проектите.

### П Р И Х О Д И

1. Средства предвидени од Министерства, Агенции и други институции …………………………………….. 17.000.000 ден.
2. Средства од надоместок за уредување на градежно земјиште (комуналии) од граѓани од други физички и правни лица......................................................................... 3.000.000 ден.
3. Средства од буџет на општина Крива Паланка............................. 8.000.000 ден.

Вкупно: 28.000.000 ден.

### Р А С Х О Д И:

1. Изработка на техничка документација ................................................... 2.000.000 ден.
2. Изградба и реконструкција.................................................................... 22.000.000 ден.
3. Набавка и поставување на урбана опрема ........................................... 3.000.000 ден.
4. Спроведување на експропријација......................................................... 1.000.000 ден.

Вкупно: 28.000.000 ден.

# АКЦИСКИ ПЛАН
## Оперативна, родово сензитивна буџетска програма за уредување на градежно земјиште за 2023 година на Општина Крива Паланка

| **Буџетска програма и конто** | **1** | **ЦЕЛ:** Целта на програмата е планирање, проектирање и изведување на инфраструктурните објекти и дру уредување на градежното земјиште | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/индикатори** |
| | **1. ПРОСТОР КОЈ Е ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ** | Градење на објект се врши на уредено градежно земјиште.<br>Уредувањето на градежното земјиште во рамките на подрачјето утврдено со генерален и детален урбанистички план го вршат општините.<br>Под уредување на градежно земјиште се подразбира изградба на објекти од комуналната инфраструктура поради:<br>- Обезбедување непречен пристап до градежната парцела од јавен пат.<br>- Обезбедување на приклучок на водоводна мрежа.<br>- Обезбедување на приклучок во канализација (фекална и атмосферска).<br>- Обезбедување приклучок на електрична, и друга инсталација со приклучоци до градежната парцела.<br>Уредувањето на градежното земјиште може да биде извршено целосно или делумно. | Јануари – Декември 2023 | Уредено градежно земјиште за изградба на објекти и уредување на јавни површини согласно потребите на жените и мажите жители на општината |
| | **2. ОБЕМ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ** | 2.1. Подготвителни работи за уредување и опремување на градежното земјиште се сметаат следните работи:<br>Изготвување на урбанистичко –планска и техничка документација документација предвидена со закон<br>- Решавање на имотно-правните односи со поранешните сопственици.<br>2.2. Расчистување на градежно земјиште ќе се врши при изградба на:<br>-Основна инфраструктура, основни градски сообраќајници и објекти од водоводна, канализациона и електрична мрежа.<br>2.3. Опремување на градежното земјиште | Јануари – Декември 2023 | Изготвени планови за градежно земјиште за 2023г., согласно потребите на жените и мажите жители на општината |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | **3. ОБЕМ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИ НА ОСНОВНАТА И СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА** | - Проектирање и изградба на улици, паркиралишта, пешачки патеки и друго според урбанистичкитепланови;<br>- Проектирање и изградба на секундарна водоводна мрежа до градежната парцела;<br>- Проектирање и изградба на секундарна фекална канализација до собирна шахта;<br>- Проектирање, реконструкција, изградба и доизградба на атмосферска канализација;<br>- Проектирање и изградба на нисконапонска електрична мрежа до приклучен орман;<br>- Проектирање и изградба и доизградба на улично осветлување според програмата;<br>- Проектирање и изградба на зелени површини, со хидрантска мрежа и поставување на урбана опрема предвидена со деталните урбанистички планови и проектираното партерно решение. | Јануари – Декември 2023 | Проектирани инфраструктурни објекти кои ги користат 51% жени и 49% мажи (согласно бројот на жители на општина КП разделен по пол) | С<br>и<br>с<br>к<br>и<br>Р<br>С |
| | **3.1. ИЗРАБОТКА НА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА** | **3.1.1. Техничка документација за атмосферска канализација**<br>**3.1.2 Техничка документација за регулација на буици и водотеци**<br>**3.1.2 .Изработка на техн.документација и елаборати за поставување на урбана опрема за спортско-рекреативни и детски игралишта**<br>**3.1.3. Изработка на техничка документација за пристапни пешачки патеки и скали**<br>**3.1.4 Изработка на техничка документација за изградба, реконструкција и санација на мостови и пропусти.**<br>**3.1.5. Техничка документација за уредување на јавни површини и поставување на урбана опрема**<br><br>**3.1.6 -Техничка документација за изградба и уредување на паркинг простори или поставување на монтажни конструкции за паркирање.**<br><br>**3.1.7 -Техничка документација за доградба, надградба, реконструкција и адаптација на објекти и простори каде сопственик е општина Крива Паланка.** | Јануари – Декември 2023 | Техничката документација ги зема предвид потребите на жените и мажите во општината | С<br>и<br>с<br>к<br>и<br>Р<br>С |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **3.2 ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА** | **3.2.1. Изградба и реконструкција на атмосферски канализации**<br>**3.2.2. Изградба на регулации на буици и водотеци, уредување на речни корита, одржување и чистење**<br>**3.2.3. Изградба, реконструкција и санација на потпорни ѕидови**<br>**3.2.4. Изградба и поставување на спортско - рекреативни и детски игралишта**<br>**3.2.5. Изградба на пристапни рампи**<br>**3.2.6. Изградба, реконструкција и одржување на пристапни пешачки патеки и скали**<br>**3.2.7. Изградба на рекреативни патеки**<br>**3.2.8. Санација на свлечишта**<br>**3.2.10. Партерно уредување на јавни површини и поставување и одржување на урбана опрема**<br>**3.2.11 Изградба и уредување на паркинг простори или поставување на монтажни конструкции за паркирање.**<br>**3.2.12 Почеток на процес на гасификација**<br>**3.3.СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА** | Јануари – Декември 2023 | Изградени/реконструирани/санирани атмосферска канализација, регулации на буици и водотеци, речни корита, потпорни ѕидови, свечилишта, во корист на сите жени и мажи во општината<br><br>Број на корисници на спортско рекреативни и детски игралишта поделен по пол за 2023г.<br><br>Изградени пристапни пешачки патеки и скали од кои корист имаат сите жители на општината, особено оние со намален капацитет на мобилност или лица со попреченост<br><br>Број на возачи кои поседуваат моторно возило и го користат паркинг просторот поделен по пол |
| | **4. Извори за финансирање на програмата за уредување на градежно земјиште** | 1. Надоместок за уредување на градежно земјиште (комуналии);<br>2. Приход од продажба на градежно земјиште сопственост на РСМ;<br>3. Комунални такси;<br>4. Трансфери и финансиска подршка од владини институции, и тоа од:<br>4.2. Биро за регионален развој;<br>4.3. Агенција за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој;<br>4.4 Влада на РСМ и Министерства во владата<br>4.5 Средства од домашни и меѓународни фондови и банки | Јануари – Декември 2023 | -обезбедени средства за реализација на програмата во интерес на потребите на жените и мажите жители на општината |
| | **5. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ** | 1. Се доставува техничка документација<br>2. Се врши пресметка на надоместок согласно зоните, коефициентите и вид на објекти | Јануари – Декември 2023 | Обезбедени средства за надоместок во буџетот на општината со кои се уредува градежното земјиште |
| | 6. **ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СПОРЕД МЕСТОПОЛОЖБАТА** | -утврдување на зони за пресметка<br>-утврдени се 5 зони во урбаното подрачје | Јануари – Декември 2023 | Утврдена постапка и критериуми за пресметка согласно зоните |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | F<br>C |
| | **6.1 КОЕФИЦИЕНТИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ** | -утврдување на коефициенти за пресметка согласно со правилник | | Утврдени поволни коефициенти во рамки на дозволените во насока на поголем интерес за изградба на индивидуални и деловни објекти<br><br>Утврдени поволни коефициенти за детски градинки, пензионерски домови и домови за стари лица | |
| | **7. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА** | | Јануари – Декември 2023 | Динамиката на реализација е зависна од обезбедување и прилив на средства | C<br>и<br>с<br>к<br>и<br>F<br>C |

**Програмата стапува на сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во Службен гласник на Општина Крива Паланка, а ќе се применува од 01.01.2023 година**.

**Бр. 09- 4665/37**
**07.12.2022 год.**

**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**

**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за уредување на градежно земјиште во Општина Крива Паланка за 2023 година**

1.Се објавува Програма за уредување на градежно земјиште во Општина Крива Паланка за 2023 година ,што Советот ја донесе на 17-та седница, одржана на ден 07.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –4665 /38**
**09.12.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 14 став 4 од Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 174/21) ,Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19) Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија” бр. 169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 302/20 и 122/21) и член 14 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Крива Паланка, („Службен гласник на Општина Крива Паланка“, бр.08/10, 08/14, 02/18, 03/19 и 08/21) Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 07.12.2022 година, донесе:

# П Р О Г Р А М А

## за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната Патна мрежа во Општина Крива Паланка за 2023 година

**ВОВЕД:**

Според законот за јавни патишта мрежата на јавните патишта ја сочинуваат државните патишта (автопатишта, експресните патишта, магистралните и регионалните патишта од прва и втора категорија) и општинските патишта и улиците во градовите и другите населени места. Критериумите за категоризација на јавните патишта и нивните ознаки ги утврдува Владата на Република Македонија. Категоризација на јавните патишта на општински патишта и улиците во населените места согласно со тие критериуми врши Советот на општината, односно Советот на градот Скопје.

На планирањето, изградбата, реконструкцијата, рехабилитацијата и инвестиционото одржување на јавните патишта и улици се применуваат прописите за градење и за просторно и урбанистичко планирање. Работите на изградбата, реконструкцијата, рехабилитацијата, одржувањето и заштитата на општинските патишта ги вршат општините, односно градот Скопје. По извршената изградба или реконструкција на јавен пат, на дел од јавен пат или објект на патот, се врши технички прием согласно со Законот за градење, врз основа на кој се издава одобрение за употреба на патот.

Според Законот за јавни патишта:

-Под изградба на јавен пат се подразбира изградба на патна инфраструктура на претежно нова траса.

-Под реконструкција на јавен пат се подразбира изведување на работи на дел на постојниот пат со кој се менуваат неговите основни карактеристики, со цел да се зголеми нивото на услугата на патот.

-Под рехабилитација на јавен пат се подразбира подобрување и зајакнување на коловозната конструкција и објектите на патот (нивелетата, одводнувањето, сообраќајната сигнализација и друго), а во рамките на постоечкиот пат односно траса на патот.

-Работи на редовно одржување се сите активности со кои патот континуирано се одржува во функционална состојба и безбедно одвивање на сообраќајот. Работи на зимско одржување се сите активности за обезбедување на сообраќајот во зимски услови. Работи на периодично одржување се сите активности кои

повремено се преземаат за продолжување на животниот век на патната инфраструктура. Работи на интервентно одржување на патиштата се активности за отстранување на оштетувања настанати од непредвидени настани за обезбедување на непречен и безбеден сообраќај на патот.

Согласно со погоре наведеното, Донесувањето на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Крива Паланка за 2023 година, е законска обврска која ги опфаќа сите активности за изготвување на техничка документација, градење, реконструкција, рехабилитација и тековно одржување на локалните улици и патишта.

Исто така, според Законот за јавни патишта, за изградба и одржување на дел од асфалтните и земјани патишта кои се на територијата на општината, а кои се рангирани како меѓународни, магистрални и регионални патишта надлежно за изградба, реконструкција и одржување е ЈП за државни патишта преку ЈП Македонија Пат, а за поголемиот дел во должина од околу 95км асфалтен коловоз и околу 80 км земјан коловоз надлежна е општината.

На територијата на општина Крива Паланка постојат 34 населени места кои главно се доста оддалечени од градот. Тоа подразбира долга основна мрежа на локални патишта до централниот дел на селата која е главно со асфалтен коловоз, но и разгранета секундарна мрежа од земјани патишта кон пооделни маала во селата кои се главно од разбиен вид.

И покрај тоа што во изминатиов период доста се инвестираше во изградба и реконструкција на локалната патна мрежа, сепак потребни се уште многу повеќе средства за подобрување на глобалната состојба на општинско ниво.

Општина Крива Паланка за наредната 2023 година за реализација на дел од активностите кои се предвидени со оваа Програма, а кои се започнати или новопредвидени, веќе има обезбедено значителни финансиски средства главно од Владата на РСМ преку ТАВ програмата, Министерство за локална самоуправа-Биро за регионален развој, а се очекуваат средства и од АФПЗРР, Министерството за транспорт и врски и други институции. Во некои од овие проекти општината ќе учествува и со сопствени средства како делумно кофинансирање, како и за делот на исплата на ДДВ, а предвидени се финансиски средства и за самостојна реализација на одредени активности.

## 1. Техничка документација за улици и локални патни правци:

Општината секоја година распишува јавна набавка и склучува рамковен договор со фирма за проектирање на локални улици и патишта и посветува значително внимание на оваа област, имајки во предвид дека без добро подготвена и спремна техничка документација тешко може да се аплицира за реализација на проектите пред меѓународни и државни институции

Покрај изработката на нова техничка документација во текот на 2023 год. дел од средствата ќе бидат наменети и за да се изврши доработка и комплетирање на дел од постоечка стара техничка документација и нејзино усогласување со важечките закони.

### 1.1 ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УЛИЦИ ВО РАМКИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

-Докомплетирање на техничка документација за реконструкција и доизградба на дел од главна улица Св.Јоаким Осоговски на потегот од Соларски Мост кон клучка на излез

-Докомплетирање на техничка документација за сервисна улица покрај дел од речно корито на потегот од градски пазар до петља (геод.елаборати и проценки

за постапка на експропријација)
-Докомплетирање на техничка документација за улица покрај течението на Дурачка Река и усогласување на истата со проект за регулација на Дурачка Река на потег: Дом на Култура- Маневски Мост.
-Докомплетирање на техничка документација за дел од ул.Р.Гогова во продолжеток на постоечки асфалт
-Докомплетирање на техничка документација за реновирање/тековно одржување на постоечки мостови на Крива Река во урбано подрачје
-Изработка и докомплетирање на техн.документација за реконструкција на улици: (17-та мак. ударна бригада (нас. Илинден), дел од ул. Наско Тамбурков, дел од ул. Гоце Делчев со крак кон Дреначка маала, ул.Моша Пијаде во нас.Осичка Маала)
-Изработка на техничка документација за изградба на потпорен зид на дел од ул. Р.Минев и на дел од ул Н.Тамбурков (кај поранешен Пролетер)
- Изработка на техничка документација за тротоари покрај магистрален пат на потегот од Бегови Бавчи до Клучка кај Облаче (во соработка со ЈПДП)

### 1.2 Техничка документација за локални патни правци

-Изработка на техничка документација за поврзување на с. Градец со с.Осиче преку м.Домазетовци.........................................................................................Л = 3,50 км
-Изработка на техничка документација за локален пат во с. Конопница кон м.в.Крст во продолжеток на постоечки асфалт.............................................................................Л = 3,50 км.
-Докомплетирање на техничка документација за доизградба и реконструкција на патен правец од спој со А2-према црква во с. Длабочица..................................Л = 4.00 км
-Докомплетирање на техничка документација за патен правец во с. Дубровница, маала Србиновци...................................................... .................Л = 1,50км
-Изработка на техничка документација за пристапен пат и мост кон нас. Крстата Падина..........................................................................................Л = 0,60 км
-Докомплетирање на техничка документација за реконструкција на локален пат с.Огут-с. Нерав ..............................................................................................Л = 3,50 км
-Докомплетирање на техничка документација за реконструкција на локален пат од Манастир кон с. Варовиште...........................................................................Л = 3,50 км
-Докомплетирање на техничка документација за Реконструкција на локален пат во с. Moждивњак (А2-Дубје)...........................................................................Л = 3,00 км

## 2 ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ЛОКАЛНИ УЛИЦИ И ПАТИШТА

### 2.1. Изградба и реконструкција на улици (во урбан дел)

-Реконструкција и доизградба на дел од главна улица Св.Јоаким Осоговски на потегот од Соларски Мост кон клучка на излез кај рест. Облаче (обезбедени средства преку Светска Банка и МТВ)

-Реконструкција на улица „Св Јоаким Осоговски“ на потегот од Осичка Маала до Мотел
-Реконструкција на улица „Македонска“
-Изградба на дел од ул „Баглачка“
-Изградба на дел од ул.„Осоговска“
-Изградба на дел од ул. „Климент Охридски“ од Цонев Рид кон с. Мартиница (обезбедени средства преку Министерство.за локална самоуправа и БРР)
-Изградба на дел од ул. Ристена Гогова во продолжеток на постоечки асфалт 262 (средствата ќе бидат обезбедени од буџетот на општината)
-Реконструкција на улици: (17-та мак. ударна бригада (нас. Илинден), дел од ул. Наско Тамбурков, дел од ул. Гоце Делчев со крак кон Дреначка маала (над гробишта во нас. Единство), ул.Моша Пијаде во нас.Осичка Маала) (напомена: за реконструкција на дел од овие улици ќе се аплицира доколку има повик и се обезбедат средства од државни институции)

**2.2 Изградба и реконструкција на локални патни правци:**

-Изградба на локален патен правец во с. Крклља- врска со постоечки асвалтиран пат до маалите Џиковци и Тукарци............. .................................................... Л = 1,50 км
(обезбедени средства преку Министерство.за локална самоуправа и БРР)

-Довршување на реконструкција на локален пат во м.в. Чивлк с. Конопница........Л = 0,55 км
(обезбедени средства преку ТАВ-програмата)

-Изградба на локален пат во с.Дурачка Река кон м.в. Метоф................................ Л = 1.00 км
-Реконструкција на локален пат во с. Мождивњак (А2-Дубје).................................Л = 3,00 км
-Реконструкција на локален пат с.Огут-с.Нерав .....................................................Л = 3,50 км
-Реконструкција на локален пат од Манастир кон с.Варовиште.............................Л = 3,50 км
(напомена: за реконструкција на дел од овие патни правци ќе се аплицира доколку има повик и се обезбедат средства од државни институции)

**2.3. Тековно одржување на локална патна мрежа и крпење на ударни дупки**

Како и минатите години и во текот на 2023 год ќе бидат предвидени средства од буџетот на општината за тековно одржување, обнова на коловоз и крпење на ударни дупки и замена на оштетени делови од асфалтни коловозни површини на локалната патна мрежа.

-Дел од ул. „11-ти октомври “(кај социјално)
-Дел од ул. „Орце Николов“ (кон стари градски гробишта)
-Дел од ул. „Браќа Миладиновци“ и Коце Металец (испод кланица)
-Дел од ул. Климент Охридски (покрај Скрљавски Дол)
-Дел од ул Панче Пешев
-Други улици во урбаниот дел на кој ќе се појави потреба од крпење на ударни дупки и обнова на делови од коловозни површини
-Тековно одржување на пристапни улици и јавни површини на зелен пазар

-Тековно одржување на локални патни правци со крпење на ударни дупки и замена на делови од оштетени коловози (според потреба и проценка на стручните служби по направен увид на лице место по завршеток на зимска сезона)

**2.4 Одржување на локални земјани патишта и заштита на косини**

Во изминатиов период беа вложени значителни средства од буџетот на општината за подобро одржување и заштита на локалната патна мрежа, што ќе продолжи и во наредната година, како би се придонело за побезбеден моторен сообраќај на подрачјето на Општина Крива Паланка. За одржување на некатегоризирани маалски патишта со земјан коловоз во селските населби, општина Крива Паланка според проценките на стручните служби за состојбата на патиштата, по доставени барања од Месните Заедници или група граѓани, кои се оправдани и одобрени, ќе врши соодветно ангажирање на градежна механизација преку ЈП Комуналец или други економски оператори со кои има Договор.

На дел од локалните земјани патишта ќе се изврши делумна санација, делумно пробивање, одводнување, насипување и дотерување на нивелета на постоечките локални патни правци со земјан коловоз со градежна механизација во зависност од обемот на врнежи и оштетување на земјаниот коловоз, а заради нивно доведување во состојба на проодност и одвивање на сообраќај**,** и тоа:

-Локален пат Огут-с. Нерав и земјани патишта .кон одредени маали ............ ...Л = 9,50 км
-Локален пат с.Мождивњак маала Чивлик........................................................ .Л= 0,50 км
-Патен правец со земјан коловоз од м. в.Метоф с. Дурачка Река
кон с. Дренак ..........................................................................................................Л= 8,00 км-Локалнни патишта во с. Крклља ...........................................................................Л = 2,00 км
-Локален пат во с. Мождивњак од асфалтен пат до маала Деа Даневци ..........Л = 1,00 км
-Локален пат од асфалт кон с. Бс............................................................................Л = 1,00км
-Локални патишта во с. Жидилово........... ....................................................... Л= 9,00км
-Локални патишта во с. Трново и с. Дубровница..................................................Л =10,00 км
-Други неспомнати патни правци или пристапни патишта кон селски населби со земјан коловоз според состојбата, насоки од колегиум и проценка на стручни служби, барања од локално месно население и месни заедници.

**3.2 Санација на свлечишта и заштита на косини на локални улици и патишта со изградба на потпорни зидови, поставување на габиони и заштитна мрежа и ограда**

Со оглед на рељефно-климатските и геомеханички карактеристики на земјиштето, во изминатиов период интензивирани се појави на свлечишта и одрони на делови од улици и локални патни правци на територијата на општина Крива Паланка. Тоа бара преземање на соодветни мерки за заштита на косините и трупот на патот за што се потребни значителни финансиски средства. На новопроектираните улици и патишта заштитата и стабилизација на косини е предвидена со самите проекти за патот. На постоечките патишта и локални улици се јавува исто така потреба од изградба на нови, реконструкција или санација на постоечки потпорни зидови. Овој дел е подетално разработен во програмата за

уредување на градежно земјиште.

## 4. Приходи и расходи

Во делот приходи прикажани се само средствата кои се веќе обезбедени од други институции, а се трансферираат преку буџетот на општината, како и сопствените средства на општината. Дел од веќе обезбедените средства за реализација на програмата не проаѓаат преку буџетот, односно се исплаќаат директно на изведувачите на работите.(како што се средствата од Светска Банка и МТВ и средствата од ТАВ програмата). Доколку има прилив на други средства по однос на распишани повици и одобрени апликациии од други институции, истите ќе бидат вградени во буџетот со ребаланс.

**П Р И Х О Д И:**

1. Средства од Биро за регионален развој (доделени на општината и преку Североисточен плански регион) ..........................................................36.500.000,00
2. Средства од ЈП за патишта на РМ за одржување на локална патна мрежа........................................................................................................... 3.500.000,00
3. Средства од буџет на Општина Крива Паланка ........................................16.000.000,00

---

**В К У П Н О: 56.000.000,00**

**Р А С Х О Д И**

1.Изградба, реконструкција и рехабилитација на локални патни правци и улици во Општина Крива Паланка......................................36.500.000,00
3.Изработка и доработка на техничка документација ....................................1.000.000,00
4. Делумна санација, делумно пробивање, одводнување, насипување и дотерување на нивелета на постоечките локални патни правци (претежно со земјан коловоз)......................................................................... 2.500.000,00
5. Тековно одржување на изградената патна мрежа и елементи на патот, поставувањена на пропусти,заштита на косини и крпење на ударни дупки......................................................................11.000.000,00
6. Санација на одрони и свлечишта.................................................................1.000.000,00
7. Набавка и поставување на еластична одбојна ограда...............................2.000.000,00
8. Експропријација......................................................................... ....2.000.000,00

---

**В К У П Н О: 56.000.000,00**

# АКЦИСКИ ПЛАН
## Оперативна, родово сензитивна буџетска програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа за 2023 година на Општина Крива Паланка

| Буџетска програма и конто | 1 | **ЦЕЛ:** Целта на програмата е изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мр | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резулт** |
| | **Вовед**<br>**Работите на изградбата, реконструкцијата, рехабилитацијата, одржувањето и заштитата на општинските патишта ги вршат општините** | **Изработка на техничка документација**<br>**Изградба и реконструкција**<br>**Одржување и заштита на локална патна мрежа** | **континуирано** | **Добро изгр и распрос лока** |
| | **1. Техничка документација за улици и локални патни правци:**<br><br>**1.1 ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УЛИЦИ ВО РАМКИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН** | -Докомплетирање на техничка документација за реконструкција и доизградба на дел од главна улица Св.Јоаким Осоговски на потегот од Соларски Мост кон клучка на излез<br>-Докомплетирање на техничка документација за сервисна улица покрај дел од речно корито на потегот од градски пазар до петља (геод.елаборати и проценки за постапка на експропријација)<br>-Докомплетирање на техничка документација за улица покрај течението на Дурачка Река и усогласување на истата со проект за регулација на Дурачка Река на потег: Дом на Култура-Маневски Мост.<br>-Докомплетирање на техничка документација за дел од ул.Р.Гогова во продолжеток на постоечки асфалт<br>-Докомплетирање на техничка документација за реновирање/тековно одржување на постоечки мостови на Крива Река во урбано подрачје<br>-Изработка и докомплетирање на техн.документација за реконструкција на улици:<br>(17-та мак. ударна бригада (нас. Илинден), дел од ул. Наско Тамбурков, дел од ул. Гоце Делчев со крак кон Дреначка маала, ул.Моша Пијаде во нас.Осичка Маала)<br>-Изработка на техничка документација за изградба на потпорен зид на дел од ул. Р.Минев и на дел од ул Н.Тамбурков (кај поранешен Пролетер)<br>- Изработка на техничка документација за тротоари покрај магистрален пат на потегот од Бегови Бавчи до Клучка кај Облаче (во соработка со ЈПДП) | Јануари – Декември 2023 | Подго документ водејќи см приорите пос |
| | **1.2 Техничка документација за локални патни правци** | -Изработка на техничка документација за поврзување на с. Градец со с.Осиче преку м.Домазетовци..........................................................................................Л = 3,50 км<br>-Изработка на техничка документација за локален пат во с. Конопница кон м.в.Крст во продолжеток на постоечки асфалт............................................................................Л = 3,50 км. | Јануари – Декември 2023 | Подго документ водејќи см приорите пос |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | -Докомплетирање на техничка документација за доизградба и реконструкција<br>на патен правец од спој со А2-према црква во с. Длабочица..................................Л = 4.00 км<br>-Докомплетирање на техничка документација за патен правец<br>во с. Дубровница, маала Србиновци................................................. ................Л = 1,50км<br>-Изработка на техничка документација за пристапен пат и мост<br>кон нас. Крстата Падина.............................................................................................Л = 0,60 км<br>-Докомплетирање на техничка документација за реконструкција на локален пат<br>с.Огут-с. Нерав<br>.............................................................................................................Л = 3,50 км<br>-Докомплетирање на техничка документација за реконструкција на локален пат<br>од Манастир кон с. Варовиште.............................................................................................Л = 3,50 км<br>-Докомплетирање на техничка документација за Реконструкција на локален пат<br>во с. Мождивњак (А2-Дубје).........................................................................................Л = 3,00 км | | |
| | **1 ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ЛОКАЛНИ УЛИЦИ И ПАТИШТА**<br>**2.1. Изградба и реконструкција на улици (во урбан дел)** | -Реконструкција и доизградба на дел од главна улица Св.Јоаким Осоговски на потегот од Соларски Мост кон клучка на излез кај рест. Облаче (обезбедени средства преку Светска Банка и МТВ)<br>-Реконструкција на улица „Св Јоаким Осоговски“ на потегот од Осичка Маала до Мотел<br>-Реконструкција на улица „Македонска“<br>-Изградба на дел од ул „Баглачка“<br>-Изградба на дел од ул.„Осоговска“<br>-Изградба на дел од ул. „Климент Охридски“ од Цонев Рид кон с. Мартиница<br>(обезбедени средства преку Министерство.за локална самоуправа и БРР)<br>-Изградба на дел од ул. Ристена Гогова во продолжеток на постоечки асфалт 262<br>(средствата ќе бидат обезбедени од буџетот на општината)<br>-Реконструкција на улици: (17-та мак. ударна бригада (нас. Илинден), дел од ул. Наско Тамбурков, дел од ул. Гоце Делчев со крак кон Дреначка (Трновска) маала, ул.Моша Пијаде во нас.Осичка Маала) (напомена: за реконструкција на дел од овие улици ќе се аплицира доколку има повик и се обезбедат средства од државни институции) | Јануари – Декември 2023 | Изградени<br>улици согл<br>користат<br>мажи) в<br><br>Притоа<br>можност<br>предвид п<br>односно по<br>поминува<br>некои гру<br>најчесто ти<br>до градин<br>п |
| | **2.2 Изградба и реконструкција на локални патни правци:** | -Изградба на локален патен правец во с. Кркља- врска со постоечки асвалтиран<br>пат до маалите Џиковци и Тукарци............. | Јануари – Декември 2023 | Изградени<br>патни прав<br>кои ги кори<br>и мажи) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | ....................................................... Л = 1,50 км<br>(обезбедени средства преку Министерство.за локална самоуправа и БРР)<br><br>-Довршување на реконструкција на локален пат во м.в. Чивлк с. Конопница........Л = 0,55 км<br>(обезбедени средства преку ТАВ-програмата)<br><br>-Изградба на локален пат во с.Дурачка Река кон м.в. Метоф................................ Л = 1.00 км<br>-Реконструкција на локален пат во с. Мождивњак (А2-Дубје).................................Л = 3,00 км<br>-Реконструкција на локален пат с.Огут-с.Нерав .................................................... ..Л = 3,50 км<br>-Реконструкција на локален пат од Манастир кон с.Варовиште.............................Л = 3,50 км<br>(напомена: за реконструкција на дел од овие патни правци ќе се аплицира доколку има повик и се обезбедат средства од државни институции) | | |
| | **2.3. Тековно одржување на локална патна мрежа и крпење на ударни дупки** | Како и минатите години и во текот на 2023 год ќе бидат предвидени средства од буџетот на општината за тековно одржување, обнова на коловоз и крпење на ударни дупки и замена на оштетени делови од асфалтни коловозни површини на локалната патна мрежа.<br>-Дел од ул. „11-ти октомври “(кај социјално)<br>-Дел од ул. „Орце Николов“ (кон стари градски гробишта)<br>-Дел од ул. „Браќа Миладиновци“ (испод кланица)<br>-Дел од ул. Климент Охридски (покрај Скрљавски Дол)<br>-Дел од ул Панче Пешев<br>-Други улици во урбаниот дел на кој ќе се појави потреба од крпење на ударни дупки и обнова на делови од коловозни површини<br>-Тековно одржување на пристапни улици и јавни површини на зелен пазар<br><br>-Тековно одржување на локални патни правци со крпење на ударни дупки и замена на делови од оштетени коловози (според потреба и проценка на стручните служби по направен увид на лице место по завршеток на зимска сезона) | Јануари – Декември 2023 | Подобр локална сите ж жители и оп |
| | **2.4 Одржување на локални земјани патишта и заштита на косини** | -Локален пат Огут-с. Нерав и земјани патишта .кон одредени маали ............ ...Л = 9,50 км<br>-Локален пат с.Мождивњак маала Чивлик........................................................ .... .Л= 0,50 км<br>-Патен правец со земјан коловоз од м. в.Метоф с. Дурачка Река кон с. Дренак ...................................................................... .......................................Л= 8,00 км | Јануари – Декември 2023 | Подобре безбедно мажите |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | -Локалнни патишта во с. Кркља ......................................................................... Л = 2,00 км<br>-Локален пат во с. Мождивњак од асфалтен пат до маала Деа Даневци ..........Л = 1,00 км<br>-Локален пат од асфалт кон с. Бс.............................................................................Л = 1,00км<br>-Локални патишта во с. Жидилово............ ........................................................ Л= 9,00км<br>-Локални патишта во с. Трново и с. Дубровница..................................................Л =10,00 км | | |
| | **3.2 Санација на свлечишта и заштита на косини на локални улици и патишта со изградба на потпорни зидови, поставување на габиони и заштитна мрежа и ограда** | На новопроектираните улици и патишта заштитата и стабилизација на косини е предвидена со самите проекти за патот. На постоечките патишта и локални улици се јавува исто така потреба од изградба на нови, реконструкција или санација на постоечки потпорни зидови. | Јануари – Декември 2023 | .. Подобр<br>зголемен<br>на женит<br>општина |

**Програмата стапува на сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во Службен гласник на Општина Крива Паланка, а ќе се применува од 01.01.2023 година.**

**Бр.09-4665/39** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**07.12.2022год.** **Претседател**

**КриваПаланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за изградба ,реконструкција и одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Крива Паланка за 2023 година**

1.Се објавува Програма за изградба ,реконструкција и одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Крива Паланка за 2023 година,што Советот ја донесе на 17-та седница, одржана на ден 07.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –4665 /40**
**09.12.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 7 став (1) и член 14 став (3) алинеја (6) од Законот за комунални дејности („Службен весник на Република Македонија“ број 95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20), Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16), Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост **(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 193/16 и 72/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 16/22)** и член 14 став (1) точка (13) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“, бр.8/10 08/14, 02/18, 03/19 и 8/21), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 07.12.2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

за изградба, реконструкција и одржување на мрежата за јавното осветлување во Општина Крива Паланка за 2023 година

Вовед

Општина Крива Паланка во изминатите две години го имплементираше проектот за ЈПП за давање на енергетски услуги за јавно осветлување со кој се изврши целосна модернизација на системот за јавно осветлување во урбаниот дел и приградските населби на Крива Паланка. Беа инсталирани и монтирани нови 2217 лед штедливи светилки кои во иднина со мала надградба на системот може да работат и како смарт светилки, односно целосно далечински да се контролираат и управуваат.

Со тоа се остварува значителна заштеда на вкупните трошоци за одржување и за потрошувачка на електрична енергија. Ова е особено важно во последно време кога цената на светските берзи доживеа енормно покачување и има недостаток на електрична енергија.

Исто така со ова значително се придонесе за стабилизација на мрежата за јавно осветлување и подобрување на услугата за испорака на квалитетно јавно осветлување на граѓаните

Трендот на модернизација на постоечката мрежа за јавно осветлување ќе продолжи и во 2023 година на реоните каде не се инсталирани штедливи светилки. Утврдувањето на приоритетите, активностите и потребните средства и начините за подобрување на услугата за обезбедување на квалитетно јавно осветлување за локалното население, согласно постоечките услови и можностите, врз основа на извршената анализа и увиди на лице место ќе се изврши со Програмата за изградба, реконструкција и одржување на јавното осветлување во Општина Крива Паланка за 2023 година. Програмата е всушност континуитет на имплементацијата на програмата од претходната година, надополнета со одредени нови активности, произлезени од

новосоздадените услови на терен. Во рамки на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на мрежата за јавно осветлување се опфатени следните активности:

**<u>А. Изработка на техничка документација за јавно осветлување</u>**

Во изминатите години Општина Крива Паланка успешно имплементираше ГИС систем за софтверска евиденција на комуналната инфраструктура. Во ГИС системот комплетно е внесена подлогата за нисконапонската мрежа за напојување на градот со електрична енергија. Во 2021/2022 година се работеше на внесување на мрежата за јавно осветлување, односно геодетско снимање и евидентирање на истата. За таа цел и во текот на 2023 година се планира да се продолжи со снимање на опфатот на мрежата за јавно осветлување и внесување на истиот во ГИС системот на општината.

Покрај снимање на опфатот, се предвидуваат и активности поврзани со изготвување на проектно-техничка документација за доизградба и изградба на нови линии и делови од постоечката мрежа. Со изготвувањето на проектно-техничка документација и технички решенија се создаваат услови за аплицирање со проекти од оваа област во различни грантови и кредитни програми. Како приоритети за 2023 година се предвидени изработка на проектно-техничка документација за:

-Техничка документација за осветлување на дел од ул. „Калин Камен“

-Докомплетирање на техн.документација за гл.ул. „Св. Јоаким Осоговски“ на потег стара килимара кон клучка за излез.

**<u>Б. Изградба, доизградба и реконструкција на нови и постоечки делници за јавно осветлување во опсегот на мрежата за јавно осветлување</u>**

Мрежата за јавно осветлување речиси во целост го покрива урбаниот дел од градот и приградските населби. Со доизградба и реконструкција на патната инфраструктура и проширување на опфатот на урбанизација на општината се јавува постојана потреба од изградба на нови линии и доизградба и проширување на делови од мрежата за јавно осветлување, така да и во 2023 година е предвидено понатамошен континуитет на оваа активност.Се предвидува изградба и доизградба , како и реконструкција на систем за јавно осветлување за делови и реони има обезбедена соодветна техничка документација. Притоа, мора да се напомене дека реализацијата на овие активности е зависна од обезбедување на финансиски средства од други институции според објавени повици за апликации.

-потег накај манастир, по т.н. руски пат – изготвена е техничка документација и доколку има објава за аплицирање за фин.средства од други институции за ваква намена ќе биде аплицирано

-Осветлување на дел од ул. „Калин Камен“ доколку се комплетира техничката документација и се обезбедат финансиски средства

-Делови од с. Конопница (повеќенаменско игралиште- спој со А2, Боголожин Дол – Стублица – Лиска, потег Конопнички пат – накај Пролетерски гаражи);

-Улично осветлување во с. Жидилово преку ЈПДП-магистрален пат

-Поставување на фотоволтаици на пет објекти на јавни институции за кое е обезбедена техничка документација - аплицирано е преку словенечка амбасада за финансиски средства со предвидено кофинансирање на општината

Во делот на проширување мрежата за јавно осветлување во координација со ЕВН ќе бидат поставени дополнителни електрични столбови и кабли, а ќе има активности во повеќе населени каде има потреба и технички можности за поставување на светилки. Тековно ќе продолжи одржувањето на мерните системи во трафостаниците со цел да се изврши целосно осамостојување на системот за јавно осветлување и ќе се подобри ефикасноста на самиот процес на одржување.

## В. Тековно одржување и оптимизација на постојниот инсталиран систем за јавно осветлување

Во 2023 година ќе се продолжи со оптимизација и модернизација на постојниот систем за јавно осветлување со континуирана замена на постојниот тип на дотраени и оштетени светилки, сијалици и други делови и елементи од мрежата за јавно осветлување кои не се опфатени со проектот за ЈПП. Континуирано ќе се врши замена на прегорени/дотраени живини сијалици 125W и натриумови сијалици 110, 150 и 250W, со штедливи FLC и неонски сијалици од 35-55 W, ЛЕД сијалици 30-50W и 12-18W на одредени јавни површини (паркови, игралишта, паркинзи) каде се бара помала оптимизирана светлина, со цел да не се наруши квалитетот на услугата за јавно осветлување.

Во делот на стабилизација на напојувањето на мрежата во 2023 година континуирано ќе се спроведува и делумна реконструкција на инсталираната мрежа на повеќе детектирани локации со поставување/замена на постоечките со изолирани проводници и замена на дотраени дрвени столбови во соработка со ЕВН.

Со реализација на оваа активност ќе се продолжи со трендот на поквалитетно осветлување, поголема трајност на светилките, но и помала потрошувачка на електрична енергија, без притоа да се наруши ефективноста и ефикасноста на услугата за јавно осветлување, но и подобрување на општата состојба со мрежата.

Напомена: Одржување на мрежата за јавно осветлување која е опфатена со Договорот за ЈПП врши приватниот партнер.

## Г. Приходи и расходи

Напомена: Со одлука на Советот на општината бр. 09-3840/5 од 06.10.2022 год. правото на користење на мрежата за јавно осветлување на територијата на општина Крива Паланка се дава на ЈП Калин Камен-Крива Паланка. Со ова уличното осветлување се тарифира според цени за регулираниот пазар и делот на расходи за потрошена електрична енергија за јавно осветлување е земен според таа цена.

**<u>Приходи</u>**

1. Приходи од наплата на такса за јавно осветлување .................. 13.000.000,00

2. Средства од буџетот на општината .................. 8.600.000,00

---

**Вкупно: 21.600.000,00**

**<u>Расходи</u>**

1. Потрошена електрична енергија за јавно осветлување и за објекти во сопственост на Општина Крива Паланка .......................................... 8.500.000,00

2. Уплата на рата за ЈПП........................................................................... 11.000.000,00

3. Изработка на техничка документација ................................................ 300.000,00

4. Изградба и доизградба на нови и постоечки делници за јавно осветлување во опсегот на мрежата за јавно осветлување ................. 500.000,00

5. Тековно одржување и оптимизација на постојниот инсталиран

систем за јавно осветлување .......................................................... 1.300.000,00

---

**Вкупно**

**21.600.000,00**

Контрола на спроведувањето на Програмата по однос на динамиката и

наменското користење на средствата ќе врши Општина Крива Паланка.

**Програмата стапува на сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“, а ќе се применува од 01.01.2023 година**.

**Бр. 09-4665/41** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**07.12.2022 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка

(„Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за изградба ,реконструкција и одржување на јавното осветлување во Општина Крива Паланка за 2023 година**

1.Се објавува Програма за изградба ,реконструкција и одржување на јавното осветлување во Општина Крива Паланка за 2023 година,што Советот ја донесе на 17-та седница, одржана на ден 07.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –4665 /42**
**09.12.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 12 став 1 и 2 од Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија“ бр. 111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21) и член 14 став 1 точка 15 од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр. 8/2010, 8/2014 и 2/2018, 03/19 и 08/21 ), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на **07.12.2022** година, донесе

# ПРОГРАМА

## За одржување на јавна чистота во град Крива Паланка

## за 2023 година

### Вовед

Донесувањето на оваа годишна програма за одржување на јавната чистота претставува законска обврска произлезена од членот 12 од Законот за Јавна чистота и член 7 од Одлуката за одржување на јавна чистота (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр. 10/08).

Годишната програма за јавна чистота содржи : вид и обем на работите кои што треба да се извршат, потребни финансиски средства, временски рокови, односно периоди за извршување на работите, динамика и начин на вршење на работите .

Одржувањето на јавната чистота на јавните површини во градот претставува основа за отстранување на причините кои ја влошуваат животната и работната средина на луѓето. Редовното и целосно чистење на јавните површини во градот чисти речни регулациони корита и дрвореди по улиците ја подобруваат животната и работната средина на граѓаните, и секако допринесуваат за подобрување на естетскиот лик на градот. Успешноста во справувањето и одржувањето на јавната чистота на јавните површини зависи од степенот на загадувањето на истите, од видот на улиците ( асфалт, коцка, калдрма, земја и сл.) од моментните пречки при чистење на истите, потоа од фреквенцијата на сообраќајот, од организацијата и опременоста со технички средства при чистењето, од бројот на вработените кои ја извршуваат оваа работа и секако од културното ниво на граѓаните.

Состојбата со улиците и јавните површини во Крива Паланка според конфигурацијата на теренот е таква што истите тешко се одржуваат и чистат. Најголем дел од локалните споредни улици немаат хидрантска мрежа која би служела за миење и прскање на улиците особено во летниот период. Главната улица „Св.Јоаким Осоговски“ која е главна сообраќајница за локален сообраќај и за пешаци, во поголем дел има хидрантска мрежа, но честопати е преоптоварена со сообраќај. Со асфалтирање на најголем дел од приклучните улици на главната улица Св.Јоаким Осоговски и поставување на атмосферска канализација, во значителна мерка е намалена појавата на донесување на наноси и атмосферски води по главната улица.

Сепак, во изминатите години со постојано зголемување на финансиските средства за оваа програма од страна на општината, но и подобрената кадровска и техничка опременост на ЈП Комуналец и организацијата и ефикасноста на работењето, значително е подобрена јавната чистота и хигиена, обновен и зголемен е бројот на садови за отпад и начинот на нивното собирање. Сето тоа, од друга страна придонесува за подобрување на еколошка свест и култура на граѓаните.

**Во текот на годината беа набавени неколку нови возила и опрема за ЈП Комуналец- и тоа:**

**-Самоодна метларка**

**-Електрични смукалки за одржување на јавни површини (2)**

**-Трактор со приклучна опрема за метење на јавни површини**

**Се очекува во наредниот период со нивната набавка и користење да биде подобрена ефикасноста и квалитетот на услугите и одржувањето на јавната чистита да биде науште повисоко ниво.**

Годишната програма за јавна чистота за 2023 година опфаќа неколку нивоа на работи и тоа :

- **Метење на јавни површини;**
- **Миење ( рачно перење и прскање ) на јавни површини;**
- **Зимско одржување на приоритетни отворени јавни површини;**
- **Чистење и одржување на речни регулациони корита и долови;**
- **Чистење на наноси од јавни површини, улици и локални патишта;**
- **Одржување на постоечки атмосферски канализации**
- **Изградба и уредување на јавни санитарни јазли**
- **Поставување и одржување на соодветни садови за отпад на јавни површини;**
- **Чистење на рабници од јавни површини**

Годишната програма за одржување на јавната чистота за 2022 година согласно членот 7 став 1 од Законот за Јавна чистота („Службен весник на РМ бр. 111 од 3 Септември 2008 година) ќе ја реализира и извршува јавното претпријатие за комунални услуги **ЈП “Комуналец”** основано од Општината Крива Паланка.

Во случај на неквалитетно вршење на работите согласно членот 7 став 2 од Законот за Јавна чистота („Службен весник на РМ бр. 111 /2008) Општината може со Одлука на Советот на општината горе наведените работи да ги отстапи на извршување на правно лице регистрирано за вршење на овие работи, согласно со закон.

Правата и обврските меѓу Општината Крива Паланка и Јавното претпријатие за комунални услуги согласно член 8 од Законот за јавна чистота се уредуваат со посебен Договор кој содржи :

- вид и обем на работите - ( реализација на Програмата )
- начин и рок на плаќање за извршување на работите;
- гаранција за исполнување на обврските од договорот и друго.

Реализација на Програмата и контрола врз извршувањето на Програмата и Договорот ќе врши Одделението за инспекција, преку комуналната инспекција и ќе ги потврдува квантитетот и квалитетот на извршените услуги.

Јавното комунално претпријатие или друго правно лице регистрирано за вршење на работите од Програмата должно е да поднесе Извештај за реализација на Програмата пред Советот на Општината .

Во програмата за 2023 год. се ажурирани податоците и се вметнати нови уредени јавни површини, како и сите ново асфалтирани улици и јавни површини кои имаат потреба од чистење и одржување.

**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЈП "КОМУНАЛЕЦ" ЗА 2023 ГОДИНА**

**А. МЕТЕЊЕ НА ЈАВНИ ПОВРШИНИ**

| 2 | Простор позади згради на ул.Св.Ј.Осоговски | м² | 1470 | 2 | 2940 | 8,6 | 25 284 |
| 3 | Простор позади сама зграда на ул. Херој Карпош и покрај канал | м² | 793 | 4 | 3172 | 8,6 | 27 279 |
| 4 | Простор позади згради на ул.8 ми Септември | м² | 2200 | 3 | 6600 | 8,6 | 56 760 |
| 5 | Речно корито на Крива Река | м² | 5000 | 2 | 10000 | 8,6 | 86 000 |
| 6 | Простор околу Спортски терени | м² | 6000 | 2 | 12000 | 8,6 | 103 200 |
| 7 | Речно корито на Дурачка река | м² | 1245 | 5 | 6 225 | 8,6 | 53 535 |
| 8 | Домачки Дол | м² | 2700 | 2 | 5400 | 8,6 | 46 400 |
| 9 | Ул.Македонска,парк Метролошка | м² | 3177 | 1 | 3177 | 8,6 | 27 322 |
| 10 | Нас.Илинденска | м² | 1460 | 2 | 2920 | 8,6 | 25 110 |
| 11 | Дол ул. Прохор Пчински | м² | 250 | 2 | 500 | 8,6 | 4 300 |
| 12 | Ул.Херој Карпош од Лилав Мост | м² | 130 | 1 | 130 | 8,6 | 1 118 |
| 13 | Скали Пролетер | м² | 164 | 3 | 492 | 8,6 | 4 231 |
| 14 | Ул.Ратко Минев и дол бавчалк | м² | 208 | 2 | 416 | 8,6 | 3 577 |
| 15 | Ул.11 ти Октомври | м² | 482 | 3 | 1446 | 8,6 | 12 436 |
| 16 | Ул.Партизанска | м² | 276 | 1 | 276 | 8,6 | 2 374 |
| 17 | Ул. Кочо Рацин | м² | 763 | 1 | 763 | 8,6 | 6 562 |

Оваа табела ги опфаќа површините кои не се уредени а има потреба од извршување на операција косење на трева и тоа најчесто рачно косење.

### 4. Подигање на нови зелени површини

| Р.бр | Површина | Ед. Мерка | Површина | Цена/ден | Износ/ден |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Речно корито на Крива Река | м² | 7 704 | 90 | 693 360 |
| 2. | Косина кај Треска | м² | 210 | 90 | 18 900 |
| 3. | Косина над новото мосте на Дурачка Река под вливот во Крива Река | м² | 79 | 90 | 7 110 |
| **Вкупно:** | | **м²** | 7 993 | | **719 370** |

Во текот на 2023 година планирано е подигање на нови зелени површини на посочените локации во горе наведената табела со вкупна површина од 7 993 м².

Оваа активност опфаќа порамнување на теренот,захумусување на површината ,засејување на трева, засадување на цветни растенија и грмушки, решавање на наводнувањето и одржување на површините.

### 5.Чистење и допорамнување на речно корито на Крива Река од несоодветна вегетација

| Р.бр. | Површина | Ед.мерка | Количина | Цена/ден | Износ/ден. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Мосте Стар Пролетер до крај на регулација на Крива Река | м² | 3 087 | 25 | 77 175 |
| 2. | Одстранување на акомулиран матријал во минор коритото на Крива река | паушал | | | 70 000 |
| | | | | **Вкупно:** | **148 175** |

Во пролетните месеци на 2023 година предвидено е машинско вадење на несоодветната дрвенаста вегетација( пред се врби) од речното корито на Крива Река на наведените простори и порамнување на речното корито како пред припрема за идно озеленување. По вадење на несоодветната вегетација предвидено е и нејзин утовар и транспорт до соодветно место.

## 6.Чистење на несоодветна вегетација

| Р.бр | Површина | Ед. Мерка | Површина | Цена/ден | Износ/ден |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Касарна | м² | 50 | 63 | 3 150 |
| 2. | Треска | м² | 80 | 63 | 5 040 |
| 3. | Карпош | м² | 20 | 63 | 1 260 |
| 4. | Игралиште Бавчалк | м² | 70 | 63 | 4 410 |
| 5. | Пензоинерски дом | м² | 20 | 63 | 1 260 |
| 6. | Влез на град (кам) | м² | 120 | 63 | 7 560 |
| 7. | Околу Спортски терени | м² | 300 | 63 | 18 900 |
| | | | | **Вкупно :** | **41 580** |

## 7. Сечење на дрвја надвиснати над јавни површини или иститe претставуваат опасност по имотот и животот на граѓаните.

| Р.бр. | Активност | Ед.мерка | Количина | Цена/ден | Износ/ден. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Сечење на дрвја надвиснати над јавни површини или предсавуваат опасност по имотот и животот на граѓаните | Бр. | 20 | 2750 | 55 000 |
| 2 | Кроење на гранки надвиснати над јавни површини ( рачно и машински) | м' | 2 000 | 50 | 100 000 |
| | | | | **Вкупно:** | **155 000** |

## 8. Подигање на дрвореди

| Р.бр. | Локација | Вид на дрво(висина од 2- 4 m) | Ед.мерка | Количина | Цена/ден | Износ/ден. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Според Детален урбанистички план | Листопадно-јавор платан и јапонска цреша | Бр. | 200 | 2500 | 500 000 |
| | | | | | **Вкупно:** | **500. 000** |

## 9. Набавка и производство на цвеќе

| Р.бр. | Вид на цвеќе | Ед.мерка | Количина | Цена/ден | Износ/ден. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Набавка (9-10 саксија) | Бр. | 3 500 | 60 | 210 000 |
| 2. | Набавка (13 саксија) | Бр. | 1 000 | 150 | 150 000 |
| 3. | Набавка (16 саксија) | Бр. | 300 | 300 | 90 000 |
| | | | | **Вкупно:** | **450. 000** |

## 10. Набавка на дрвја и грмушки

| Р.бр. | Вид /строст | Ед.мерка | Количина | Цена/ден | Износ/ден. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Зимзелени дрва/ 1,8- 2 м | Бр. | 10 | 3 000 | 30 000 |
| 2. | Зимзелени грмушки | Бр. | 1 | 1 200 | 19 200 |
| 3. | Перени(дек.треви) | Бр. | 22 | 350 | 7 700 |
| | | | | **Вкупно:** | **56.900** |

## 11. Одржување(обновување) на декоративни цветни форми

| Р.бр. | Активност | Ед.мерка | Количина | Цена/ден | Износ/ден. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Средства за одржување ( обновување) на постоечки декоративни форми ( грб, лебеди ,штркови ,клупи и др.),замена на декоративен камен | | | паушал | 60 000 |

| | |
|---|---|
| **Вкупно:** | **60. 000** |

## 12. Набавка на алат и опрема за работа

За навремено и квалитетно извршување на предвидените работи за 2023 год. потребно е да се набави следниот алат и опрема:

| Р.бр | Вид на алат и опрема | Ед.мерка | Количина | Цена/ден | Износ/ден |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Тример за косење | Бр. | 2 | 35 000 | 70 000 |
| 2. | Самоодна косилка | Бр. | 1 | 25 000 | 25 000 |
| 3. | Опрема за систем за наводнување(прскалки ,црево, приклични елементи) | | 1 | 200 000 | 200 000 |
| | | | | **Вкупно:** | **295 000** |

## РЕКАПИТУЛАР:

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **Одржување на постоечките зелени површини:** | **2 679 220** |
| **2.** | **Собирање смет од зелени површини** | **87 898** |
| **3.** | **Зелени површини за косење** | **795 414** |
| **4.** | **Уредување на нова зелена површина со трева(7 993 м²)** | **719 370** |
| **5.** | **Чистење на речното корито на Крива Река од врби** | **147 548** |
| **6.** | **Чистење на несоодветна вегетација покрај главна улица** | **41 580** |
| **7.** | **Сечење на дрвја надвиснати над јавни површини** | **155 000** |
| **8.** | **Подигање на дрвореди** | **500 000** |
| **9.** | **Набавка и производство на цвеќе** | **450 000** |
| **10.** | **Набавка на дрвја и грмушки** | **56 900** |
| **11.** | **Изработка на декоративни цветни форми** | **60 000** |

| | | |
|---|---|---|
| **12.** | **Набавка на алат и опрема за работа** | **295 000** |
| **13.** | **Прихрана со ѓубрива** | **30 000** |
| **14.** | **Обновување на зелени површини со трева (600м²)** | **60 000** |
| | **Вкупно :** | **6.077.930** |

**13. Приходи и расходи**

**13.1 Приходи**

**Буџет на општина Крива Паланка........................................... 6.077.930 ден.**

**13.2 Расходи**

**(според рекапитулар)................................................................ 6.077.930 ден.**

**Програмата стапува на сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“, а ќе се применува од 01.01.2023 година**.

**Бр. 09-4665/45** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**07.12.2022 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

# З А К Л У Ч О К

**за објавување Програма за подигање и одржување на градското зеленило во Крива Паланка за 2023 година**

1.Се објавува Програма за подигање и одржување на градското зеленило во Крива Паланка за 2023 година,што Советот ја донесе на 17-та седница, одржана на ден 07.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –4665 /46**
**09.12.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 22 став 1, точка 4 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), член 52 став 3 од Законот за јавни патишта (Службен весник на РМ бр.84/08, 52/2009; 114/2009; 124/2010; 23/2011; 53/2011; 44/2012;

168/2012; 163/2013; 187/2013; 39/2014; 42/2014; 166/2014, 44/2015, 150/2015, 31/2016, 71/2016 и 163/2016 и Службен весник на РСМ бр.174/21) и членот 14 став 1 точка 9 од Статутот на општина Крива Паланка (Службен гласник на општина Крива Паланка бр.08/2010, 08/2014, 02/2018, 03/19 и 08/21), Советот на општина Крива Паланка на Седницата одржана на 07. 12. 2022 година донесе

# П Р О Г Р А М А

## за уредување на сообраќајна сигнализација на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2023 година

### I. Цел на програмата

Целта на програмата е превземање на активности за одржување во функционална состојба на хоризонталната и вертикалната сообраќајна сигнализација, проектирање на сообраќајно техничка документација за утврдување или измена на режимот на сообраќајот, како и изведба на нова сообраќајна синализација заради безбедно и непречено одвивање на сообраќајот на подрачјето на Општина Крива Паланка.

### II. Предмет на програмата

Предмет на оваа програма е проектирање на сообраќајната сигнализација, односно изработка на соодветна сообраќајно техничка документација за режимот на сообраќај на локалните патишта и улици во Општина Крива Паланка, одрживање на постоечката хоризонтална и вертикална сигнализација и поставување на нова сообраќајна сигнализација согласно одобрена сообраќајно техничка документација .

### III. Обем на активности

Оваа програма опфаќа проектирање, одржување и поставување на нова хоризонтална и вертикална сигнализација на локалните патишта и улици во Општина Крива Паланка. Притоа, активностите во рамки на програмата ги земаат предвид различните потреби на жените и мажите и на тој начин ја интегрираат родовата перспектива во насока на унапредување на родовата рамноправност во општината согласно Родово-одговорната стратегија за одржлив развој на општина Крива Паланка.

#### 1.Проектирање

Под проектирање се подразбира изработка на нова сообраќајно техничка документација , како и измена и дополнување на постоечка сообраќајно техничка документација за утвдување на режимот на сообраќај на локалните патишта и улици во Општина Крива Паланка. Приоритет за проектирање ќе имаат оние локални

патишта и улици за кои во моментот ќе се јави потреба од поставување на хоризонтална и вертикална сигнализација.Со оваа програма опфатени се следните проекти:

-изработка на сообраќајни проекти за траен и времен режим на локалните патишта и улици во Општина Крива Паланка,

-изработка на сообраќаен проект за траен режим на сообраќај на улица св.Јоаким Осоговски во Општина Крива Паланка (во фаза на изработка)

-изработка на сообраќаен проект за зонско паркирање на територијата на Општина Крива Паланка (во фаза на изработка)

**2. Одржување**

Под одржување се подразбира превземање на сите активности со кои постоечката хоризонтална и вертикална сигнализација за регулирање на сообраќајот континуирано ќе се одржува во исправна и функционална состојба и тоа:

-одржување на постоечка хоризонтална сигнализација,

-одржување на постоечка вертикална сигнализација,

**3. Изведба**

Под изведба се подразбира поставување на нова сообраќајна сигнализација и тоа:

-поставување на нова хоризонтална сигнализација согласно одобрена сообраќајно техничка документација за утврдување на режимот на сообраќај на локалните патишта и улици во Општина Крива Паланка
-поставување на нова вертикална сигнализација согласно одобрена сообраќајно техничка документација за утврдување на режимот на сообраќај на локалните патишта и улици во Општина Крива Паланка

**IV. Финансирање на програмата**

Оваа програма ќе се финансира со сретства предвидени во Буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година.

1. За реализација на точка 1 од оваа програма, односно за изработка на нова сообраќајно техничка докуметација и измена и дополнување на постоечка потребни се сретства во износ од 950 000,00 ден со ДДВ.

2.За реализација на точка 2 од оваа програма, одржување на постоечка сообраќајна сигнализација, потребни се сретства во изност од 400 000,00 ден со ДДВ.

3.За реализација на точка 3 од оваа програма, изведба на нова хоризонтална и вертикална сигнализацја,потребни се сретства во изност од 600 000,00 ден со ДДВ.

Вкупно потребните сретства за реализација на програмата за уредување на сообраќајна сигнализација за 2023 година на подрачјето на Општина Крива Паланка изнесуваат **1.950 000,00 ден со ДДВ.**

# АКЦИСКИ ПЛАН
## Оперативна, родово сензитивмна буџетска програма за уредување на сообраќајна сигнализација за 2023 година на Општина Крива Паланка

| Буџетска програма и конто | 1 | **ЦЕЛ:** Целта на програмата е превземање на активности за одржување во функционална состојба на хоризонталната и вертикалната сообр техничка документација за утврдување или измена на режимот на сообраќајот, како и изведба на нова сообраќајна сигнали сообраќајот на подрачјето на Општина Крива Паланка | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/индикатори** |
| **JD 482110** | **1.1 Проектирање на сообраќајната сигнализација, односно изработка на соодветна сообраќајно техничка документација за режимот на сообраќај на локалните патишта и улици во Општина Крива Паланка,** | **1.1.1** Изработка на нова сообраќајно техничка документација , како и измена и дополнување на постоечка сообраќајно техничка документација за утвдување на режимот на сообраќај на локалните патишта и улици во Општина Крива Паланка.<br>**1.1.2** Приоритет за проектирање ќе имаат оние локални патишта и улици за кои во моментот ќе се јави потреба од поставување на хоризонтална и вертикална сигнализација | Јануари – Декември 2023 | 18.059 граѓани (51,5% мажи и 48 жени) кои ќе бидат опфатени с поголема безбедност во сообраќајот преку создавање у услови за поставување на соодветна сообраќајна сигнализација , односно изработ на сообраќајни проекти. |
| **J6426990** | **1.2 Одржување на постоечката хоризонтална и вертикална сигнализација** | **1.2.1** Превземање на сите активности со кои постоечката хор. и вер. сигнализација за регулирање на сообраќајот континуирано ќе се одржува во исправна и функционална состојба | Јануари – Декември 2023 | 18.059 граѓани (51,5% мажи и 48 жени) кои ќе бидат опфатени с поголема безбедност на сообраќајот преку одржување веќе поставената сообраќајна сигнализација |
| **J6426990** | **1.3 Поставување на нова сообраќајна сигнализација согласно одобрена сообраќајно техничка документација.** | **1.3.1** Поставување на нова хоризонтална и вертикална сигнализација согласно одобрена сообраќајно техничка документација за утврдување на режимот на сообраќај на локалните патишта и улици во Општина Крива Паланка | Јануари – Декември 2023 | 18.059 граѓани (51,5% мажи и 48 жени) кои ќе бидат опфатени с поголема безбедност на сообраќајот преку поставување нова сообраќајна сигнализаци |

**V.Надзор**

Надзор над извршување на Програмата ќе врши Сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и комунална инфраструктура, Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина.

**VI.Завршна одредба**

Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“, а ќе се применува од 01.01.2023 година.

**Бр.09-4665/47** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**07. 12 2022 г.** **Претседател**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за уредување на сообраќајна сигнализација на подрачјето на Општина Крива Паланка**

1.Се објавува Програма за уредување на сообраќајна сигнализација на подрачјето на Општина Крива Паланка,што Советот ја донесе на 17-та седница, одржана на ден 07.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –4665 /48** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**09.12.2022 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 22, став (1) точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 14 став (1) точка 11 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 8/10, 08/14, 02/18 , 03/19 и 08/21), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден)година донесе

**ПРОГРАМА**

за животна средина на Општина Крива Паланка

за 2023 година

Програмата за животната средина на Општина Крива Паланка за 2023 година е насочена кон спроведување на активности за заштита на животната средина во надлежност на локалната самоуправа, исполнување на барањата на националното законодавство за животна средина, обезбедување на поквалитетни услови за живот на граѓаните и почиста животна средина во општината.

Во рамките на оваа Програма се предвидени активности од областа на заштитата на животната срединакои во 2023 година треба да обезбедат подобрување и унапредување на животната средина на територијата на општина Крива Паланка.

Со Програмата се утврдуваат:

1. Обемот и активностите за 2023 година во делот на заштитата на животната средина кои ја интегрираат родовата перспектива на хоризонтално ниво;
2. Извори на средства за финансирање на Програмата;
3. Начин на распределба на средствата за финансирање;
4. Динамика за извршување на програмата.

## ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ

### 1. Регионално управување со отпад

| | |
|---|---|
| Целта на оваа активност е реализација на регионалниот пристап во управувањето со отпад. | |
| **Планирани активности** | |
| Приклучување кон регионален систем за собирање, транспортирање и депонирање на отпад | |
| Очекувани резултати | Подобрена услуга во управувањето со отпадот |
| Датум на започнување со имплементација на активност | Согласно барањата на Североисточниот плански регион |
| Датум на завршување на активност | Согласно барањата на Североисточниот плански регион |
| **ФИНАНСИРАЊЕ** | |
| Североисточен плански регион | |
| **Не се потребни финансиски средства** | |

### 2. Селекција на отпад

| | |
|---|---|
| Општина Крива Паланка согласно Законот за управување со отпадот („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 216/21) е должна до обезбеди услови со кои ќе се регулира спречувањето, намалувањето, селектирањето, собирањето и транспортирањето на комуналниот отпад и комерцијалниот отпад. Од тие причини потребно е општината да склучи договори со овластени постапувачи со отпад со чии услуги ќе се обезбедат услови за исполнување на законските обврски.<br><br>Целта на оваа активност е воведување на селективно собирање на хартија, ПЕТ амбалажа, стакло, батерии и акумулатори и отпад од електронска и електрична опрема. | |
| **Планирани активности** | |
| 1. Склучување на договори со овластени постапувачи со отпад;<br>2. Зголемување на бројот на постојните собирни пунктови и определување на нови локации за поставување на истите за постапување со хартија, ПЕТ амбалажа, стакло, батерии и акумулатори и отпад од електронска и електрична опрема. | |
| Очекувани резултати | Подобрена услуга во управувањето со отпадот;<br><br>Намалена количина на депониран отпад. |
| Датум на започнување со имплементација на активност | 01.01.2023 година |
| Датум на завршување на активност | 31.12.2023 година |
| **ФИНАНСИРАЊЕ** | |
| **/** | |

| |
|---|
| **Не се потребни финансиски средства** |

## 3. Поставување на садови за отпадоци

| | |
|---|---|
| Целта на оваа активност е поставување на садови за отпадоци на територијата на општината, замена на оштетени и дополнување со нови на локации на кои не се поставени садови за отпадоци. | |
| **Планирани активности** | |
| Набавка и поставување на 150 садови за отпадоци на градскиот плоштад, градски парк, пат до Калин Камен, како и замена на оштетени садови за отпадоци. | |
| Очекувани резултати | Подобрена услуга во управувањето со отпадот |
| Датум на започнување со имплементација на активност | 01.01.2023 година |
| Датум на завршување на активност | 31.12.2023 година |
| **ФИНАНСИРАЊЕ** | |
| **ОПШТИНСКИ БУЏЕТ** | |
| **300.000,00 денари** | |

## 4. Набавка и распределба на садови за отпад (120 л) за домаќинства

| | |
|---|---|
| Целта на оваа активност е набавка и распределување на садови за отпад (120 л) на домаќинства. Во 2023 година ќе се изврши набавка на 2000 садови за отпад и истите ќе бидет распределени на домаќинства во претходно утврден опфат од градот. | |
| **Планирани активности** | |
| Набавка на 2000садови за отпад (120 л) | |
| Очекувани резултати | Подобрена услуга во управувањето со отпадот |
| Датум на започнување со имплементација на активност | 01.01.2023 година |
| Датум на завршување на активност | 31.12.2023 година |
| **ФИНАНСИРАЊЕ** | |
| **ОПШТИНСКИ БУЏЕТ** | |
| **2.400.000,00 денари** | |

## 5. Уредување на локација за одлагање на инертен отпад

| | |
|---|---|
| Непостењето на депонија за инертен отпад во општината резултира со формирање на диви депонии. За да се избегне ова итно е потребно да се реагира и да се овозможат услови да контролирано управување со инертниот отпад. Општина Крива Паланка има започнато постапка за уредување на локација за депонирање на инертен отпад и потребно е во 2023 година да се продолжи постапката и да се реализира истата. | |
| **Планирани активности** | |
| 1. Донесување на локална планска урбанистичка документација;<br>2. Усвојување на одлука од страна на Советот на Општина Крива Паланка;<br>3. Експропријација на земјиштето;<br>4. Обезбедување на соодветна техничка документација и потребни дозволи. | |
| Очекувани резултати | - Контролирано одлагање на инертниот отпад ;<br>- Спречување на создавање на диви депонии. |
| Датум на започнување со имплементација на активност | 01.01.2023 година |
| Датум на завршување на активност | 31.12.2023 година |
| **ФИНАНСИРАЊЕ** | |
| **ОПШТИНСКИ БУЏЕТ** | |
| **800.000,00 денари** | |

## 6. Чистењена диви депонии

| | |
|---|---|
| Целта на оваа активност е ремедијација на диви депонии и воспоставување на мониторинг систем на казнување за прекршителите. | |
| **Планирани активности** | |
| 1. Изработка на план за затварање и ремедијација на диви депонии;<br>2. Затварање и ремедијација на диви депонии;<br>3. Изработка и поставување на табли за забрането фрлање на отпад на јавни површини. | |
| Очекувани резултати | Спречување на деградација на животната средина и контролирано управување со отпадот. |
| Датум на започнување со имплементација на активност | 01.01.2023 година |
| Датум на завршување на активност | 31.12.2023 година |
| **ФИНАНСИРАЊЕ** | |
| **ОПШТИНСКИ БУЏЕТ** | |
| **150.000,00 денари** | |

## 7. Изработка на Локален Еколошки Акционен План (ЛЕАП)

| | |
|---|---|
| Единицата на локалната самоуправа игра клучна улога во спроведување на голем дел од барањата регулирани со националното законодавство од областа на животната средина. Со изработка на ЛЕАП, Општина Крива Паланка ќе обезбеди стратешко планирање, врз основа на утврдување на специфичните состојби и потреби на општината, идентификација на приоритетите иопределување на чекори чие спроведување ќе овозможи воспоставување на интегриран одржлив развој на општината. | |
| **Планирани активности** | |
| 1. Спроведување на постапка за јавна набавка;<br>2. Склучување на договор со консултантска фирма која ќе го изработува ЛЕАП-от. | |
| Очекувани резултати | Лоцираниеколошки проблеми во општината и определување на мерки и активности за справување со истите. |
| Датум на започнување со имплементација на активност | 01.01.2023 година |
| Датум на завршување на активност | 31.05.2023 година |
| **ФИНАНСИРАЊЕ** | |
| **ОПШТИНСКИ БУЏЕТ** | |
| **700.000,00 денари** | |

## 8. Изработка на документација во врска со заштита на животната средина

| | |
|---|---|
| Изработка на документација за заштита на животната средина, односно Елаборати за заштита на животната средина, Студии за оцена на влијание на проект врз животната средина ќе ја инкорпорираат родовата компонента,односно во рамки на студиите ќе се собираат и процесираат полово-разделени податоци, а при анализата и интерпретацијата ќе се земат предвид потребите на жените и мажите и Стратешка оцена на влијание врз животната средина во постапките за донесување на урбанистичка планска документација. | |
| **Планирани активности** | |
| 1. Спроведување на постапка за јавна набавка;<br>2. Склучување на договор со консултантски фирми. | |
| Очекувани резултати | Изработена документација за животна средина. |
| Датум на започнување со имплементација на активност | 01.01.2023 година |

| | |
|---|---|
| Датум на завршување на активност | 31.12.2023 година |
| **ФИНАНСИРАЊЕ** | |
| **ОПШТИНСКИ БУЏЕТ** | |
| **1.000.000,00 денари** | |

## 9. Издавање на Б – интегрирани еколошки дозволи

| | |
|---|---|
| Општина Крива Паланка согласно членовите 95, 122 и 123 од Законот за животната средина е должна да ја спроведува процедурата за издавање на Б – интегрирани еколошки дозволи за инсталации кои подлежат на оваа процедура. | |
| **Планирани активности** | |
| Издавање на Б – интегрирани еколошки дозволи согласно законска процедура. | |
| Очекувани резултати | Издадени Б – интегрирани еколошки дозволи |
| Датум на започнување со имплементација на активност | 01.01.2023 година |
| Датум на завршување на активност | 31.12.2023 година |
| **ФИНАНСИРАЊЕ** | |
| | |
| **Не се потребни финансиски средства** | |

## 10. Одобрување на елаборати за заштита на животната средина

| |
|---|
| Општина Крива Паланка согласно член 24 од Законот за животната средина е должна да одобрува елаборати за заштита на животната средина за дејности и активности опфатени во Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува Елаборат, а за чие одобрување е надлежен градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје и градоначалникот на општините во градот Скопје („Службен весник на РМ“ бр. 80/09, 32/12). |
| **Планирани активности** |
| Спроведување на постапка за одобрување на елаборати за заштита на животната средина. |

| | |
|---|---|
| Очекувани резултати | Издадени решенија со кои се одобрува или не се одобрува елаборат за заштита на животната средина. |
| Датум на започнување со имплементација на активност | 01.01.2023 година |
| Датум на завршување на активност | 31.12.2023 година |
| **ФИНАНСИРАЊЕ** | |
| | |
| **Не се потребни финансиски средства** | |

## 11. Подигање на дрвореди

| | |
|---|---|
| **Планирани активности** | |
| Подигање на дрвореди на улицата „Св. Јоаким Осоговски“, како и садење на садници Јапонска цреша покрај Крива Река. | |
| Очекувани резултати | Зголемување на зелените површини во градот. |
| Датум на започнување со имплементација на активност | 01.01.2023 година |
| Датум на завршување на активност | 31.12.2023 година |
| **ФИНАНСИРАЊЕ** | |
| **ОПШТИНСКИ БУЏЕТ** | |
| **300.000,00 денари** | |

## 12. Цветна општина

| | |
|---|---|
| Целта на оваа активност е поттикнување на украсувањето на балконите и дворовите на граѓаните. | |
| **Планирани активности** | |
| Делење на саксиско цвеќе на жителите на одреден опфат кој опфат секоја година ќе се менува. | |
| Очекувани резултати | |

| | |
|---|---|
| Датум на започнување со имплементација на активност | 01.01.2023 година |
| Датум на завршување на активност | 31.12.2023 година |
| **ФИНАНСИРАЊЕ** | |
| **ОПШТИНСКИ БУЏЕТ** | |
| **100.000,00 денари** | |

# АКЦИСКИ ПЛАН

**Оперативна, родово сензитивна буџетска програма за животна срединана Општина Крива Паланка за 2023 година**

| Буџетска програма и конто | 1 | ЦЕЛ:Спроведување на активности за заштита на животната средина | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р1 424230 | Задача /Проект | | Активности | Временски период | Резултати /индикатори | Носител на активноста/ Одговорен | Буџет мкд |
| | 1.1. | Регионално управување со отпад | 1.1.1. Приклучување кон регионален систем за собирање, транспортирање и депонирање на отпад | Согласно барањата на Северо источен плански регион | -Подобрена услуга во управувањето со отпад<br>-Заштитена животната средина а со тоа и здравјето за жителите на општината -18059 граѓани/киод кои (51,5% мажи и 48.5% жени). | Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина | Не се потребни финансиск и средства |

| Задача /Проект | Активности | Временски период | Резултати /индикатори | Носител на активноста/ Одговорен | Буџет мкд |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.2. Селекција на отпад** | **1.2.1. Склучување на договори со овластени постапувачи со отпад.**<br>**1.2.2. Зголемување на бројот на постојните собирни пунктови и определување на нови локации.** | **01.01.2023 – 31.12.2023 година** | **- Подобрена услуга во управувањето со отпад;**<br>**- Намалена количина на депониран отпад.**<br>**-Намалени трошоците на ЈП за собирање, одвезување и третман на отпадот.**<br>**-Заштитена животната средина а со тоа и здравјето за жителите на општината -**18059 граѓани/киод кои (51,5% мажи и 48.5% жени). | **Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина** | **Не се потребни финансиски средства** |

| Задача /Проект | Активности | Временски период | Резултати /индикатори | Носител на активноста/ Одговорен | Буџет мкд |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.3. Поставување на садови за отпадоци** | **1.3.1. Набавка и поставување на 150 садови за отпадоци на градскиот плоштад, градски парк, пат до Калин Камен како и** | **01.01.2023 – 31.12.2023 година** | **-Поставени 150 садови за отпадоци;<br>-Заштитена животната средина а со тоа и здравјето на за** | **Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина** | **300.000,00 денари** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **заемена на оштетените садови за отпадоци** | | **жителите на општината -**18059 граѓани/киод кои (51,5% мажи и 48.5% жени). | | |
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати /индикатори** | **Носител на активноста/ Одговорен** | **Буџет мкд** |
| | **1.4. Набавка и распределба на садови за отпад** | **1.4.1. Набавка и распределувањена садови за отпад (120 л) на 2000 домаќинства.** | **01.01.2023 – 31.12.2023 година** | **-Набавени и распределни 2000 садови за отпад (120 л);<br>-Заштитена** | **Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на** | **2.400.000,00 денари** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **(120 л) за домаќинства** | | | **животната средина а со тоа и здравјето на за жителите на општината -**18059 граѓани/киод кои (51,5% мажи и 48.5% жени). | **животната средина** | |
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати /индикатори** | **Носител на активноста/ Одговорен** | **Буџет мкд** |
| | **1.5. Уредување на локација за одлагање на инертен отпад** | **1.5.1. Донесување на локална планска урбанистичка документација;** | **01.01.2023 –** | **-Уредена локација за одлагање на инертен отпад; -Контролирано** | **Одделение за урбанизам, сообраќај и** | **800.000,00 денари** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **(продолжување со постапка)** | **1.5.2. Усвојување на одлука од страна на Советот на Општина Крива Паланка;**<br>**1.5.3. Експропријација на земјиштето;**<br>**1.5.4. Обезбедување на сооддветна техничка документација и потребни дозволи.** | **31.12.2023 година** | **одлагање на инертниот отпад;**<br>**-Спречување на создавање на диви депонии;**<br>**-Заштитена животната средина а со тоа и здравјето на за жителите на општината** -18059 граѓани/киод кои (51,5% мажи и 48.5% жени).<br>- Статистика на родово разделени податоци за издадени дозволи согласно соодветната техничка документација. | **заштита на животната средина** | |
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати /индикатори** | **Носител на активноста/ Одговорен** | **Буџет мкд** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **1.6. Чистење на диви депонии** | **1.6.1. Изработка на план за затварање и ремедијација на диви депонии;**<br>**1.6.2. Затварање и ремедијација на диви депонии;**<br>**1.6.3. Изработка и поставување на табли за забрането фрлање на отпад на јавни површини.** | **01.01.2023 – 31.12.2023 година** | **-Спречување на деградација на животната средина и контролирано управување со отпадот;**<br>**-Заштитена животната средина а со тоа и здрављето за жителите на општината -**18059 граѓани/киод кои (51,5% мажи и 48.5% жени). | **Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина** | **150.000,00 денари** |

| | Задача /Проект | Активности | Временски период | Резултати/индикатори | Носител на активноста/ Одговорен | Буџет мкд |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **1.7. Изработка на ЛЕАП** | **1.7.1. Спроведување на постапка за јавна набавка;**<br>**1.7.2. Склучување на договор со консултантска фирма заизработка на ЛЕАП.** | **01.01.2023 – 31.12.2023 година** | **-Лоцирани еколошки проблеми во општината и определени мерки и активности;**<br>**-Изработен ЛЕАП;**<br>**-Обезбеден стратешки и долгорочен пристап за Заштита на животната средина а со тоа и здравјето за жителите на општината -**18059 граѓани/киод кои (51,5% мажи и 48.5% жени). | **Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина** | **700.000,00 денари** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/индикатори** | **Носител на активноста/ Одговорен** | **Буџет мкд** |
| | **1.8. Изработка на документација во врска со заштитата на животната средина** | **1.8.1. Спроведување на постапка за јавна набавка;**<br>**1.8.2. Склучување на договор со консултантска фирма.** | **01.01.2023 – 31.12.2023 година** | **-Изработена документација за животна средина;**<br>**-Обезбеден стратешки и долгорочен пристап за Заштита на животната средина а со тоа и за жителите на општината -**18059 граѓани/киод кои (51,5% мажи и 48.5% жени). | **Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина** | **1.000.000,00 денари** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати /индикатори** | **Носител на активноста/ Одговорен** | **Буџет мкд** |
| | **1.9. Издавање на Б – интегрирани еколошки дозволи** | **Издавање на Б – интегрирани еколошки дозволи по претходно поднесени барања.** | **01.01.2023 – 31.12.2023 година** | **Издадени б – интегрирани еколошки дозволи.** | **Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина** | **Не се потребни финансиски средства** |

| | Задача /Проект | Активности | Временски период | Резултати /индикатори | Носител на активноста/ Одговорен | Буџет мкд |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **1.10. Одобрување на елаборати за заштита на животната средина** | **Одобрување на елаборати за заштита на животната средина по претходно поднесени барања.** | **01.01.2023 – 31.12.2023 година** | **Издадени решенија со кои се одобрува или не се одобрува елаборат за заштита на животната средина.** | **Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина** | **Не се потребни финансиски средства** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати /индикатори** | **Носител на активноста/ Одговорен** | **Буџет мкд** |
| | **1.11.Подигање на дрвореди** | **1.11.1. Подигање на дрвореди на улицата „Св. Јоаким Осоговски“.** | **01.01.2023 – 31.12.2023 година** | **Зголемени зелени површини во градот;**<br>**- Чиста и зелена животна средина за жителите на општината -**18059 граѓани/киод кои (51,5% мажи и 48.5% жени);<br>**-Подобрување на амбиеталниот воздух за за жителите на општината -**18059 граѓани/киод кои | **Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина** | **300.000,00 денари** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | (51,5% мажи и 48.5% жени). | | |
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/индикатори** | **Носител на активноста/ Одговорен** | **Буџет мкд** |
| | **1.12.Цветна општина** | **Делење на саксиско цвеќе на жителите во одреден опфат.** | **01.03.2023 – 31.04.2023 година** | **Поделено саксиско цвеќе на заинтересирани граѓани;**<br>**-Чиста и зелена животна средина за за жителите на општината -**18059 граѓани/киод кои (51,5% мажи и 48.5% жени). | **Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина** | **100.000,00 денари** |

## ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

За реализирање на оваа програма предвидени се **5.550.000 денари** со ДДВ. Финансирањето на програмата ќе се врши од средствата предвидени со Буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година.

## НОСИТЕЛ И ИЗВРШИТЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Носител на активностите од оваа програма ќе биде Одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина врз основа на претходна согласност на Советот на Општина Крива Паланка.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, истата ке се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“, а ќе се применува од 01.01.2023 година.

**Бр. 09-4665/49**
**07.12.2022год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за животна средина на Општина Крива Паланка за 2023**

1.Се објавува Програма за животна средина на Општина Крива Паланка за 2023 ,што Советот ја донесе на 17-та седница, одржана на ден 07.12.2022 година

2. Odлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –4665 /50**
**09.12.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02), член 28 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/14, 149/15 и 53/16) и член 14 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/10, 08/14, 02/18 , 03/19 и 08/21 ), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден година, донесе

# ПРОГРАМА

## за изменување и дополнување на програмата за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2022 година

### Член 1

Со оваа Програма се врши изменување и дополнување на програмата за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2022 година (бр. 09 – 3711/79 од 03.12.2021).

### Член 2

Во поглавјето **7. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**, се предвидуваат дополнителни 120.000 денари со што вкупниот износ за финансирање на оваа програма изнесува 720.000 денари.

### Член 3

Во останатиот дел програмата за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2022 година останува непроменета.

### Член 4

Оваа Програма станува составен дел на програмата за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2022 година (бр. 09 – 3711/79 од 03.12.2021).

### Член 5

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-4665/51** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**07.12.2022 год.** | **Претседател,**

**Крива Паланка** | **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за изменување и дополнување на програмата за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2022 година**

1.Се објавува Програма за изменување и дополнување на програмата за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2022 година,што Советот ја донесе на 17-та седница, одржана на ден 07.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –4665 /52**
**09.12.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02), член 28 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/14, 149/15 и 53/16) и член 14 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/10, 08/14, 02/18 , 03/19 и 08/21), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 07.12.2022 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2023 година

## 1. ВОВЕД

Програмата за решавање на проблемот со бездомните животни – третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот, е во согласност со членовите 26, 27, 28, 29 и 30 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија“бр. 149/14, 149/15 и 53/16) и обврските на општините кои произлегуваат од истиот закон. Со оваа Програма се утврдуваат активностите за третирање на бездомните животни, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот; условите, организацијата и обемот на извршувањето, како и начинот на финансирањето.

За решавање на проблемот поврзан со зголеменото присуство на бездомните животни, односно за контрола на нивниот број, од страна на Светската здравствена организација, како единствено ефикасен и одржлив е препорачан хуманиот начин на третирање на овие животни, т.е. нивната масовна стерилизација, вакцинација и повторно враќање на територијата од која се заловени, што е уредено во Одлуката за комунален ред на подрачјето на Општина Крива Паланка бр. 07 – 1835/1 од 27.06.2013. Поточно, Програмата подразбира заловување и масовна стерилизација/кастрација и вакцинација на бездомните животни, т.е. сите животни дефинирани како слободни на одредена територија. По стерилизацијата/кастрацијата и вакцинацијата на животните истите се враќаат на територијата од која што биле заловени и каде што продолжуваат да живеат. Поради порастот на популацијата, за најбрззагарантиран ефект препорачливо е 70% од кучињата во одредено географско подрачје да се стерилизираат/кастрираат во рок од 6 месеци. Со 75% стерилизирани/кастрирани едники, процентот на напредок на популацијата станува 0%, по што бројот на кучиња природно почнува да опаѓа.По стерилизација/кастрација сите животни се вакцинирани, обележани (ушна маркичка или чип), фотографирани и регистрирани.

## 2. ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ

Општините во Република Северна Македонија како основни носители на оваа Програма и релевантни субјекти во решавање на проблемот со бездомните животни на својата територија, се раководат од следните принципи:

***2.1. Принципи на континуитет*** – Програмата се разгранува на подпрограми, стратегија, се надоврзува на проекти кои се претходно направени, усвоени и применувани во оваа област (или алтернативно кои ќе бидат направени).

***2.2. Универзален принцип*** – Програмата се надоврзува на сеопфатно третирање и надминување/решавање на проблемите во врска со чувањето на животни, неодговорен однос кон животните, нивно неадекватно чување и неконтролирано размножување, како напуштање и занемарување, проблеми кои се во голема мерка главен причинител за зголемување на бројот на напуштени животни. Од тие причини е клучно да се превземат мерки кои ќе резултираат со зголемување на одговорноста на сопствениците на животни. Комуналната редарска служба ќе врши контрола на терен за спроведување на обврските на граѓаните согласно Одлуката за комунален ред. Воедно е неопходно да се изврши измена и дополнување на Одлуката за комунален ред на подрачјето на општина Крива Паланка со кое ќе се уреди:

- Обврската за идентификација и регистрација на домашни миленици;
- Нивна заштита од суровост и занемарување, начин на сместување и чување под содветни услови за секој вид на куче во сопствената дворна површина;
- Ќе се забрани непречено размножување на сопственичките кучиња освен во услови на регистрирана одгледувачница; и
- Ќе се предвидат санкции за напуштање на миленик.

Општината Крива Паланка во соработка со локалните образовни и социјални институции ќе ги запознава најмладите категории на граѓани со етичките и законските обврски на сопствениците на миленици, преку едукативна кампања.

***2.3. Принцип на одржливост*** – Програматавоспоставува систем за контрола и со самото тоа намалување на популацијата на бездомни кучиња од населението во општините, со кој трајно ќе се реши овој проблем, односно ќе има постојана контрола на него.

***2.4. Принцип на соработка*** – Програмата се реализира преку заеднички напори и соработка на релевантните државни и локални власти, ветеринарните организации, комуналните претпријатија и здруженијата за заштита на животните.

**2.5.*Принцип на родова рамноправност*** **–** Програмата води сметка за различниот ефект што проблемот со кучињата скитници го има врз мажите и жените, момчињата и девојчињата и ги зема предвид овие потреби во насока на решавање на проблемот и со тоа води кон унапредување на родовата рамноправност.

## 3. ОСНОВНИ ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

***3.1. Цели*** – Главна цел на Програмата е контрола над популацијата на бездомните кучиња во општина Крива Паланка, ефикасно, одговорно, хумано, трајно надминување на проблемот со што ќе се гарантира здравствена заштита и јавната безбедност на населението и спречи создавање/прилив на нови кучиња на улица преку:

1) спроведување на стратегијата „залови – стерилизирај – вакцинирај – врати“ на бездомните кучиња и сите кучиња кои се затекнати слободни на улица; и

2) комплементарност со друг вид мерки предвидени во рамки на Одлука за комунален ред и/или друг вид правни акти во надлежност на општината, со кои ќе се поттикне и дефинира одговорното чување на домашни миленици (забрана за неконтролирано размножување на милениците освен во услови дефинирани со Законот за заштита и благосостојба на животните и забрана за нивно напуштање)

Спроведувањето на оваа Програма воспоставува т.е. гарантира минимална и контролирана бројка на напуштени кучиња на јавните места кои ја штитат локацијата од прилив на нови единки (непознати на населението, репродуктивно способни), со што се избегнуваат непријатности и потешки последици за граѓаните и самите животни.

Контрола на популацијата на бездомните кучиња првенствено се постигнува со стерилизација/кастрација, вакцинација, обележување и повторно враќање на животните на територијата од која што биле заловени и е метода од суштинска важност за контрола на прекумерната бројност. Се превентираат несакани раѓања, нема непотребни трошоци за долготрајно стационирање на животните во прифатилиштата, се избегнува нехуманото усмртување кое проблемот само го продлабочува. Стерилизираните – кастрираните кучиња повеќе не се размножуваат, се разбива појавата на глутници, се урамнотежува хормоналниот статус на животните, случаите со каснување опаѓаат за 95%. Кучињата се вакцинирани, прочистени од внатрешни и надворешни паразити и се здрави. Се воспоставува контрола на терен при што се изклучува можноста за појава на беснило. Обележаните кучиња се познати на населението и имаат поголеми шанси да се вдомат. Вратени на локацијата од која се заловени ја чуваат локацијата од миграција и други единки со што се превенираат болести и зарази. Трошоците се еднократни и разумни, нема непотребни трошоци за доглотрајно стационирање на животните во прифатилиштата.

Со позитивни законски акти кои ќе го опфатат одговорното сопственишто и примена на системска стерилизација/кастрација, проблемот се решава ефикасно, хумано и трајно.

„Залови – стерилизирај – вакцинирај – врати“ е востановена како единствена ефикасна стратегија и од страна на Светската Здравствена Организација.

Напореден сегмент битен за постигнување на правилна контрола на популацијата на бездомни животни е едукација на населението и промовирање мерки за стерилизација на кучињата од страна на нивните сопственици во согласност со важечките законски прописи и мерки против напуштање на животни (трајно обележување, чиповање и регистрација на сопственици на кучиња, едукација на сопствениците, казнување на неодговорните сопственици).

Изградба на систем за трајна контрола и мониторинг за намалување на бројот на бездомни кучиња, со активно и одговорно учество на сите општествени фактори, особено на здруженијата за заштита на животни.

# 4. ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ

Активностите за хумано третирање на бездомни животни на подрачјето на Општина Крива Паланка подразбира:

- заловување на животните;
- нивен транспорт до стационар;
- прием и преглед од овластен ветеринар;
- лабараториско испитување на животните на одредени болести;
- идентификација и водење евиденција;
- овариохистеректомија и орхиектомија;
- постоперативно сместување, лекување и нега;
- вакцинација и дехелментација;
- веб сервис за објавување на заловените животни и поттикнување на вдомувањето;
- повик кампања за домување;
- повторно враќање на животните на локацијата од каде биле заловени;
- еутаназија на многу болни и екстремно агресивни животни по средината.

## 4.1. Заловување и транспорт

Процесот на заловување на бездомните кучиња престставува првата процедуракоја е директно изложена на судот на јавноста. Квалитетот на заловувањете, однесувањето на персоналот кон јавноста и особено кон заловените животни може да даде позитивна слика за целата активност, но од друга страна, некоректно сработено, може да ги трауматизира животните, изложи на физичка и психолошка болка, а последователно и да предизвика многу несакани реакции од лицата во непосредна околина кои се грижат за кучињата и случајните минувачи. Заради тоа, изборот на персоналот треба да биде соодветен на самата процедура. Лицата треба да бидат обучени и сертифицирани за користење на методите за хумано заловување, но пред се да не чувствуваат анимозитет и предрасуди кон бездомните кучиња, како и да се способни да контактираат со луѓето на начин кој нема да ја компромитира акцијата. Поради евиденција, да се сними како тече заловувањето.Работниците ангажирани за заловување на бездомните животни се опремени со соодветна униформа и средства за лична заштита, како и опрема: соодветно возило и приколка, јамки и мрежи за заловување, пушка (сафари) за привремено успивање со средство за времена парализа – успивање, корпи – кафези за транспорт, околувратници и водилки, соодветни средства и опрема за евиденција и идентификација на заловените животни.

Транспортот од местото на заловување до стационарот се врши со специјално возило опремено со соодветна опрема за сместување на животните. Униформите и возилото се видно обележани со натпис: Служба за хуман третман и контрола на бездомни животни.

## 4.2. Стационар и медицински третман

Секое заловено животно се носи во центар за третирање на бездомните кучиња, кадетреба да подложи на клинички преглед, хируршки зафат – стерилизација/кастрација, вакцинација, прочистување од внатрешни и надворешни

паразити. Неопходно е и секое животно да биде евидентирано/регистрирано во дата база на податоци, како и обележано (со ушна маркица, чипирање или пластифициран колан) на начин кој нема да му причинува никаква болка или траума. Севкупниот наведен третман (стерилизација/кастрација, дехелминтизација, вакцинација, обележување со ушна маркица или микро чип) за секое животно е на терет на општината.

За да постои центар за привремен престој на животните или прифатилиште, неопходно е овој објект да ги задоволува пропишаните норми во Правилникот за техничките услови за прифатилишта, условите за чување на животните во прифатилиштата, постапките за еутаназија, начинот за водење евиденција и начинот за вршење надзор, форма и содржина на регистарот и начинот на регистрација, како и информации потребни за регистрација.

Стационарот е објект од тврда градба, лоциран на одредено место во општината, опремен со содветни простории за медицински третман, како и кафези – боксови за сместување на животните.

Заловените животни се транспортираат до стационарот каде се врши клинички преглед, вакцинација и дехелментизација. Сите клинички здрави животни се пренесуваат во болничкиот дел. Теренската идентификација за секое заловено животно веднаш се евидентира и се заведуваат и други податоци за животното како раса, пол, старост, особени знаци, место на заловување и др.Се напоменува дека со животните можат да работат само ветеринарни лица и стручни лица, лица кои поминале соодветни обуки и припадници од здруженија за заштита на животните. Тие со животните се обврзани да постапуваат грижливо и хумано, задоволувајќи ги стандардите пропишани со Законот за заштита и благосостојба на животните. За животот на животните може да се оценува само ветеринарно лице. Односот кон животните може да биде предмет на мониторирање од страна на здруженијата за заштита на животните, со цел, при евидентирање на одредени нерегуларности, да се укаже помош за нивни надминување (согласно европските најдобри практики во овој домен).

### 4.3. Стерилизација (овариохистеректомија и орхиектомија)

Стерилизацијата е најефикасната мерка која, спречува неконтролирано размножување, намалување на бројот на напуштени кучиња на јавни површини и регулација на бројката на популација и прифатилишта. Исто така воспоставува контрола и репродукција на сопствениците на кучиња, така што во наредните 3-4 години целосно би се решил проблемот со напуштените кучиња.

Стерилизацијата на женските и машките животни се врши после детален клинички преглед. Сите животни кои по мислење на ветеринарот, ги исполнуваат критериумите за операција се оперираат – стерилизираат.

По завршената операција, оперираните животни се сместуваат во болничко одделение каде што престојуваат до зараснување на оперативната рана. Во постоперативниот период животните се сместуваат во наменски кафези, односно боксови, се врши редовно хранење и се под постојан надзор од соодветни стручни лица. Боксовите во стационарот редовно се чистат, се врши дезинфекција и дезинсекција, а по потреба и соодветна дератизација на целиот простор на стационарот.

Непосредно пред напуштање на стационарот над животните се врши вакцинација против беснило и

дехелментизација. Животните обележани со ушна маркица, се враќаат на истата локација каде што претходно биле заловени.

### 4.4. Посвојување и вдомување

Посвојување и вдомување е најхуман начин за згрижување на напуштените животни. Сите животни кои се вдомуваат, мора да бидат вакцинирани, стерилизирани и да имаат микрочип, а оваа постапка важи и за сопственикот кој веќе имал вдомено животно.

Со цел да се олесни и промовира вдомувањето на бездомните животни, стационарите треба да соработуваат со здруженијата за заштита на животни како и заинтересираните граѓани.

Задолжително е редовно фотографирање на сите животни и нивно објавување на наменски отворени веб портали, со цел да биде олеснет и поттикнат процесот на вдомување миленик.

### 4.5. Еутаназија

Еутаназијата е во целост неефикасен метод за контрола и решавање на проблемот со напуштените животни на долгорочно ниво и препорачано од страна на Светската Здравствена Организација може да се спроведе само и исклучиво како хумана еутаназија на болни животни, кои се смртно болни или повредени и кога е невозможно да се елиминира болката. Во тој контекст, а во рамки на оваа програма, еутаназијата смее да се изведе само како последна опција во случаи кога не постои друг начин на едно животно да му се помогне или кога нема никој заинтересиран да го превземе понатамошното лекување на многу болно животно, како и во случај кога станува збор за екстремно агресивно животно за кое нема можност за ресоцијализација. Одлуката за извршување на еутаназија може да ја донесе само ветеринарно лице, при комисиско оправдување на одлуката од 3 ветеринарни лица. Неопходна е детална аргументација на ваквиот чекор во регистарот на еутанизирани животни. Еутанизираните животни се отстрануваат согласно законските пропишани начини и се закопуваат во специјално изградени гробни јами.

## 5. ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ПРОГРАМАТА – ВОВЕДУВАЊЕ НА СТАТУС„СТАРАТЕЛ НА БЕЗДОМНИ ЖИВОТНИ“

Физичко лице кое доброволно со сопствени средства, обезбедува храна и ветеринарна помош и грижа на напуштени животни, континуирано го следи статусот, се смета како СТАРАТЕЛ на бездомни животни.

Со својот волонтерски ангажман и пружени информации овие лица ја помагаат Општината да поквалитетно ги врши дејствијата од областа на зоохигиената на територијата на општината и се сметаат, во смисла на оваа Програма за важна компонента во процесот на контрола на бездомните животни кои се наоѓаат на јавните површини од градот. Овие лица се грижат за напуштени животни во согласност со важечките законски прописи во областа на ветеринарната медицина и благосостојбата на животните и во исто време не го загрозуваат мирот и безбедноста на граѓаните и животната средина.

Освен што директно и помагаат на општината преку грижа и хранење на животните, при што директно и индиректно придонесуваат кон колективната

здравствена заштита и контрола на популацијата на бездомни животни, нивниот ангажман помага и во обезбедување на информации (бројка на стерилизирани/нестерилизирани животни, бројка на починати животни и сл.) на општинските служби.

Во интерес на општината е да одржува интензивна соработка меѓу државните институции, ЕЛС и старателите, се со цел здравствена заштита на луѓето, животните, општата безбедност и хуман третман кон бездомните животни. Светските искуства покажуваат дека ангажирањето на овие граѓани кои се грижат за животните е незаменлива и од суштинска важност (обезбедува бесплатна волонтерска помош) за контролата на бездомните животни по нивното враќање на улица.

Лица кои се грижат за напуштени животни се евидентираат во Општина Крива Паланка.

Старателот на бездомните животни пријавува и може да пружа асистенција на службата за заловување со цел животните кои не се стерилизирани да бидат заловени и да подложат на третман на овариохистеректомија и орхиектомија, дехелминтизација, идентификација и повторно враќање на локацијата на која биле заловени, како и да помогне во процесот на вдомување на што поголем број на животни.Старателот на бездомните животни треба да ја извести надлежната служба при општината за исчезнување или смрт на бездомно животно за кое се грижи, по што тој податок се евидентира.

Старател на бездомно животно е лице кое врши општествено корисна дејност и со своето волонтерско дејствување и помага на заедницата во која живее. Старателот на бездомни животни во ниту еден случај не одговара материјално ни кривично за штета (по одредбите за објективна одговорност на ЗОО) што евентуално би ја направиле бездомните животни за кои се грижи.

## 6. ЕДУКАЦИЈА И ИНФОРМИРАЊЕ

Образованието е едно од долгорочните позитивни решенија за контрола на бездомните животни, па затоа од фундаментално значење е промовирање на едукативни кампањи насочени кон промовирање на непречена и конструктивна коегзистенцијамеѓу луѓето и животните и одговорен однос кон животните. За да се постигнат спомenатите резултати, потребно е во овие кампањи покрај сопствениците на животни истарателите на бездомни животни, да се вклучат сите граѓани (возрасни, млади и деца) со вклучување на сите релевантни чинители (на пример, училиштата и медиумите) како и луѓето кои работат со животни. Главните аспекти се однесуваат на следново:

- Да се воведе концептот на одговорно сопственииштво, важноста од стерилизација, вакцинација, идентификација и регистрација;
- Да се поттикнат сопствениците да ги стерилизираат, вакцинираат, да ги идентификуваат и да ги регистрираат своите миленици;
- Да се поттикнат и промовираат најдобрите практики од соседните земји;
- Да се промовира одговорна грижа за „маалските“ бездомни животни;

- Да се едуцираат граѓаните и да се промовира почитувањето на биолошките, психолошките и етолошките потреби на милениците;
- Да се поттикнат волонтерството во прифатилиштата за кучиња и одговорното вдомување;
- Да се обесхрабри купувањето на домашни миленици;
- Да се поттикнат луѓето да пријават малтретирање, злоупотреба и убиство на животни до соодветните органи;
- Да се обучат луѓето кои работат со животни (како во прифатилиштата, така и на улиците).

**АКЦИСКИ ПЛАН**

**Оперативна, родово сензитивна буџетска програма за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2023 година**

| **Буџетска програма и конто** | **1** | **ЦЕЛ:**Контрола над популацијата на бездомните кучиња во општина криваПаланка, ефикасно, одговорно, хумано, трајно надминување на проблемот со што ќе се гарантира здравствена заштита и јавната безбедност на населението и спречи создавање/прилив на нови кучиња на улица | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Р1 425510** | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/индикатори** | **Носител на активноста/ Одговорен** | **Буџет мкд** |
| | **1.1 Решавање на проблемот со кучиња скитници** | **1.1.1.** Заловување на животните | **01.01.2023 – 31.12.2023 година** | **- Заловени – хуман третман на 120 кучињаж на територијата на општина Крива Паланка**<br><br>**- Превенирана опасноста и пријавите за посериозни последици и стравна граѓаните/ките**<br>**- Поголема безбедност за движење на граѓаните и граѓанките, децата и жените на територијата на општината - 18059 граѓани/киод кои (51,5% мажи и 48.5% жени).**<br>**- Намалување на бројот на пријави од жени и деца за каснување од куче за 40%.** | **Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина** | **720.000,00 денари** |
| | | **1.2.1.** Транспорт до стационар | | | | |
| | | **1.3.1.**Прием и преглед од овластен ветеринар | | | | |
| | | **1.4.1.**Лабараториско испитување на животните на одредени болести | | | | |
| | | **1.5.1.**Идентификација и водење евиденција | | | | |
| | | **1.6.1.**Овариохистеректомија и орхиектомија | | | | |
| | | **1.7.1.**Постоперативно сместување, лекување и нега | | | | |
| | | **1.8.1.**Вакцинација и дехелментација | | | | |
| | | **1.9.1.** Веб сервис за објавување на заловените животни и поттикнување на вдомувањето | | | | |
| | | **1.10.1.** Повик кампања за домување | | | | |
| | | **1.11.1.** Повторно враќање на животните на локацијата од каде биле заловени | | | | |
| | | **1.12.1.** Еутаназија на многу болни и екстремно агресивни животни по средината | | | | |

## 7. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Финансирањето на програмата ќе се врши од средствата предвидени со Буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година. Потребните средства за реализација на програмата за заловување и третирање изнесуваат околу 720.000,00 денари. Потребните средства се предвидени за заловување и третирање на околу 120 кучиња скитници на територијата на Општина Крива Паланка и тоа во урбаниот дел на општината како и во руралните подрачја на општината.

Плаќањето на избереиот економски оператор за ваква намена ќе се врши врз основа на извршената реализација поткрепена со записник од комунален инспектор.

## 8. НОСИТЕЛ И ИЗВРШИТЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Носител на активностите од оваа програма ќе биде Одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина врз основа на претходна согласност на Советот на Општина Крива Паланка. Извршител на програмата ќе биде економски оператор кој поседува лиценца на вршење на наведените активности издадена од соодветен државен орган, а истиот ќе биде избран по пат на јавен оглас за јавна набавка согласно законските прописи. Носителот на активностите од оваа програма годишно доставува извештај за реализација на програмата на крајот од годината до Советот на Општина Крива Паланка.

## 9. НАДЗОР

Надзор на извршување на програмата врши Одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина, во соработка со Агенцијата за храна и ветеринарство и Здруженијата за заштита на животните. Инспекциски надзор над спроведувањето на работите од страна на економскиот оператор врши Одделението за инспекциски надзор преку Овластен комунален инспектор.

## 10. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, истата ке се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“, а ќе се применува од 01.01.2023 година. По усвојување на програмата од страна на Советот на Општина Крива Паланка истата се доставува до Агенцијата за храна и ветеринарство. По усвојување на програмата на предлог на носителот на програмата ОпштинаКрива Паланка ќе спроведе постапка за избор на економски оператор за собирање и третирање на кучиња скитници.

**Бр. 09-4665/53** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**07.12.2022год.** **Претседател,**

**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2023 година**

1.Се објавува Програма за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2023 година,што Советот ја донесе на 17-та седница, одржана на ден 07.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –4665 /54**
**09.12.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 40 став 1 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“

бр.32/20) и член 14 став 1 точка 41 од Статутот на Општината Крива Паланка („Службен гласник на Општината Крива Паланка“ бр.8/10, 08/14, 02/18, 03/19 и 08/21), Советот на Општината Крива Паланка на седницата одржана на 07.12.2022година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**за изработка на урбанистички планови**

**во Општина Крива Паланка за 2023 година**

## I. ВОВЕД

Годишната програма за изработка на урбанистички планови е во согласност со член 40 став 1 од Законот за урбанистичко планирање каде се изработуваат урбанистички планови и проекти кои се финасираат од буџетот на општината и од страна на заинтересирани правни и физички лица.

Годишната програма задолжително се објавува во службено гласило на општината , во електронска форма се објавува на официјалната веб страна на општината и во информацискиот систем на е-урбанизам.

Во урбанистичките планови покрај приватниот интерес на правни и физички лица е опфатен и јавниот интерс во просторот кој е опфатен со уредување и хуманизација, заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата, како и зачувување на природните и културните вредности на просторот.

За интересот на локалната заедница и развојната стратегија на општинатакоја што е родово-сензитивна, односно ја вклучува родовата интеграција, како јавниот интерс, се води грижа во сите фази од урбанистичкот планирање, односно во постапките на изработување, донесување, спроведување и следење на спроведуувањето на урбанистичките планови.

Со урбанистичките планови и урбанистичкото планирање се штити јавниот интерес кој е приоритетен, додека приватниот интерес се обезбедува согласно закон.

Урбанистичкото планирање е дел од системот на просторно и урбанистичко планирање што се состои од Просторниот план на РСМ каде урбанистичките планови се дел од спроведувањето.

Со урбанистичкото планирање и урабнистичките планови се планираат приоритетите во областа на урбаното живеење.

Урбанистичкото планирање се обезбедува со континуиран процес на изработка, донесување, спроведување и следење на плановите.

Урбанистичко планирање е планерска урбанистичка и урбанистичко-архитектонска дејност за просторно разработување и спроведување на просторните планови со физичко обликување и уредување на границите на населените места и на градбите вон населените места, како и организација, намена, начинот на употреба на просторот и земјиштето и начинот и условите за изградба на планираните градби.

Урбанистички план е јавен документ со кој се уредува организацијата, намената, формата и начинот на употреба на просторот и земјиштето, како и просторните и функционалните услови за изградба и употреба на планираните градби.

Урбанистички проект е планско-проектна документација што се изработува за разработка и спроведување на урбанистичкиот план.

## II. ЦЕЛИ

Навременото донесување на планска документација за потребите на населеното и вон населеното место е неопходно и приоритетно во развојниот процес на Општина Крива Паланка. Во спротивно се иницираат и создаваат низа урбани и социјално-економски негативни последици врз целокупниот живот на заедницата.

Со урбанистичките планови се уредуваат границите на населените места и границите на планираните градби вон населените места, организацијата, намената, начинот на употреба на просторот и земјиштето и начинот и условите за изградба на планираните градби во и вон границите на населените места, како и сообраќајната и секоја друга инфраструктура, заштита и уредување на животната средина, недвижното културно наследство и други аспекти на социјалната, економската и еколошката одржливост на човечките населби.

Урбанистичкото планирање функционира за остварување на целите чие остварување се обврска на сите учесници во процесот на изработка, донесување и спроведување на урбанистичките планови каде се обезбедува рамномерен просторен развој, рационално уредување и користење на просторот, создавање и унапредување на условите за хумано живеење и работа на граѓаните, надминување на урбаните бариери на лицата со попреченост, одржлив просторен развој, сочување на квалитетот и унапредување на животната средина и природата, унапредување на родовата рамноправност, справување со климатските промени, сочување и заштита на недвижното културно наследство, безбедност од природни и технолошки катастрофи и хаварии.

Целите на урбанистичкото планирање се остварува со применувањето на начелата на урбанистичкото планирање и уредување на просторот во процесот на изработување, донесување и спроведување на урбанистичките планови со интегрален пристап во планирањето, грижа и развој на регионалите особености, остварување на јавниот интерес и заштита на приватниот интерес, инклузивност и партиципативност во постапката за изработување, донесување и спроведување на плановите, хоризонтална и вертикална усогласеност и координација во планирањето, уважување на научно и стручно утврдените факти и стандарди.

## III. АКТИВНОСТИ

### 1. Преглед на урбанистички планови кои се во фаза на изработкаи донесување

#### 1.1. Генерален урбанистички план за Крива Паланка

**-** Нов Генерален урбанистички план за Крива Паланка со површина на опфат од 659,06 ха во К.О. Крива Паланка, К.О. Конопница, К.О. Мартиница, К.О. Варовиште, К.О. Дурачка Река, К.О. Дрење, К.О. Лозаново, К.О. Градец Општина Крива Паланка

(финансиран од Влада на РСМ);

- Генерален урбанистички план за Крива Паланка (2014) во Синхронична постапка,

измена и дополнување на важечки Генерален урбанистички план за Крива Паланка кој е со површина на опфат од 615 ха во К.О. Крива Паланка, К.О. Конопница, К.О. Варовиште, К.О. Градец, Општина Крива Паланка во Синхронична постапка кога се усогласува ДУП со ГУП што се во постапка за измена и дополнување и кога изменувањето и дополнувањето на ДУП е условено со измена и дополнување на ГУП

(финансиран од Општина Крива Паланка).

#### 1.2. Детални урбанистички планови за Крива Паланка

- Изработка и донесување на ДУП за урбан блок 7-А;

- Изработка и донесување на ДУП за урбан блок 10-А;

- Изработка и донесување на ДУП за урбан блок 13-В.

Горенаведените урбани блокови се со следните опфати и површини:

**1.2.1. ДУП за урбан блок 7-А**

Границата започнува од вливот на долот „Единство“ во „Крива Река“ и се движи узводно по долот и доаѓа до мостот на долот и ул.„Св. Јоаким Осоговски“, поминува преку улицата и оди по границата со нас. „Единство“ и доаѓа до ул.„Пиринска“ кај „ловечки дом“ каде што свртува кон исток и доаѓа до ул.„Св. Јоаким Осоговски“, продолжува по улицата кон североисток и доаѓа до новиот крак и излегува на мостот со „мостот Нимулија“ каде што свртува низводно по долот и доаѓа до вливот на „долот Нимулија“ во „Крива Река“, свртува низводно и оди по коритото на „Крива Река“ и доаѓа до вливот на долот „Единство“ во „Крива Река“.

Површината на опфатот изнесува 7,62 ха.

(финансиран од Општина Крива Паланка)

**1.2.2. ДУП за урбан блок 10-А**

Границата започнува од вливот на долот „Скрљавски дол“ во „Крива Река“ и оди кон југ узводно по долот и доаѓа до ул„Св. Јоаким Осоговски“, свртува кон исток и оди по ул.„Св. Јоаким Осоговски“ и доаѓа до долот кај житен склад каде што свртува кон север и оди по течението на долот до вливот на долот во „Крива Река“ каде што свртува кон запад и оди по течението на „Крива Река“ и доаѓа до вливот на „Скрљавски дол“ во „Крива Река“.

Површината на опфатот изнесува 11,89 ха.

(финансиран од Општина Крива Паланка)

**1.2.3. ДУП за урбан блок 13-В**

Границата започнува северозападно од магистралниот пат А2 кај долот кај бензинска пупма во населба „Грамаѓе“ продолжува јужно по долот до улица

„Пролетерска“ каде свртува источно по улица „Пролетерска“ до КП7128 каде продолжува југо-источно по граници на КП до дол кај КП7125 каде по долот продолжува северно, ја пресекува улица „Пролетерска“ на север по долот до магистралниот пат А2 каде свртува западно по осовина на магистралниот пат А2.

Површината на опфатот изнесува 7,01 ха.

(финансиран од физички лица)

**1.3. Урбанистички план вон населено место**

Урбанистички план за вон населно место-УПВНМ за изградба на Б5.1-хотелски комплекс, А4.1-згради со апартмани и студија, А4.3 викенд куќи на КП483/1, КП483/2, КП485/8, КП485/9, КП485/10, дел од КП485/1, дел од КП487/1, дел од КП5408 КО Б`с и КО Кркља Општина Крива Паланка.

(финансиран од физички лица)

**2. Урбанистички планови за кои треба да започне изработка и донесување**

**2.1. Детални урбанистички планови за Крива Паланка**

- Изработка и донесување на ДУП за урбан блок 2-Б;
- Изработка и донесување на ДУП за урбан блок 20-А.

Горенаведените урбани блокови се со следните опфати и површини:

**2.1.1. ДУП за урбан блок 2-Б**

Границата започнува јужно од спротивска мала кај улица „Херој Карпош“, оди северо-западно по улица „Ратко Минев“, свртува источно и северно по улица „Македонска“, доаѓа северно до границата со коридор 8-Автопат А2 продолжува источно по неговата граница до м.в.„Пржар“, свртува јужно кон улица „Моша Пијаде“ и доаѓа до „Крива Река“, продолжува западно по течението на „Крива Река“ до спротивска мала.

Површината на опфатот изнесува 18,50 ха.

(финансиран од Општина Крива Паланка)

### 2.1.2. ДУП за урбан блок 20-А

Границата започнува јужно од ул.„Пролетерска“ во пресек со ул.„Млави“ кај м.в.„Штала“ во населба Грамаѓе продолжува северно по осовина на ул.„Млави“ и доаѓа до Магистрален пат А2 каде продолжува западно по магистарлниот пат А2 каде свтртува јужно по граница на КО Крива Паланка, по граница на „новите градски гробишта“, продолжува југо-источно кон „Ицев дол“, јужно низ долот „Ицев дол“ каде завршува источно кон м.в.„Штала“ во населба Грамаѓе.

Површината на опфатот изнесува 13,00 ха.

(финансиран од МПЦ)

## 3. Урбанистички план вон населено место за кои треба да започне изработка и донесување

3.1. Изработка и донесување на УПВНМ за изградба на локална депонија за одлагање на неопасен отпад со намена Е3.1 во Општина Крива Паланка.

Површината на опфатот изнесува 0,80 ха.

(финансиран од Општина Крива Паланка)

3.2. Изработка и донесување на УПВНМ за изградба на викенд населба „Калин Камен“ м.в.„Равни Гарини“ КО Б’с и КО Кркља Општина Крива Паланка

Површината на опфатот изнесува 8,00 ха.

(финансиран од Општина Крива Паланка)

## 4. Изработка на урбанистичка проектна документација

4.1. Изработка и донесување на урбанистички проект за потребите на Општина Крива Паланка;

4.2. Изработка и донесување на урбанистички проект по одобрена иницијатива од правни и физички лица.

**5. Изработка на урбанистичка планска документација**

5.1. Урбанистичка планска документација ќе се изработува за потребите на Општина Крива Паланка за градот Крива Паланка каде што нема ДУП и за останатите населени места во општината Крива Паланка за кои нема урбанистички планови;

5.2. Урбанистичка планска документација ќе се изработува по одобрена иницијатива поднесена од страна на правно или физичко лице за градот Крива Паланка каде што нема ДУП и за останатите населени места во општината Крива Паланка за кои нема урбанистички планови.

**6. Урбанистички план за село за кои треба да започне изработка и донесување**

Урбанистички план за с.Градец.

Површината на опфатот ќе се утврди пред отпочнување на постапката.

**7. Ревизија на урбанистичка планска документација**

Изработка на Ревизија за урбанистичка планска и проектна документација од страна на правно лице што ги исполнува условите за вршење на работите за изработување на ревизија согласно законот за урбанистичко планирање.

**8. Дигитални ажурирани геодетски подлоги**

Набавка на дигитални ажурирани геодетски подлоги за гореспоментите урбанистички планови и проекти за кои треба да се отпочне постапка за изработка и донесување.

**9. Изработка на хидролошка студија**

Набавка на хидролошка студија за потреба на урбанистички планови и проекти.

**10. Изработка на конзерваторски основи**

Набавка на Заштитно конзерваторски основи-ЗКО за потреба на урбанистички планови и проекти.

**11. Услови за планирање на просторот**

Набавка на Услови за планирање на просторот за потреба на урбанистички планови и проекти.

## IV. ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗРАБОТКА И ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

**-** За изработка на нов ГУП за Крива Паланка за површина од 659,06 ха од глава III, точка 1, потточка 1.1. алинеја 1 средствата за финасирање ќе се обезбедат од буџетот на Република Северна Македонија.

- За Измена и дополна на важечки ГУП за Крива Паланка за површина од 615 ха во синхронична постапка за донесување на ДУП за урбан блок 10А со површина од 11.89 ха, од глава III, точка 1,потточка 1.1. алинеја 2 и глава III, точка 1,потточка 1.2.1. и потточка 1.2.2. средствата за финасирање ќе се обезбедат од буџетот на Општина Крива Паланка во вредност од 1.055.000,00 денари.

- За изработка и донесување на Деталните урбанистички планови дадени во глава III точка 1, потточка 1.2.3. на оваа програма средствата ќе се обезбедат од физички лица.

- За изработка на урбанистички планови вон населено место од глава III, точка 1, потточка 1.3. на оваа програма средствата ќе се обезбедат од физички лица.

- За изработка и донесување на Деталните урбанистички планови дадени во глава III точка 2,потточка 2.1.1. на оваа програма потребни се средства во износ од 1 980.000,оо денари. кои ќе се обезбедат дел од буџетот на Општина Крива Паланка и дел од буџетот на РСМ.

- За изработка и донесување на Деталните урбанистички планови дадени во глава III точка 2, потточка 2.1.2. на оваа програма средствата ќе се обезбедат од МПЦ.

- За изработка на урбанистички план вон населено место од глава III точка 3, потточка 3.1. на оваа програма, потребни се сретства во износ од 250.000,оо денари. Средствата ќе се обезбедат од буџетот на Општина Крива Паланка .

- За изработка на урбанистички план вон населено место од глава III точка 3,потточка 3.2. на оваа програма, потребни се сретства во износ од 640.000,оо денари. Средствата ќе се обезбедат од буџетот на Општина Крива Паланка .

- За глава III точка 4 и 5 на оваа програма, потребни се сретства во износ од 2 000.000,оо денари. Средствата ќе се обезбедат од буџетот на Општина Крива Паланка и буџетот на РСМ.

- За изработка на урбанистички планови за село од глава III точка 6 на оваа програма, потребни се сретства во износ од 500.000,оо денари. Средствата ќе се обезбедат од буџетот на Општина Крива Паланка и буџетот на РСМ.

- За ревизија урбанистички планови од глава III точка 7 се потребни сретства во вредност од 100.000,00 денари кои ќе се обезбедат од буџетот на Општина Крива Паланка.

- За набавка на ажурирани геодетски подлоги од глава III точка8 се потребни сретства во вредност од 500.000,оо денари. Средствата ќе се обезбедат од буџетот на Општина Крива Паланка.

- За набавка на хидролошка студија од глава III точка 9 се потребни сретства во вредност од 150.000,оо денари. Средствата ќе се обезбедат од буџетот на Општина Крива Паланка.

- За набавка на Конзерватроски основи од глава III точка 10 се потребни сретства во вредност од 100.000,оо денари. Средствата ќе се обезбедат од буџетот на Општина Крива Паланка.

- За набавка на Услови за планирање на просторот од глава III точка 11 се потребни сретства во вредност од 250.000,оо денари. Средствата ќе се обезбедат од буџетот на Општина Крива Паланка.

**Вкупно потребни средства за реализација на Програмата за урбанистички планови за 2023 година се во вредност од 7.525.000,оо денари и истите ќе се обезбедат дел од буџетот на Општина Крива Паланка и дел од буџетот на РСМ, а останатите сретства кои се потребни за изработка и донесување на**

**урбанистички планови започнати по поднесени иницијативи од страна на физички и правни лица истите ќе се обезбедат од нивна страна.**

# АКЦИСКИ ПЛАН

## Оперативна, родово сензитивна буџетска програма за изработка на урбанистички планови за 2023 година

## на Општина Крива Паланка

| **Буџетска програма и конто** | **1** | **ЦЕЛ:** Целта на програмата е изработка на планови преку кои ќе се врширамномерен просторен развој, рационално уредување и користење на просторот, создавање и унапредување на условите за хумано живеење и работа на мажите и жените, надминување на урбаните бариери на лицата со инвалидитет, одржлив просторен развој, сочување на квалитетот и унапредување на животната средина и природата, справување со климатските промени, сочување и заштита на недвижното културно наследство, безбедност од природни и технолошки катастрофи и хаварии | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/индикатори** | **Носител на активноста/ Одговорен** | **Буџет мкд** |
| | **1.1 Изработка и донесување на ГУП за Крива Паланка** | 1.1.1. Изработка на планот<br><br>1.1.2. Спроведување на постапка за донесување<br><br>1.1.3. Обезбедување на мислење од институции<br><br>1.1.4. Обезбедување на согласност од МТВ<br><br>1.1.5. Донесување од страна на совет на општината<br><br>1.1.6. Спроведување на планот | Јануари – Декември<br><br>2023 | -18059 граѓани (51,5% мажи и 48.5% жени) ќе можат рационално да го користат просторот по однос на намена на површини кои се дефинирани во планот. | Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина<br><br>Раководител на Одделението | Финансиран од Влада на РСМ. |
| | **1.2. Изработка и донесување на ДУП за урбан блок 7А** | 1.2.1. Изработка на планот<br><br>1.2.2. Спроведување на постапка за донесување<br><br>1.2.3. Обезбедување на мислење од институции | Јануари – Декември<br><br>2023 | -18059 граѓани (51,5% мажи и 48.5% жени) ќе можат рационално да го користат просторот по однос на јавни површини, улици,тротоари, паркови и зеленило и сл кои се | Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина/ | **300.000, 00 ден** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1.2.4. Обезбедување на согласност од МТВ<br><br>1.2.5. Донесување од страна на совет на општината<br><br>1.2.6. Спроведување на планот | | дефинирани во деталните планови.<br><br>-оставрување на јавниот интерес<br><br>-заштита на приватниот интерес | Раководител на Одделението | |
| | **1.2. Изработка и донесување на ДУП за урбан блок 10А** | 1.2.1. Изработка на планот<br><br>1.2.2. Спроведување на постапка за донесување<br><br>1.2.3. Обезбедување на мислење од институции<br><br>1.2.4. Обезбедување на согласност од МТВ<br><br>1.2.5. Донесување од страна на совет на општината<br><br>1.2.6. Спроведување на планот | Јануари – Декември<br><br>2023 | -18059 граѓани (51,5% мажи и 48.5% жени) ќе можат рационално да го користат просторот по однос на јавни површини, улици,тротоари, паркови и зеленило и сл кои се дефинирани во деталните планови.<br><br>-оставрување на јавниот интерес<br><br>-заштита на приватниот интерес | Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина/<br><br>Раководител на Одделението | **755.000, 00 ден** |
| | **1. 3. Изработка и донесување на ДУП за урбан блок 13В** | 1.3.1. Изработка на планот<br><br>1.3.2. Спроведување на постапка за донесување<br><br>1.3.3. Обезбедување на мислење од институции<br><br>1.3.4. Обезбедување на согласност од МТВ<br><br>1.3.5. Донесување од страна на совет на општината | Јануари – Декември<br><br>2023 | -18059 граѓани (51,5% мажи и 48.5% жени) ќе можат рационално да го користат просторот по однос на јавни површини, улици,тротоари, паркови и зеленило и сл кои се дефинирани во деталните планови.<br><br>-остварување на јавниот интерес | Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина/<br><br>Раководител на Одделението | Финансиран од физички лица |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1.3.6. Спроведување на планот | | -заштита на приватниот интерес | | |
| | **1.4. Изработка и донесување на УПВНМ за изградба на Б5.1-хотелски комплекс, А4.1-згради со апартмани и студија, А4.3 викенд куќи** | 1.4.1. Изработка на планот<br><br>1.4.2. Спроведување на постапка за донесување<br><br>1.4.3. Обезбедување на мислење од институции<br><br>1.4.4. Обезбедување на согласност од МТВ<br><br>1.4.5. Донесување од страна на совет на општината<br><br>1.4.6. Спроведување на планот | Јануари – Декември<br><br>2023 | 18059 граѓани (51,5% мажи и 48.5% жени) ќе можат рационално да го користат просторот<br><br>-развој на туризмот<br><br>-развој на економијата преку привлекување на туристки и туристи | Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина/<br><br>Раководител на Одделението | Финансиран од физички лица |
| | **1.5. Изработка и донесување на ДУП за урбан блок 2-Б** | 1.5.1. Изработка на планот<br><br>1.5.2. Спроведување на постапка за донесување<br><br>1.5.3. Обезбедување на мислење од институции<br><br>1.5.4. Обезбедување на согласност од МТВ<br><br>1.5.5. Донесување од страна на совет на општината<br><br>1.5.6. Спроведување на планот | Јануари – Декември<br><br>2023 | -18059 граѓани (51,5% мажи и 48.5% жени) ќе можат рационално да го користат просторот по однос на јавни површини, улици,тротоари, паркови и зеленило и сл кои се дефинирани во деталните планови.<br><br>-оставрување на јавниот интерес | Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина/<br><br>Раководител на Одделението | **1.989.279, 00 ден** |
| | **1.6. Изработка и донесување на ДУП за урбан блок 20-А** | 1.6.1. Изработка на планот<br><br>1.6.2. Спроведување на постапка за донесување | | -18059 граѓани (51,5% мажи и 48.5% жени) ќе можат рационално да го користат | Одделение за урбанизам, сообраќај | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1.6.3. Обезбедување на мислење од институции<br><br>1.6.4. Обезбедување на согласност од МТВ<br><br>1.6.5. Донесување од страна на совет на општината<br><br>1.6.6. Спроведување на планот | Јануари – Декември<br><br>2023 | просторот по однос на јавни површини, улици,тротоари, паркови и зеленило и сл кои се дефинирани во деталните планови.<br><br>-оставрување на јавниот интерес | и заштита на животна средина/<br><br>Раководител на Одделението | Финансиран од МПЦ |
| | **1.7 Изработка и донесување на УПВНМ за изградба на депонија за инертен и неопасен опад со намена Е3.1 во Општина КриваПаланка.** | 1.7.1. Изработка на планот<br><br>1.7.2. Спроведување на постапка за донесување<br><br>1.7.3. Обезбедување на мислење од институции<br><br>1.7.4. Обезбедување на согласност од МТВ<br><br>1.7.5. Донесување од страна на совет на општината<br><br>1.7.6. Спроведување на планот | Јануари – Декември<br><br>2023 | -Контролирано одлагање на инертниот отпад; --Спречување на создавање на<br><br>диви депонии;<br>-Заштитена животната средина а со тоа и здравјето на за жителите на општината -18059 граѓани/киод кои (51,5% мажи и 48.5% жени). | Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина/<br><br>Раководител на Одделението | **250.000, 00 ден** |
| | **1.8. Изработка и донесување на УПВНМ за изградба на викенд населба „Калин Камен" м.в.„Равни Гарини" КО Б'с и КО Кркља Општина Крива Паланка** | 1.8.1. Изработка на планот<br><br>1.8.2. Спроведување на постапка за донесување<br><br>1.8.3. Обезбедување на мислење од институции<br><br>1.8.4. Обезбедување на согласност од МТВ<br><br>1.8.5. Донесување од страна на совет на општината<br><br>1.8.6. Спроведување на планот | Јануари – Декември<br><br>2023 | 18059 граѓани (51,5% мажи и 48.5% жени) ќе можат рационално да го користат просторот<br><br>-развој на туризмот<br><br>-развој на економијата преку привлекување на туристки и туристи | Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина/<br><br>Раководител на Одделението | **650.000,000 ден** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **1.9.Изработка и донесување на урбанистички проект за потребите на Општина Крива Паланка.** | 1.9.1. Изработка на планот<br><br>1.9.2. Спроведување на постапка за донесување<br><br>1.9.3. Обезбедување на мислење од институции<br><br>1.9.4. Донесвање на Решение од страна на Градоначалникот на општината | Јануари – Декември<br><br>2023 | -18059 граѓани (51,5% мажи и 48.5% жени) ќе можат рационално да го користат просторот по однос на јавни површини, улици,тротоари<br><br>-подобрување на уловите за живот на граѓаните и граѓанките преку создавање на услови за изградба на водоводна и канализациона мрежа<br><br>-создавање на услови за изградба на нова сообраќајна мрежа од улици и патишта. | Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина/<br><br>Раководител на Одделението | **1. 000 000,00 ден** |
| | **1.10 Изработка и донесување на урбанистичко планска документација за потребите на Општина Крива Паланка** | 1.10.1. Изработка на планот<br><br>1.10.2. Спроведување на постапка за донесување<br><br>1.10.3. Обезбедување на мислење од институции<br><br>1.10.4. Обезбедување на согласност од МТВ<br><br>1.10.5. Донесување од страна на совет на општината | Јануари – Декември<br><br>2023 | 18059 граѓани (51,5% мажи и 48.5% жени) ќе можат рационално да го користат просторот<br><br>-развој на туризмот<br><br>-развој на економијата преку привлекување на туристки и туристи | Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина/<br><br>Раководител на Одделението | **1 000.000, 00 ден** |
| | **1.11. Изработка на урбанистички план за село Градец** | 1.11.1. Изработка на планот<br><br>1.11.2. Спроведување на постапка за донесување | | -18059 граѓани (51,5% мажи и48.5% жени) ќе можат рационално да го користат просторот по однос на намена | Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина/ | **500.000, 00 ден** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1.11.3. Обезбедување на мислење од институции<br><br>1.11.4. Обезбедување на согласност од МТВ<br><br>1.11.5. Донесување од страна на совет на општината | Јануари – Декември<br><br>2023 | на површини кои се дефинирани во планот.<br><br>-остварување на јавниот интерес<br><br>-заштита на приватниот интерес | Раководител на Одделението | |
| | **1.12.Ревизија на урбанистичко планска документација** | | Јануари – Декември<br><br>2023 | | Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина/<br><br>Раководител на Одделението | **100.000, 00 ден** |
| | **1.13.Дигитални ажурирани геодетски подлоги** | | Јануари – Декември<br><br>2023 | 1 | Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина/<br><br>Раководител на Одделението | **500. 000,00 ден** |
| | **1.14Изработка на хидролошка студија** | | Јануари – Декември | | Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина/ | **150.000, 00 ден** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2023 | | Раководител на Одделението | |
| | **1.15 Изработка на конзерваторски основи** | | Јануари – Декември<br><br>2023 | | Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина/<br><br>Раководител на Одделението | **100.000, 00 ден** |
| | **1.16.Услови за планирање на просторот** | | Јануари – Декември<br><br>2023 | | Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина/<br><br>Раководител на Одделението | **250.000, 00 ден** |

**V. НОСИТЕЛ И ИЗВРШИТЕЛ НА ПРОГРАМАТА**

Носител на активностите од оваа програма ќе биде Одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животнат средина врз основа на претходна согласност на Советот на Општина Крива Паланка.

**VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“, а ќе се применува од 01.01.2023 година.

Програмата задолжително ќе биде објавена во службеното гласило на општината, во електронска форма на веб страна на општината и во информацискиот систем на е-урбанизам.

**Бр. 09-4665/55**
**07.12.2022 год.**

**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за изработка на урбанистички планови во Општина Крива Паланка за 2023 година**

1.Се објавува Програма за изработка на урбанистички планови во Општина Крива Паланка за 2023 година,што Советот ја донесе на 17-та седница, одржана на ден 07.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –4665 /56**
**09.12.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 80-а од Законот за градење („Службен весник на Р.М.“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/ 11, 54/11, 13/12, 144/13, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Р.С.М.“ бр.244/19, 18/20, 279/20, 96/21 и 227/22), член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/2010, 08/2014, 02/2018, 03/19 и 08/21), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 07.11.2022 година донесе:

**Програма**
**за измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Се врши измена и дополнување во Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крива Паланка, број 09-3771/83 од 03.12.2021 година, објавена во Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.14 од 06.12.2021 година, Измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крива Паланка број 09–767/33 од 14.03.2022 година, објавена во Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.4 од 15.03.2022 година и Измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крива Паланка број 09-2874/41 од 29.07.2022 година, објавена во Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.8 од 01.08.2022 година.

**Член 2**

Измените и дополнувањето во Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крива Паланка, се вршат во член 10, став 3 од Програмата, а се однесуваат во графичкиот прилог скица со 6 локации за поставување на тезги и Монтажно – демонтажни типски објекти, каде што во локација број 2 од цитираната скица се дадени два графички прилози и тоа:
-Прилог 1 за тезги и типски објекти,
-Прилог 2 за штанд.

**Член 3**

Прилог на оваа Програма за измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крива Паланка е нов графички прилог од две скици (скици за локација број 2, една за поставување на тезги и Монтажно – демонтажни типски објекти и втора за штандови).

**Член 4**

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Претседател**

**Изабела Павловска с.р**

**Бр. 09-4665/57**
**07.12.2022 година**
**Крива Паланка**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крива Паланка**

1.Се објавува Програма за измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крива Паланка,што Советот ја донесе на 17-та седница, одржана на ден 07.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –4665 /58**
**09.12.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 а во врска со член 22, точка 10 и 11 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на Република Македонија "бр. 5/2002), член 49 и 51 од Законот за пожарникарство ( „ Службен весник на Република Македонија" бр. 67/04, 81/2007 и 55/2013, 158/2014, 193/2015, 39/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 152/19) член 2 ст.1 од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 215/21) член 4, став 2 и чл.9 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 215/21) и член 14, став 1 т.11 од Статутот на Општина Крива Паланка ( „Службен гласник на Општина Крива Паланка" бр. 08/10, 08/2014, 2/2018, 03/2019 и 8/21), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 07.12.2022 година,донесе:

# П Р О Г Р А М А

## за активностите на Општина Крива Паланка во областана заштитата и спасувањето, противпожарната заштита иуправување со кризи во 2023 година

Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управувањето со кризи ги утврдува заедничките интереси и активности во овие области, кои претставуваат активности од јавен интерес. Според законските одредби, Општина Крива Паланка во 2023 година овие активности ќе ги остварува, насочува и координира преку :

- Општинскиот штаб за заштита и спасување
- Просторни сили за заштита и спасување,
- Комисијата за процена на штета од елементарни и други непогоди на територијата на Општина Крива Паланка
- Територијалната противпожарна единица која ќе дејствува на територијата на Општина Крива Паланка.

**I. Цели:**

- заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, пожари во населени места, во шуми, отворени простори, поплави, сообраќајни несреќи и др;

- заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир и вонредна состојба;

- создавање на услови и можности за организирано остварување и реализација на заштитата на луѓето и материјалните добра;

- обезбедување на навремено истакнување на опасноста, благовремено откривање и елиминирање на причините за настанување на пожари и други видови непогоди;

- обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опременост и координираност на силите за заштита и спасување, справување со кризи и противпожарната заштита.

**II. Активности:**

За реализација и остварување на основните цели на оваа Програма, активностите на Општината и Советот ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за реализирање на програмските определби во доменот на противпожарната заштита и спасувањето, како и заштитата и спасувањето во услови на разни видови непогоди, кризни состојби и други несреќи во мир.

Во оваа насока, активностите претежно ќе бидат насочени кон обезбедување на услови за квалитетна, брза и во законски рамки реализирана активност. Општина Крива Паланка во рамките на своите материјални можности ќе обезбеди услови потребни за квалитетна и технички стручно подготвена единица за противпожарна заштита, која ќе може брзо и ефикасно да дејствува на целото подрачје на Општина Крива Паланка. Создавање на услови за воспоставување, развој и зајакнување на доброволната противпожарна организација со подеднакво учество на жените и мажите во истата на својата територија како и непречено функционирање на останатите субјекти од областа на заштитата и спасувањето на територијата на општината.

**III. Финансирање**

Финансирањето на активностите од областа на заштитата и спасувањето, справувањето со кризни состојби и дејствувањето на Територијалната противпожарна единица, утврдени според оваа Програма ќе биде реализирано од:

- Средства од Буџетот на Општина Крива Паланка;
- Средства од Буџетот на РМ;
- Наплатени премии за осигурување на моторни возила (КАСКО) и осигурување од одговорност од употреба на моторни возила;
- Приходи од сопствени извори за извршени услуги од страна на Територијалната противпожарна единица

**IV. Распоредување на финансиските средства:**

Приходи за противпожарна заштита, заштита и спасување и управување со кризи:

**Приходи**

| | |
|---|---|
| 1. Наменска дотација | 9.900.000,00 |
| 2. Наплатени премии од каско осигурување | 500.000,00 |
| 3. Буџет на Општина Крива Паланка | 1.660.000,00 |

**Вкупно** **12.060.000,00 денари**

**А.) Расходи за противпожарна заштита**:

1. Плати,наемнини и надоместоци за вработените 9.900.000,00

2. Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт 850.000,00

3. Материјали и ситен инвентар 15.000,00

4. Поправки и тековно одржување 365.000,00

5. Договрни услуги (осигурување на вработени и возила) 130.000,00

6. други трансфери 300.000,00

**Вкупно 11.560.000,00денари**

**Б). Расходи за заштита и спасување:**

1. Трансфер на средства 50.000,00

2. Набавка на опрема и средства 200.000,00

**3. Вкупно: 250.000,00денари**

**В). Расходи за управување со кризи:**

1. Трансфер на средства 50.000,00

2. Набавка на опрема и средства 200.000,00

**3. Вкупно: 250.000,00 денари**

**Вкупно расходи А, Б + В: 12.060.000,00 денари**

**V. Други форми на активности за поддржување и помагање на ТППЕ**

Активностите на Територијалната противпожарна единица – Крива Паланка, кои ги надминуваат границите на територијата на Општина Крива Паланка, освен со финансиски средства, Градоначалникот и Советот на Општина Крива Паланка ќе ги помагаат и стимулираат и со:

- одбележување на Денот на пожарникарите;

- учество на Градоначалникот и претставници на Советот на средби и настани организирани од страна на ТППЕ Крива Паланка по разни поводи и прослави

- поддршка и учество во проектни активности

**VI. Завршни одредби:**

За спроведување на оваа Програма се грижи Советот, Градоначалникот на Општина Крива Паланка и вработените во Општина Крива Паланка.

Во соработка со Општинскиот штаб за заштита и спасување, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи и другите надлежни органи и тела, вработените во одделенијата и територијалната противпожарна единица при Општина Крива Паланка, ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзината реализација, како и во покренувањето на иницијативи, давање на мислења и поднесување на предлози во врска со остварувањето на програмските цели и активности.

Програмата влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен гласник на општина Крива Паланка, а ќе се применува од 01.01.2023 година.

**Бр.09-4665/59**
**07.12.2022 година**
**Крива Паланка**

**Советот на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на заштитата и спасувањето,противпожарната заштита и управување со кризи во 2023 година**

1.Се објавува Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на заштитата и спасувањето,противпожарната заштита и управување со кризи во 2023 година,што Советот ја донесе на 17-та седница, одржана на ден 07.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –4665 /60**
**09.12.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 20-б став 1 алинеја 2 и 3 и став 2 од Законот за вработени во јавниот сектор ( Службен весник на РМ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и на РСМ бр.143/19, 14/20), а во врска со член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ( Службен весник на РМ бр.5/02) и член 14 став 1 точка 11 и 41 од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр. 08/2010, 08/2014 ,02/2018, 03/2019, 08/2021), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 07.12.2022 година

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ИЗМЕНАТА НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА 2023 ГОДИНА НА СОУ „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ“ КРИВА ПАЛАНКА**

Член 1

Со оваа одлука Советот на Општина Крива Паланка дава согласност на измената на Годишниот План за вработување за 2023 година на СОУ „Ѓорче Петров“ Крива Паланка

Член 2

Измената на Годишниот План за вработување за 2023 година на СОУ „Ѓорче Петров “ ќе се применува по добиена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Член3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крива Паланка

**Бр.09-4665/61**
**07.12.2022**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за давање согласност на измената на годишниот план за вработување за 2023 година на СОУ ,,Ѓорче Петров’’Крива Паланка**

1.Се објавува Одлука за давање согласност на измената на годишниот план за вработување за 2023 година на СОУ ,,Ѓорче Петров’’Крива Паланка,што Советот ја донесе на 17-та седница, одржана на ден 07.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –4665 / 62**
**09.12.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка (15) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02), член 14 став (1) точка (40) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ (бр. 08/10,08/14,02/18, 03/19 и 08/21), а согласно Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19), Програмата за уредување на градежно земјиште за 2022 година (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.14/21), Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2022 година (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.14/21, 4/22 и 8/22) и Програмата за подигање и одржување на урбано зеленило во Крива Паланка за 2022 година (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр. 15/21 и 6/22), Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 07.12.2022 година донесе

**О Д Л У К А**

**За изменување и дополнување на Одлуката за времено уредување на јавни површини**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за времено уредување на јавни површини бр. 09-1975/23 од 23.05.2022 година и бр.09-3718/27 од 30.09.2022 година(Службени гласници на Општина Крива Паланка бр.6/22 и 10/22).

Во член 2 став 1 од Одлуката по точка 8 се додава новата точка 9 и 10 која гласи:

9. Локалитет под населба Единство кај колективни станбени објекти покрај Кеј на Крива Река на дел од КП3149/1 КО Крива Паланка каде според постоечкиот ДУП е со намена Б1-мали единици за комерцијални и деловни дејности, Д-зеленило, рекреација и меморијални простори и Е-инфраструктура и според постоечки ГУП е со намена А2-домување во згради.

10. Локалитет во населба Осичка мала кај „Вавилон центар“ на ул.„Моша Пијаде“ на дел од КП3677/1 КО Крива Паланка каде според постоечкиот ДУП е со намена Е-инфраструктура и според постоечки ГУП е со намена А1-домување во куќи и Е-инфраструктура.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09- 4665/63** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**07.12 .2022 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за времено уредување на јавни површини**

1.Се објавува Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за времено уредување на јавни површини,што Советот ја донесе на 17-та седница, одржана на ден 07.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –4665 / 64** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**09.12.2022 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 22,став 1, точка 10 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002), член 14, став 1 ,точка 11 и 40 од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен Гласник на Општина Крива Паланка бр.8/10, 08/14 ,02/18, 03/19 и 08/21) Советот на Општина Крива Паланка на 17 – та седница на одржана на 07.12.2022 година донесе

**О Д Л У К А**

За усвојување на Меѓуопштински стратешки план за намалување на ризици од катастрофи на општините Крива Паланка и Ранковце 2022 -2026 година

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојува Меѓуопштинскиот стратешки план за намалување на ризици од катастрофи на општините Крива Паланка и Ранковце 2022 -2026 година .

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка„.

**Број 09-4665/65** **Совет на Општина Крива Паланка**
**Дата 07.12.2022**
**Крива Паланка** **Претседател**
**Изабела Павловска**

**с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за усвојување на Меѓуопштински стратешки план за намалување на ризици од катастрофи на општините Крива Паланка и Ранковце 2022-2026 година**

1.Се објавува Одлука за усвојување на Меѓуопштински стратешки план за намалување на ризици од катастрофи на општините Крива Паланка и Ранковце 2022-2026 година,што Советот ја донесе на 17-та седница, одржана на ден 07.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –4665 / 66**
**09.12.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка (15) од Законот за локална самоуправа

(“Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02), член 14 став (1) точка (40) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка” бр. 08/2010, 8/2014, 2/2018, 3/2019 и 8/2021), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 07.12.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за определување услови и начин за издавање под закуп на недвижни ствари– деловни објекти сопственост на Јавното претпријатие за комунални услуги „Комуналец“ Крива Паланка**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определуваат услови и начин издавање под закуп на недвижни ствари– деловни објекти сопственост на Јавното претпријатие за комунални услуги „Комуналец“ Крива Паланка.

**Член 2**

Предмет на постапката за продажба на издавање под закуп на недвижни ствари– деловнио бјекти сопственост на Јавното претпријатие за комунални услуги „Комуналец“ Крива Паланка на ул.„Илинденска“ бб, Крива Паланка, заведени во ИЛ 3023 за КО Крива Паланка се:

1. Деловен објект со деловен простор зелен пазар исток на КП 767/17 влез 1, ПР 1 намена ДП соповршина од 467 м2 и КП бр.767/17 влез 1 ПР 1 намена ПП со површина од 20 м2 или со вкупна површина од 487м2,
2. Деловен објект на КП бр.767/17 кат 1 зграда1 бр.12 намена ДП со површина од 24 м2 и
3. Деловен објект на КП бр.767/17 кат 1 зграда1 бр.18 намена ДП со површина од 16
   м2 и КП бр.767/17 кат 1 зграда 1 бр.18 намена ПП со површина 9 м2, заведени во
   ИЛ 3023 за КО Крива Паланка.

**Член 3**

Издавање под закуп на недвижни ствари– деловни објекти од член 1 на оваа Одлука, ќе се изврши по пат на електронско јавно наддавање, преку електонскиот систем за јавно наддавање https://e-stvari.mk/ со кој управува ЗЕЛС, согласно одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, со проценета вредност, утврдена согласно Извештај за извршена процена на недвижен имот со реф.бр.22605 од 15.11.2022 година на Проценителска куќа „ШУМАНТЕВИ“ ДООЕЛ Скопје.

**Член 4**

Предметните објекти се дава под закуп за определен временски период од 5 (пет) години.

**Член 5**

Паричните средствата од издавање под закуп на недвижни ствари– деловни објекти од член 2 на оваа Одлука ќе се уплаќаат на жиро сметка на Јавното претпријатие за комунални услуги „Комуналец“ Крива Паланка.

Трошоците за постапката за издавање под закуп на недвижни ствари– деловни објекти ќе бидат на товар на Јавното претпријатие за комунални услуги „Комуналец“ Крива Паланка.

**Член 6**

За спроведување на постапката за издавање под закуп на недвижни ствари– деловни објекти сопственост на ЈП за комунални услуги Комуналец Крива Паланка, Градоначалникот на Општина Крива Паланка со Решение број 08-4558/1 од 23.11.2022 година има формирано Комисија за спроведување на постапка за издавање под закуп на недвижни ствари– деловни објекти сопственост на Јавното претпријатие за комунални услуги „Комуналец“ Крива Паланка.

**Член 7**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Број 09- 4665/ 67**
**07.12.2022 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска**
**с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за определување услови и начин за издавање под закуп на недвижни ствари-деловни објекти сопственост на Јавното претпријатие за комунални услуги ,,Комуналец’’Крива Паланка**

1.Се објавува Одлука за определување услови и начин за издавање под закуп на недвижни ствари-деловни објекти сопственост на Јавното претпријатие за комунални услуги ,,Комуналец’’Крива Паланка,што Советот ја донесе на 17-та седница, одржана на ден 07.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –4665 / 68**
**09.12.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка (10) од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02), член 14 став (1) точка (30) и (40) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка” бр. 08/2010, 8/2014, 2/2018, 3/2019 и 8/2021), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 07.12.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за давање на согласност за издавање под закуп на недвижен имот - деловен објект во сопственост на Општина Крива Паланка со електронско јавно наддавање**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за издавање под закуп на недвижен имот - деловен објект во сопственост на Општина Крива Паланка, во постапка со електронско јавно наддавање.

**Член 2**

Предмет на постапката за давање под закуп со електронско јавно наддавање е деловен објект (деловна зграда вон стопанство и помошни простории) кој се наоѓа на КП.бр.2644, запишана во Имотен лист број 311 за КО Станци, сопственост на Општина Крива Паланка со дел на недвижност 1/1, со внатрешна површина на деловна зграда вон стопанство од 187 м2 и внатрешна површина на помошни простории од 30 м2.

**Член 3**

Спроведувањето на постапката за давање под закуп на недвижниот имот опишан во член 2 од оваа Одлука, ќе се изврши по пат на електронско јавно наддавање, преку електонскиот систем за јавно наддавање https://e-stvari.mk/ со кој управува ЗЕЛС, согласно одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, со проценета вредност, утврдена согласно Извештај за процена на пазарна вредност на недвижен имот со бр.0302/11 од 14.01.2022 година на ДПК „ЛИДЕР ТИМ“ ДОО Скопје.

**Член 4**

Предметниот објект се дава под закуп за определен временски период од 10 (десет) години.

**Член 5**

За спроведување на постапката за давање на користење недвижен имот во сопственост на Општина Крива Паланка, Градоначалникот на Општина Крива Паланка со Решение број 08-1444/1 од 21.04.2022 година има формирано комисија за недвижни и движни ствари, од редот на општинската администрација.

**Член 6**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Број 09- 4665/69** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**07.12.2022 година** **Претседател**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска**
**с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка (10) од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02), член 14 став (1) точка (30) и (40) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка” бр. 08/2010, 8/2014, 2/2018, 3/2019 и 8/2021), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 07.12.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за давање на согласност за издавање под закуп на недвижен имот – деловни простории во сопственост на Советот на Општина Крива Паланка со електронско јавно наддавање**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за издавање под закуп на недвижен имот - деловни простории во сопственост на Советот на Општина Крива Паланка, во постапка со електронско јавно наддавање.

**Член 2**

Предмет на постапката за давање под закуп со електронско јавно наддавање се :

- деловен простор, број на зграда 1, влез 1, намена Б1-17, Приземје, која се наоѓа на КП.бр.7718, запишана во Имотен лист број 2006 за КО Конопница, сопственост на Советот на Општина Крива Паланка, со внатрешна површина на деловна зграда вон стопанство од 64 м2.
- деловен простор, број на зграда 1, влез 1, намена Б1-17, Приземје која се наоѓа на КП.бр.7718, запишана во Имотен лист број 2006 за КО Конопница, сопственост на Советот на Општина Крива Паланка, со внатрешна површина на деловна зграда вон стопанство од 34 м2.

**Член 3**

Спроведувањето на постапката за давање под закуп на недвижниот имот опишан во член 2 од оваа Одлука, ќе се изврши по пат на електронско јавно наддавање, преку електонскиот систем за јавно наддавање https://e-stvari.mk/ со кој управува ЗЕЛС, согласно одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, со проценета вредност, утврдена согласно Извештај за процена на пазарна вредност на недвижен имот со бр.0302/516 од 02.12.2022 година на ДПК „ЛИДЕР ТИМ“ ДОО Скопје.

**Член 4**

Предметниот објект се дава под закуп за определен временски период од 10 (десет) години.

**Член 5**

За спроведување на постапката за давање на користење недвижен имот во сопственост на Општина Крива Паланка, Градоначалникот на Општина Крива Паланка со Решение број 08-1444/1 од 21.04.2022 година има формирано комисија за недвижни и движни ствари, од редот на општинската администрација.

**Член 6**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Број 09- 4665/71** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**07.12.2022 година** **Претседател**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за давање на согласност за издавање под закуп на недвижен имот-деловни простории во с.Конопница,сопственост на Советот на Општина Крива Паланка со електронско јавно надавање**

1.Се објавува Одлука за давање на согласност за издавање под закуп на недвижен имот-деловни простории во с.Конопница,сопственост на Советот на Општина Крива Паланка со електронско јавно надавање ,што Советот ја донесе на 17-та седница, одржана на ден 07.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –4665 / 72** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**09.12.2022 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка (10) од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и член 14 став (1) точка (30) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка” бр. 08/2010, 8/2014, 2/2018, 3/2019 и 8/2021), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 07.12.2022 година, донес

**О Д Л У К А**

**за престанување на важењето на Одлуката за давање на користење на градежна уредена површина на локалитет Градски Базен во Крива Паланка на ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка**

**Член 1**

Со оваа Одлука престанува да важи Одлуката за давање на користење на градежна уредена површина на локалитет Градски Базен во Крива Паланка на ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка со број 09-1160/33 денесена од Советот на Општина Крива Паланка на 11.04.2022 година и објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“ број 5 од 12.04.2022 година.

**Член 2**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Број 09- 4665/73** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**07.12.2022 година** **Претседател**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за престанување на важењето на Одлуката за давање на користење на градежна уредена површина на локалитет Градски Базен во Крива Паланка на ЈП комуналец –Крива Паланка**

1.Се објавува Одлука за престанување на важењето на Одлуката за давање на користење на градежна уредена површина на локалитет Градски Базен во Крива Паланка на ЈП комуналец –Крива Паланка,што Советот ја донесе на 17-та седница, одржана на ден 07.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –4665 / 74**
**09.12.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка (10) од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.05/02), член 14 став (1) точка (30) и (40) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка" бр. 08/2010, 8/2014, 2/2018, 3/2019 и 8/2021), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 07.12.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за давање на согласност за издавање под закуп на недвижен имот – градежно неизградено земјиште со елементи на земјиштето во сопственост на Општина Крива Паланка со електронско јавно наддавање**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за издавање под закуп на недвижен имот – градежно неизградено земјиште со елементи на земјиштето во сопственост на Општина Крива Паланка, во постапка со електронско јавно наддавање.

**Член 2**

Предмет на постапката за давање под закуп со електронско јавно наддавање е недвижен имот – градежно неизградено земјиште со елементи на земјиштето, кое се наоѓа на новоформираните КП.бр.2255/1, КП.бр.256/2 и КП.бр.257/3, место викано Базенот, запишано во Имотен лист број 8694 за КО Крива Паланка, сопственост на Општина Крива Паланка со дел на недвижност 1/1, со површина од 4.371 м2.

**Член 3**

Спроведувањето на постапката за давање под закуп на недвижниот имот опишан во член 2 од оваа Одлука, ќе се изврши по пат на електронско јавно наддавање, преку електонскиот систем за јавно наддавање https://e-stvari.mk/ со кој управува ЗЕЛС, согласно одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, со проценета вредност, утврдена согласно Извештај за процена на пазарна вредност на недвижен имот со бр.0302/512 од 30.11.2022 година на ДПК „ЛИДЕР ТИМ" ДОО Скопје.

**Член 4**

Предметниот недвижен имот се дава под закуп за определен временски период од 10 (десет) години.

**Член 5**

За спроведување на постапката за давање на користење недвижен имот во сопственост на Општина Крива Паланка, Градоначалникот на Општина Крива Паланка со Решение број 08-1444/1 од 21.04.2022 година има формирано комисија за недвижни и движни ствари, од редот на општинската администрација, која се задолжува да ја спроведе постапката за давање под закуп на предметниот недвижен имот - градежно неизградено земјиште со елементи на земјиштето преку https://e-stvari.mk/ .

**Член 6**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

**Број 09- 4665/75** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**07.12.2022 година** **Претседател**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за давање на согласност за издавање под закуп на недвижен имот –градежно неизградено земјиште со елементи на земјиштето во сопственост на Општина Крива Паланка со електронско јавно надавање**

1.Се објавува Одлука за давање на согласност за издавање под закуп на недвижен имот –градежно неизградено земјиште со елементи на земјиштето во сопственост на Општина Крива Паланка со електронско јавно надавање,што Советот ја донесе на 17-та седница, одржана на ден 07.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –4665 / 76**
**09.12.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка (10) од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02), член 4 став (1) точка (30) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка” бр. 08/2010, 8/2014, 2/2018, 3/2019 и 8/2021) и член 14 став (1) точка (30) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка” бр. 08/2010, 8/2014, 2/2018, 3/2019 и 8/2021), а согласно член 3 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 275/19 и 122/21), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 07.12.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за пренесување на движна ствар во сопственост на Општина Струга**

**Член 1**

Со оваа одлука на Општина Струга, се пренесува во сопственост без надоместок движна ствар – товарно возило за специјална намена, цистерна-противпожарна, марка SCANIA, тип T112H6X2/46/, број на шасија YS2TH6X2ZO1118200, индификационен број на мотор 5287282, произведено во 1987 година, со регистерска ознака KU 593 MK, сопственост на Општина Крива Паланка.

**Член 2**

Правата и обврските при пренесување на сопственоста на движната ствар од член 1 на оваа Одлука, ќе се врши со Договор склучен помеѓу Градоначалникот на Општина Крива Паланка и Градоначалникот на Општина Струга.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Број 09-4665/77** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**07.12.2022 година** **Претседател**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска**
**с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за пренесување на движна ствар во сопственост на Општина Струга**

1.Се објавува Одлука за пренесување на движна ствар во сопственост на Општина Струга што Советот ја донесе на 17-та седница, одржана на ден 07.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –4665 / 78**
**09.12.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 11 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21 и 99/22) , член 22 став (1) точка (7) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 14 став (1) точка (11) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка” бр. 08/2010, 8/2014, 2/2018, 3/2019 и 8/2021), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 07.12.2022 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за уредување на начинот и критериумите за доделување на еднократна парична помош и помош во градежен метеријал, потребна документација за остварување на ова право и висината на паричната помош која ја доделува Општина Крива Паланка

Член 1

Со овој Правилник се пропишува начинот на остварување на правото на еднократна парична помош и помош во градежен метеријал, потребна документација за остварување на ова право и висината на паричната помош која ја доделува Општина Крива Паланка на лица во социјален ризик, на корисници на права од социјална заштита и невработени лица евидентирани во системот на АВРМ како пасивни и активни баратели на работа, жители на Општина Крива Паланка.

Основната цел која се очекува да се постигне преку доделувањето на овој вид на помош е обезбедување на транспарентна, социјална, достапна, ефикасна и квалитетна мерка за потребите на корисникот кој е материјално необезбеден и нема средства за егзистенција.

Член 2

Подносителот на барањето за доделување на еднократна парична помош или помош во градежен метеријал, заради добивање на помошта, за себе и за семејството приложува:

1.Фотокопија на важечка лична карта;
2.Уверение за пријавени и остварени приходи од Управа за јавни приходи за последната година (во оригинал);
3. Потврда од Агенцијата за вработување на Р.С.Македонија, за неврботени членови на семејството (доколу се работи за состојба од социјален ризик поради невработеност);
4. Потврда за остварување на право на парична помош од социјална заштита (гарантирана минимална помош, надоместок заради попреченост, надоместок за помош и нега од друго лице, надоместок на плата за скратено работно време, додаток за домување, траен надоместок и еднократна парична помош) - издадена од ЈУ МЦСР-Крива Паланка (оригинал);
5. Фотокопија од Трансакциска сметка;
6. Изјава за давање на согласност за користење на лични податоци во

оригинал.

Комисијата е должна, од поднесителот на барањето да побара на увид во текот на постапката, оригинали за сите приложени фотокопии.

Подносител на Барањето е должен да дава точни податоци , согласно овој Правилник.
Ако се утврди дека барателот дал нецелосни или невистинити податоци истиот го губи правото, согласно овој Правилник.

Документите се доказ во постапката и не се враќаат на барателот.

Член 3

Барањето за остварување на правото на едократна парична помош или помош во градежен метеријал и се доставува до Градоначалникот на Општина Крива Паланка, преку Архивата на Општина Крива Паланка.

Разгледувањето на барањето од одредбата на став 1 на овој член, нивната обработка како и постапување по истите, го врши 5-члена Комисија, формирана од страна на Градоначалникот на Општина Крива Паланка.

Врз основа на приложената документација, пропишана со овој Правилник и Записникот од извршениот увид за утврдување на постоење на социјален ризик, Комисијата доставува до Градоначалникот Предлог за доделување на средства во вид на еднократна парична помош или помош во градежен метеријал.

